Универзитет „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - Скопје

Филозофски факултет

**Институт за социологија**

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

# ИСЛАМСКИОТ ФУНДАМЕНТАЛИЗАМ НА БАЛКАНОТ

**Ментор:**
**Проф. д-р Зоран Матевски**

**Изработил:**
**Славица Тодорова**
**Број на досие: 4830/15**

**Скопје, 2017 година**

## Апстракт

Западот е исправен пред предизвикот на исламистите, кои бараат автономија за одлучување од секој аспект. Постојаното мешање на Западот, конкретно на Америка на Блискиот Исток, е една од причините за отпорот на муслиманите и жестината со која се бранат. Создавање на терористички групации кои сеат страв во светот. Најголем број од жртвите на тие терористички групации се муслимани. Исламот се залага за социјална правда, што го доведува во склад со основните закони за егзистенција.

Преку елаборирање на историското, религиозното и модерното сфаќање на џихадот од исламска перспектива, ќе се направи рекапитулација на тоа што значи верскиот фанатизам пропратен со националистички и етнички призвук од минатото и сегашноста. Компаративниот приод ќе даде увертира, на големата слика која ќе ја имаме, во однос на прегледот на литература кој ќе го истражиме, и она што може да се предвиди во некои идни времиња.

Земјите во развој посебно се засегнати од оваа појава, поради економските и општествени кризи, а сето тоа станува плодна почва за користење на религијата за својот политички и културен тоталитет.

Терористите обично живеат во свој свет, завиткани во патолошко чувство на несомнена праведност на својата кауза. Во овој труд, ќе стане збор за тероризмот, исламскиот фундаментализам, радикализмот. Тероризмот се користи од страна на одредени луѓе за политички цели кои можат да бидат идентификувани.



**Клучни зборови: радикален ислам, исламски фундаментализам, терористички групи, џихад, тероризам, екстремизам.**

## Abstract

Western is straight in front of the challenge of the Islamists, who seek autonomy for decision-making in every aspect. Constant interference in the West, particularly in America in the Middle East is one of the reasons for the resistance of the Muslims and the vehemence with which to defend themselves. Creation of terrorist groups that sow fear of the globe. Most of the victims of these terrorist groups are Muslims. Islam stands for social justice, which brings it into line with the basic laws of existence.

Through the elaboration of historical, religious and modern understanding of jihad from the Islamic perspective, will make a summary of what it means religious fanaticism associated with nationalist and ethnic overtones of the past and present. A comparative approach will give Overture, the big picture that will have, in terms of the literature review that will examine and what can predict some future time.

Developing countries are particularly affected by this phenomenon, due to economic and social crises, and it becomes a breeding ground for using religion for their political and cultural totality.

Terrorists generally live in their own world, wrapped in a pathological sense of unquestioned righteousness of their cause. In this paper, we focus on terrorism, Islamic fundamentalism, radicalism. Terrorism is being used by certain people for political purposes that can be identified.

**Key words: radical Islam, Islamic fundamentalism, terrorist groups, jihad, terrorism, extremism.**

## Содржина


**I - дел Вовед, проблем, цели и методологија на трудот ......................................1**

**1. Формулирање на проблемот на истражување................................................3**

2. Предмет на истражување ..........................................................................4

2.1. Теоретско определување на предметот на истражување............................4

**3. Цели и задачи на истражувањето ..............................................................6**

3. 1. Научна цел на истражувањето ..................................................................6

3.2. Општествено практична цел на истражувањето .........................................6

3.3. Задачи на истражувањето...........................................................................7

**5. Методологија на истражувањето ...............................................................8**

5.1 Извори на податоци.......................................................................................9

**II дел Аспекти на религијата ..........................................................................10**

1. Теории за религијата ...................................................................................12

2. Религија и нација..........................................................................................17

3. Пост модернизам и религија ........................................................................17

**2. Религиски фундаментализам наспроти глобализам ...................................19**

2. 1. Секуларизам..............................................................................................19

2. 2. Ислам и Глобализација..............................................................................22

3. Религиски фундаментализам .......................................................................27

3. 1. Студија: Религиски фундаментализам во Европа ....................................30

**4. Историја и развој на исламот ......................................................................34**

4.1. Концепт на исламот...................................................................................34

4. 2. Шеријатското право, правните прописи и отстапки ................................38

4. 3. Исламска експанзија..................................................................................39

**5. Отоманската империја ................................................................................39**

5. 1. Исламска мисија и визија..........................................................................41

5. 2. Ислам и политика-панисламистички концепт ..........................................42

5. 3. Наследството на Алија Изетбеговиќ..........................................................45

**6. Исламот во европски и балкански контекст ...............................................47**

6. 1. Исламската закана мит или реалност?......................................................47

6.2. Такијаха идеологија за реализација на цели..............................................50

6. 3. Балкански џихад-неоосманизам или неоотоманизам.................................51

**III дел Исламски фундаментализам, радикализам и тероризам ......................56**

**1. Исламски и фундаментализам ....................................................................56**

1. 1. Радикален ислам........................................................................................59

2. Радикалниот ислам и муслиманската жена ........................................ 63
**3. Тероризам ........................................................................................ 64**
3.1. Нато и Еу против тероризмот ............................................................ 66
3. 2. Тероризам и медиуми ..................................................................... 66
**4. Терористички групи ......................................................................... 67**
4. 1. Ал Каеда ........................................................................................ 69
4. 2. Исламска држава-ИСИС ................................................................. 70
3. Тероризмот во светот низ бројки и графикони .................................... 71
3. Вахабизам ........................................................................................ 72
4. Салафизам ........................................................................................ 73
**5. Џихад- "Света војна ......................................................................... 74**
5. 1. Босански џихад .............................................................................. 75
**IV дел Бегалска криза, миграции ......................................................... 77**
**V Студија на случај ............................................................................... 80**
1. Босна ................................................................................................. 80
2. Албанија ............................................................................................ 84
3. Турција .............................................................................................. 87
4. Косово ............................................................................................... 88
5. Република Македонија ....................................................................... 90
**VI дел Методологија на емпириското истражување ................................ 91**
1. Истражувачки прашања ..................................................................... 92
1 .1 . Главно истражувачко прашање ...................................................... 92
1. 2. Посебни истражувачки прашања ..................................................... 92
**2. Интервју ........................................................................................... 93**
**3. Одговори од интервјуто ..................................................................... 94**
**4. Заклучни согледувања од истражувањето ........................................ 137**
**Генерален заклучок ............................................................................. 143**
**Поими ................................................................................................ 147**
**Користена Литература ........................................................................ 149**

# I - дел Вовед, проблем, цели и методологија на трудот

Пост-комунистичкото оживување на исламот на Балканот покрена многу прашања, кои се уште се изучуваат исклучиво во контекст на подемот на национализмот и насилните конфликти од почетокот на 1990-тите. Распадот на поранешна Југославија и жестокоста на конфликтите и насилството, го ограничи истражувањето од одредени значајни настани. (Poulton and Taji-Farouki 1997, 1).[1] Во зависност од историските и социолошките анализи може да се покаже и докаже како од време на време во сите општества доаѓа до кризи и враќање кон религијата. Но, враќањето кон религијата, не мора нужно да значи враќање во црквата. Заживувањето на религијата е условена по длабоката социјална криза. Во тоа време се будат националните чувства и интереси, кои се разбирливи, знаејќи дека тие чувства се испреплетени секогаш. Во време на општествени кризи доаѓа до заживување на религијата сосема очекувано. Верниците не можат да го прилагодат своето однесување на верските норми, но верските норми може да се адаптираат на нивните потреби и интереси (Hamilton, 2003).

Надворешната политика на САД не е во согласност со демократското право, бидејќи во основа меѓународните организации стануваат нејзино средство за економска експлоатација на сиромашните муслимански земји. Од 11.09.2001 година зборот "исламистички" се повеќе се користи од страна на интелектуалците и медиумите и се однесува на терористите и екстремистите.

Денес, повеќе од кога и да е, е потребно да се разбере исламот. Да се изолираат екстремистите и да се стави поголем акцент на религискиот дијалог и соработка, во насока на мир и соживот во општества со мешан етнички и верски состав.

Сонот за единствена држава на сите муслимани, кај дел од муслиманите постои уште од смртта на Мухамед. Создавање на исламски калифат во кој ќе се владее според шеријатското-исламско право. И сунитско-шиитските поделби во исламот се базираат на идеите за формирање на една муслиманска држава-Калифат, како на пример Турција, која ја укинал Мустафа Кемал Ататурк, во 1924 година, кога ја создал секуларна Турција.

Една од формите кои можат да направат своевиден еквилибриум, каде што би се создала рамнотежа на силите, реформисти и конзервативисти оди потешко и мачно.

Иако, толеранцијата, дијалогот и соработката, почиваат на екуменизмот и

[1] Sulstarova, E. 2015. Islam and Orientalism in Contemporary Albania. In The Revival of Islam in the Balkans: From Identity to Religiosity, ed. A. Elbasani and O. Roy. London: Palgrave, forthcoming.
Tošić, J. 2015. The Loudspeaker of Faith in

неговата доктрина и универзализмот кој ги издвојува само заедничките работи меѓу различни религии и верувања, се почесто религискиот партикуларизам кој ги издвојува разликите во однос на „Другиот“станува плодна почва за развој на нетолеранцијата и милитантноста во религиските кругови. Христијанството го има приматот и монополот на „вечна вистина“.

Комунизмот ја забрани, капитализмот ја маргинализира ја стави во позадина религијата, за сметка на благосостојбата во општествата, потрошувачкиот менталитет и хедонизмот. Сегашната криза на капитализмот, криза во идеологијата и криза во културата, во развиените капиталистички општества го зајакна конзервативизмот, а религијата од маргините, од приватноста ја премести во центарот на системот на културни вредности.

Кризните општествени состојби, го поттикнуваат моментот дека доаѓа време за историска и културна рехабилитација на религијата (Vuskovic, 1980).

Саудиска Арабија е типично исламска држава, каде владее исламското право и таа е главен основач и финансиер на Исламската конференција. Верско-политичко тело, формирано како резултат на се поприсутната верска поделеност во исламскиот свет. Политичката состојба на Блискиот Исток, Африка, Азија, ја наметнала потребата за исламско движење, кое ќе го интегрира и обедини исламскиот свет.

Предмет на нашиот интерес е фундаментализмот во исламот, неговите причини и неговите последици врз светот генерално и кај нас. Тоа подетално ќе биде елаборирано преку методолошкиот пристап на овој магистерски труд, каде преку квалитативен метод, ќе се обидам да одговорам на прашањата кои имаат и општествена и научна актуелност. Светот во овој век е пред нова опасност, пред голем безбедносен предизвик, и постојаното преиспитување и потребата од вакви научни обработки, ќе биде потребно во научно-истражувачкиот опус.

Во трудот поопширно ќе бидат елаборирани повеќе поглавја, систематизирани според одреден содржински и временски редослед.

-Религија општо, улогата на религијата во современото општество.

-Исламот како религија-исламот како втора по бројност религија во светот, амбивалентноста од нејзините следбеници, и поларизитетот на секоја од поинаку мислечките страни.

-Балканот, појмовно и географско одредување, негативни стереотипи за Балканот, „неинтегриран“ или Западен Балкан.

- Тероризам -поим, создавање, класификација, терористички групации во светот, Ал Каеда, Исламска држава.

- Ислам и тероризам-исламот како религија, продорот на исламот на Балканот, политичко будење на исламот на Балканот, исламски фундаментализам, ислам и насилството.
- Џихадот во исламот -поим и смисла на џихадот, вредноста и значењето на џихадот за исламот, компарација џихад и џихадизам, џихадот како извор на тероризмот.
- Џихадот како „света војна-Балкански модел (глобален џихад на Балканот, религиската мисија на „Алаховите борци“, план „Балкан 2020“ Балканот и џихадот после 11 септември 2001 година).
- Бегалската криза- опасност за Балканот и Европа почеток на бегалската криза, примери за откриени припадници на Исламска држава, превентива и навремено детектирање на сомнителни лица прикриени под превезот бегство поради други причини.

Студија на случај, каде што подетално ќе се обработи и истражат карактеристиките на Исламската цивилизација, Западот и Европските општества и Балканот. Ќе се направи и анализа на поодделни земји, нивниот правен и политички систем, длабоко секулирани и западно ориентирани, и оние каде исламот, верата се изедначени, и нема отстапки од шеријатското право. Ќе се спореди економскиот, социјалниот и политичкиот дискурс на одделни земји, онаму каде што исламот владее и има ислам држави, и онаму каде глобализацијата, демократизацијата, и плурализмот на општествата, е во потполност спроведена.

**Отоманската Империја** како единица на анализа од дедуктивен пристап.

**Турција,** која формално правно е секуларна држава но тоа е само навидум, суштината е сосема поинаква, и тоа поподробно ќе го презентираме во магистерскиот труд.

**Албанија,** минатото и денес, како била создадена и како денеска егзистира од секуларен и верски аспект.

**Босна** и осврт кон Исламската Декларација на Алија Изетбеговиќ и неговата политичка кариера. **Босна,** како дел од еден процес, кој во континуум ја отсликувал потребата од муслиманското население, и големите исламски центри на чело со Саудиска Арабија, кои гледале во Босна нова Исламска држава.

Џихадот кој босанските муслимани го водеа од 1992-1995 на просторот на БиХ, со тенденција да создадат исламска држава, заврши со Дејтонскиот мировен договор.

**Република Македонија** како посебен мултикултурен, мултиетнички и мултирелигиозен тип на држава, за соживотот со различните од нас и како различните од нас ја имаат перцепцијата едни кон други. Потребата од анализа и обработка на оваа тема, е од едноставна причина што живееме во една мултиетничка средина, каде муслиманите се дел од нашиот живот, наше секојдневие, наши колеги, предност и

потреба е да се биде информиран за религијата и обичаите. Целта на ова истражување за своја основа ги има современите напори, кои постојано настојуваат да ги поврзат научните сознанија со практичниот живот. Оваа врска помалку почнува да се подзаборава, но, во последно време се повеќе се реафирмира. На тој начин, нучниот труд добива нова-продуктивна димензија, а во практичниот живот се отвора простор за ефектуирање на научната креација.

## 1. Формулирање на проблемот на истражување

Проблем на истражување во овој магистерски труд е влијанието на исламскиот фундаментализам на Балканот. Прашањата кои неминовно се наметнуваат и бараат одговори на дилемите поврзани со исламскиот фундаментализам на Балканот и директната закана по безбедноста на државите.

Исламскиот фундаментализам често се меша со "исламизам" (Kramer 2003). Други, пак, исламскиот фундаментализам го гледаат како "индивидуална ориентација кон корените на религиозното верување "од исламизам кој дополнително се карактеризира со" потчинување на политички одлуки под приматот на религијата "(Brettfeld и Wetzels 2007: 56, 63).

Во нашето истражување ќе се обидеме да ја презентираме оваа општествена појава и да одговориме на прашањето како се случува оваа појава и да објасниме зашто ова се случува.

Како крајна цел да се презентира реалната слика за структурата и капацитетот на базите на радикалните исламисти, џихадот, вахабистите, и балканскиот простор како еден вид отворена врата за европскиот исламистички тероризам. Кои насоки треба да се преземат за поголема безбедност на граѓаните и нациите?

Искуството покажало дека последните години се позасилено се мобилизираат многу верници не само од исламска туку и од христијанска религија, и земаат учество во војните што ги води Исламска држава во Сирија и Либија (ИСИС).

Причините се бараат пред се во економската и социјалната состојба на овие семејства, но некои примери покажале и дека добро стоечки фамилии имале искуство со заминување на нивен член од фамилија да се бори во редовите на терористички организаци, кои се причините за таквиот чин ќе ги бараме пооделно во текот на научно истражувачкиот процес.

## 2. Предмет на истражување

### 2.1. Теоретско определување на предметот на истражување

**Религија** - Религијата како систем на општествено единство, Диркем го третира есенцијалниот квалитет на заедништво на религијата како конечен. Колективната природа на религијата беше централна за неговите анализи. Тој заклучил дека религиските ритуали и симболи, претставуваат, во нивните основи репрезентации на општествената група. Овие колективни репрезентации, се начините на кои групата изразува нешто значајно за себе, за сопствените верници. Според тоа учествувајќи во ритуалите на групата, индивидуалните членови, ја обновуваат нивната врска со групата и ги учат и потврдуваат споделуваните значења (Диркем, 1965:257).

**Религиска толеранција** подразбира трпеливост и прифаќање на сите оние кои имаат поинакви религиски определувања и убедувања од сопствените. Таа претставува толерантен однос кон припадниците на различните религиски групи. (Матевски ,2005)

**Ислам**-значи:„потчинување“,„предавање“или„покорување“конБога. Монотеистичка религија која се вбројува во аврамските религии и е втора религија по распространетост во светот. Следбениците на оваа религија се нарекуваат муслимани. Муслиманите веруваат дека Бог ја предал својата божествена реч во облик на откровенија преку разни пророци и дека Мухамед бил последниот Божји Пратеник.[2]

**Вахабизам**-Следбеници на религиозното движење во Саудиска Арабија кои под водство на Мухамед Ибн Абд ел Вахаби во средина на XVIII век, имале тенденција за враќање на исламот во неговата првобитна чистота и едноставност, така неговите следбеници се нарекуваат по нивниот лидер Вахабисти. [3]

**Фундаментализам**-Зборот фундаментализам потекнува од латинскиот збор *фундаментум* што значи основа. Прв пат е употребен во почетокот на 20ти век во дебатите на американскиот протестантизам. Во својата употреба терминот фундаментализам се врзува со сите главни светски религии: ислам, јудаизам, хиндуизам, сикизам и будизам, како и за христијанството па, на него се гледа како посебно религиско – политичко движење или проект а не како проста одбрана на текстовите во Светите книги. Терминот фундаментализам е многу контроверзен. Некои под него подразбираат репресија и нетолеранција, а друг непријател на либералните вредности и личните слободи. За разлика од алтернативните термини како што се традиционализам, конзерватизам, ортодоксија и ревивализам, предноста на фундаментализамот е во тоа што тој изразува специфичен карактер на овој политички

[2] ((https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%98%D1%81%D0%BB%D0%B0%D0%BC))
[3] http://staznaci.com/vahabiti

феномен. Може да се каже дека фундаментализамот настанува во општества кои имаат криза во идентитетот.(Хејвуд , 2005 : 313)

**Исламизам или радикализам -** претставува акција на свесно организиран дел од заедницата на верници, со сите атрибути на политичко движење, чија што основна цел е трансформација на општествените односи на основите на политичката доктрина базирана на исламот. [4]

**Екстремизам** Поимот екстремизам подразбира претераност, непопустливост, непомирливост во држењето и постапките како и склоност кон крајни постапки и погледи (особено во политиката) што реформистите и реакционерите им го припишуваат на револуционерите. (Микуновик ,1999 : 199)

**Тероризмот** — *незаконско користење на сила и насилство од страна на поединци или групи кои имаат директна врска со странските сили или пак, чии активности ги преминуваат националните граници, насочени против лица или објекти со цел да ги заплаши или да го принуди населението или било кој сегмент од општеството во остварување на своите политички или општествени цели. Во денешно време, најголем број на меѓународни терористички организации се спонзорирани од една или повеќе држави. Терористичките организации добиваат целосно поддршка од владите на државите- спонзори односно за своите активности имаат охрабрување во вид на финансиска помош, обука и заштита од една или повеќе влади.* [5]

**Куран-***Муслиманите веруваат дека Куранот е Божја Реч предадена на Мухамед преку Ангелот Габриел на многу наврати меѓу 610 до неговата смрт во 632 год. На Мухамед Куранот му бил објавен на делови (ајети) или неколку делови одеднаш како дел на една целина сура или како една сура во целина. После примањето тој ги соопштил на неговите следбеници и заедно ги практицирале.* [6]

***Панисламизам-*** *идеја која ја подразбира потребата од сите муслимани кои во денешно време се политички поделени во повеќе држави, често во меѓусебни воени конфликти, да се обединат во име на истата религија исламот.* [7]

***Шеријат*** *(арапски за „добро истапкана патека“) е исламско право според традиционалното исламско учење. Куранот претставува главниот извор за исламското право. Вториот извор е сунетот на Мухамед и раната исламска*

---

[4] (https://hr.wikipedia.org/wiki/Islamizam)

[5] https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%A2%D0%B5%D1%80%D0%BE%D1%80%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D0%BC

[6] https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9A%D1%83%D1%80%D0%B0%D0%BD

[7] https://sr.wikipedia.org/wiki/%D0%9F%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D1%81%D0%BB%D0%B0%D0%BC%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D0%BC

*заедница. Сунетот само по себе не е текст како Куранот, но е изваден како анализа на хадисот (арапски за „извештај“), или запишаните усни традиции, кои се во база зборови и учења од Мухамед или содржат раскажувања за мислите и делата на Мухамед. Иџмата (консензус на исламската заедница) и кијасот (аналогно расудување) се третиот и четвртиот извор на шеријат. Во неговите класични облици, исламското право ги опфаќа сите сфери на живеење, од управа и меѓународни односи, до секојдневниот живот.* [8]

## 3. Цели и задачи на истражувањето

### 3. 1. Научна цел на истражувањето

Научниот дискурс на овој проект, во еден дел, ќе ги истакне сумирано позитивните и негативните каракеристики со искуствата на делењето на ист простор со различните од нас. Научен пристап за оформување на перцепција и добивање поголема слика, за современите безбедносни закани за човештвото.

### 3.2. Општествено практична цел на истражувањето

Резултатите од овој научно-истражувачки труд би требало да имаат општествено практично значење. Темата е општествено актуелна и постојано се потребни нови податоци и информации, како би можеле нашите државни органи, навремено да реагираат и да превенираат некоја состојба која претставува безбедносна закана за нашата држава и нејзините граѓани. Најважното е навремено детектирање и изнаоѓање соодветни мерки за спречување на терористичките акции, кои најчесто се инспирирани од исламската верска идеологија. Да се откријат причините, идеолошките основи и општествено-политичките пригоди, кои детерминираат зачеток и ширење на радикалната идеја на глобалниот џихад. Колку радикализацијата на верските групи може да ги дестабилизира општествените односи.

Модерните нации постојано опстојуваат и укажуваат на фактот, дека мора да се издигне свеста на високо ниво, и да се направи напор да се воспостави религиски дијалог и соработка, како крајна цел за премостување на разликите.

За да се достигне таа посакувана цел, потребно е постојано информирање за предноста и убавината за соживот со различните од нас, и да се гледа на тоа само како дополнета и посакувана вредност.

[8] https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%A8%D0%B5%D1%80%D0%B8%D1%98%D0%B0%D1%82

### 3.3. Задачи на истражувањето

-За реализација на претходно поставените цели потребно е да се спроведат одредени активности кои ќе овозможат нивна операционализација. Задачите кои ќе бидат преземени за реализација на поставените цели се:

-изложување на теоретско-концептуалните основи на исламот и неговата радикализација.

-Изложување на исламските политики во исламските општества, западните секуларизирани општества и општествата каде живее мешан етнички и религиозен состав, предности и слабости, нивно компаративно согледување. Ќе се задржиме на анализа на Балканот, Македонија како дел од него но, и пошироко на светско ниво.

-да се согледа коренот на проблемот и како да се направи стратегија практично да се работи на искоренување на фанатизмот и негова замена со религиски дијалог и соработка, истакнувајќи ја религиската толеранција како клучна за условување на дијалогот и соработката.

- Да се утврди кои карактеристики на религискиот фундаментализам негативно влијаат врз религиската толеранција во државата.

- Да се провери претпоставката дека во рамките на религискиот фундаментализам може да се мобилизираат верниците кон милитантно однесување

- Да се испита претпоставката дека кај одредени следбеници на религискиот фундаментализам може да се појават екстремни ставови и однесувања на верски план

- Да се утврди дали Вахабизмот како дел од религискиот фундаментализам го загрозува принципот на религиска толеранција во Р.Македонија

- Да се испита претпоставката дали одредени милитантни кругови на религискиот фундаментализам можат да бидат носители на терористички акции во државата

-Демократизацијата и секуларизацијата на општествата наметнаа потреба од постојано издигнување на свеста за толеранција спрема различноста на другиот. Одржувањето на Конференциите за меѓурелигиски дијалог и соработка, одат во прилог на таа теза, со поттикнување на религискиот дијалог и соработка, како би се премостиле разликите. Влијанието и укажувањето на верските институции околу ова прашање, е повеќе од неопходна, посебно во мешаните мултиетнички и мултиверски средини, каде што имаме мозаик од различни светови.

-Да се испита претпоставката за длабокиот однос меѓу политиката и исламот, и политиката како инструмент за исполнување на интересите на верските фанатици.

-презентација на резултатите од овој магистерски труд.

-За да се најде решение на проблемот со тероризмот треба да се знае неговиот корен. Генезата на тероризмот е од поново време, и особено доби на динамика и на реафирмирана терминологија, со терористичкиот напад на кулите близначки во Њујорк и зградата на Пентагон, како предупредување за лошата американска политика во светот.

-Да се испита на кој начин верските милитантни фанатици, се стекнуваат со нови подржувачи.

-Преку истражувањето би се добила јасна слика за феноменологијата и етиологијата на религискиот фундаментализам во истражуваните средини. Посебно би се одговорило на прашањето дали следбениците на оваа религиско-политичка идеологија се директно поврзани со своите истомисленици на територијата на Западен Балкан и пошироко.

-Истражувањето ќе се обиде да одговори на прашањето колку и како, досегашните екстремни ставови и однесувања на верски план влијаат врз загрозување на безбедносната состојба во државата. Сето тоа ќе им помогне на релевантните фактори да изградат стратегии за справување со негативните аспекти на религискиот фундаментализам.

-Главната цел што треба да се постигне претставува изнаоѓање на соодветни мерки и начини на борба против вакви фундаменталистички милитантни групи, првенствено преку нивно препознавање и навремено откривање.

## 5. Методологија на истражувањето

Методолошкиот пристап на истражувањето е усогласен со поставени цели и истражувачки прашања. Преку ова истражување ќе се обидеме да го истражиме присуството на исламскиот фундаментализам на Балканот, влијанието на исламскиот фундаментализам врз радикализација на општествените односи на Балканот, вклучувајќи и слика за тоа дали е присутен исламскиот фундаментализам во Македонија.

Методите кои ќе се користат во ова истражување се избрани по принцип на соодветност, со цел олеснување на доказот и решавање на анализираните општествени проблеми. Како неопходни методи кои ќе се користат при третирањето на проблематиката за ова истражување ќе бидат: компаративниот и дескриптивниот метод. Овие методи, кои подолу се објаснети, значајни се за фундаменталното спознавање на предметот. Во таа смисла, истражувањето ќе го користи квалитативниот пристап. Како техники за прибирање на податоци за квалитативниот пристап

користевме интервју, дедуктивен, индуктивен метод, студија на случај, со конкретни единици на анализа.

### 5.1 Извори на податоци

*Во анализата на предметот на нашето истражување во теоретскиот дел користев достапна странска и домашна литература за исламскиот фундаментализам и неговите форми. Второ, во емпирискиот дел од трудот ќе бидат елаборирани примарните извори на податоци добиени по пат на интервју.*

Во трудот се користени и секундарни извори на податоци од веќе спроведени истражувања од оваа тематика. Во согласност со нашите напори да ги осветлиме сите страни на предметот на истражување, а следејќи ги современите тенденции во социологијата, се обидовме да ги надминеме границите меѓу различните хуманистички научни дисциплини, и да го земеме социолошкиот метод како примарна важност за предметот што ни е во фокусот на интересот.

Ова истражување не поставува пред предизвик нашите напори во методолошкиот пристап при обработката на темата од наш интерес, да ги организираме во четири сукцесивни фази:

**1.Фаза на прибирање на податоци** во која се врши селекција на базата на секундарните податоци (студии, анализи, монографии, статии во весници, статистички показатели од соодветни институции) кои се однесуваат на темите со радикализацијата во исламот во минатото и во сегашноста).

**2. Прегледување и обработка на селектираните податоци**: испитување на веродостојноста на податоците, организирање на податоците.

**3.Анализирање на податоците:** структурирање на истражувањето, компарирање на податоците од различни извори, идентификување на клучните елементи во истражувањето.

**4. Презентација на резултатите во форма на извештај од истражувањето.** Во извештајот од истражувањето ќе се послужиме со повеќе техники на пишување извештај: нагласување на закономерностите во политиката и реконтекстуализација на истражувањето со поширокатa општествено-економска состојба.

## II дел Аспекти на религијата

Две третини од луѓето се уште тврдат дека се религиозни. [9]Религијата во принцип значи поддржување и ставање на пиедестал на основните вредности како што се чесност, почит, вистинитост, искреност. Тие како такви се догматски производ, универзални вистини. Религиските вредности се претежно вредности кои припаѓаат на традиционалниот модел на однесување. Тие имаат значајно влијание врз целината на вредносниот систем и голема улога врз обликувањето на карактерот на вредносните ориентации (Ацески, 2009: 63).

Дистинкцијата природно/неприродно, се однесува на внатрешниот квалитет на предметот на обожување, дистинкцијата, свето/профано. Доменот на светото упатува кон она кое група верници го одредува како божествено, и го чува од профаното преку посебни ритуали и правила (Диркем, 1965:62).

Религијата може да има важна улога и да им помага на луѓето полесно да се носат со проблемите. Поединците и општествените групи можат да посегнат кон религијата за да им се осигура единственото чувство на идентитет. Можат да ја употребуваат за потврда на супериорноста на поединецот или на општествената група над другите. Таа може да ги мобилизира (да ги направи подвижни) општествените групи, со желба да остварат моќ и влијание во глобализираното општество во кое се чувствуваат маргинализирани или мислат дека тоа им е закана.

Религија значи "повторно да се поврзете" на латински. Дали доаѓа до поврзување едни со други или до исклучување едни од други?

Религиите кои се обидуваат да ги потенцираат посебните разлики многу често се тесно врзани со национализмот. Затоа Бејер смета дека Израел, Иран, Индија и Јапонија се примери на земји, во кои конзервативните (оној кој е против новините, со застарени сфаќања) или фундаменталистички религии (верски фундаментализам е назив за различните политички идеологии и движења) се обидуваат целокупниот општествениот живот да го усогласат со доследно толкување на одредена верска доктрина (учење). [10]

Доколку вклучувањето во разните верски активности играло неспорна улога во неодамнешните војни на Балканот, токму поради способноста за одликување на колективните идентитети и мобилизација на широк слој на популацијата, би било навистина претерано да се каже дека станува збор за верска војна. И уште повеќе што

[9] http://www.wingia.com/en/news/losing_our_religion_two_thirds_of_people_still_claim_to_be_religious/290/

[10] Peter Beyer, 1994, Religion and Globalization

од неодамнешната комунистичка Југославија (1943-1991), мнозинството со задоволство се изјаснуваше за службената атеистичка идеологија. Вистина е дека обновувањето на интересите за верскиот факт, колку индивидуално толку и колективно, кој што следуваше по рушењето на системот на Тито, коинцидира со почетокот на една деценија на војни (1991-2001), создавајќи многубројни интеракции помеѓу војни и религии.

Човекот по природа претставува „политичко битие", односно општествено битие, кое својата човечка природа може да ја обликува само во заедница со другите луѓе. Поради својата немоќ пред смртта човекот бара утеха во религиската духовна конструкција. Затоа религијата отсекогаш имала важна улога во човековиот живот, а верата расте особено кога тој ќе се соочи со смртта и опасностите. Оттогаш, па сè до денес, од севкупноста на човековите заедници, токму државите, а повеќе од две столетија и нациите, ја одредуваат современата светска историја.

Религиозната мапа прикажана подолу дава јасен преглед за важноста на религијата во животот на човекот, спроведена во 2014 година.

**Слика1**




Македонија е една од најрелигиозните нации, а Словенците се на дното на листата во регионот, покажа Галуповото истражување за важноста на религијата во животот на човекот, спроведена во 2014 година.

Според анкетата на Галуп интернешнал, на Балканот најмалку се држат до верата во Словенија и во Црна Гора. Во Словенија 52,5 отсто анкетирани тврдат дека религијата не им значи ништо во животот, а во Црна Гора таков одговор дале 48 отсто анкетирани. Таа цифра во Србија е 46,5 отсто. [11]

Во Хрватска 30 отсто тврдат дека религијата нема значење за нив, во БиХ 29,5 отсто, додека религијата без значење е и за 29,5 отсто од Грците. Во Кипар не даваат значење на религијата 24,5 отсто, во Македонија 20,5 отсто и во Турција само 9,5 отсто. Во светски рамки најмногу „неверници" има во Шведска (83 отсто).

[11] http://vesti.mk/read/news/2107557/691863/istrazhuvanje-makedoncite-se-edni-od-najreligioznite-nacii-vo-regionot

Заклучокот на Галуп е дека колку една држава е поразвиена, толку помало е значењето на нејзините граѓани за религијата.

**Слика 2**




Според погоре прикажаната мапа, се забележува дека жените се повеќе религиозни, за разлика од мажите, во повеќето земји во светот.[12]

Религијата не е само систем на вредности и обреди, таа е основа на цивилизацијата и втемелувач на секојдневните општествени вредности. Во тоа е смислата на денешната основа на Европа, која била создадена на христијански основи, и вредности, каде што доминирал римокатолицизмот. Паралелно со христијанството и римокатолицизмот, навлегол и протестантскиот дух, пример во Холандија и Германија.

Кај нас од искона постои судир, најпрвин помеѓу паганството и христијанството, а потоа помеѓу христијанството и исламот, помеѓу западниот рационализам и активизам и источната пасивност и фатализам.

## 1. Теории за религијата

Некои особини на современите култури, можат да допринесат кон континуирано чувство на криза во значењето. Некои критичари истакнуваат дека комодификацијата на културата од страна на напредниот капитализам, (т.е. културниот продукт на трансформирање на се што е човечко во артикли за купување и продажба на пазар), влијаеше врз нашата способност да доделиме значење на нашите искуства.

„Дури и магливите слики во мозокот на луѓето ќе рече Маркс, и тие претставуваат нужни производи, своевидни испаренија на нивниот материјален животен процес, што може да биде определен со помош на обидот и што е поврзан со материјалните претпоставки. На тој начин моралот, религијата, метафизиката и сличните видови идеологија и формите на свеста што им одговараат, го губат привидот на самостојност. Тие немаат историја, тие немаат развиток; луѓето што го развиваат своето материјално производство и своето материјално општување, заедно со таа своја

[12] http://www.pewforum.org/interactives/religion-gender-world/

стварност, го менуваат и своето мислење и производите на своето мислење. Свеста не го определува животот, туку животот ја определува свеста".[13]

Поделбата на општеството во класи дава раст на политички, етички, филозофски и религиозни погледи на светот, погледи кои ги изразуваат постојните класни погледи, и кои дури се стремат кон консолидација на авторитетот и моќта на доминантната класа.„Мислите на владејачката класа се во секое време доминирачки мисли, т.е., класата која доминира над материјалните сили во општеството во исто време е доминатна духовна сила.[14]

За Маркс историјата на човештвото има двоен аспект: таа е историја на растечката контрола на луѓето над природата, и, во исто време, историја на растечката алиенација на луѓето. Алиенацијата може да се опише како состојба во која луѓето се доминирани од силите на нивната сопствена креација, и конфронтирани со нив како спротивставени сили.

За Маркс, сите големи институционални сфери во капиталистичкото општество, какви што се религијата, државата и политичката економија, се означени од условите на алиенација. Човекот, се додека е окупиран со религијата, може да ја објективизира нејзината суштина преку алиенирано и фантастично битие, вели Маркс.

Чикашката школа била под големо влијание на религијата. Поголем дел од нивните членови биле свештеници, или потекнувале од свештенички семејства. Така, Смол истакнал, „конечната цел на социологијата, мора да биде првенствено христијанска.[15]

„Религиозната алиенација како таква се случува само во сферата на свеста, во внатрешниот живот на човекот, додека економската алиенација е онаа на реалниот живот.

Религијата е опиум за народот, ќе истакне во своите анализи Маркс. „Колку човекот повеќе става во Бог, толку повеќе станува сиромашен тој самиот, неговиот внатрешен свет".

Протестантските идеи, воопшто биле од примарно значење за обликувањето на моралниот поредок и световните интереси на членовите на американското општество.

Некои социолози ќе констатираат дека „од 1854, кога во Соединетите Американски Држави се појавиле првите трудови од социологијата, па се до крајот на Првата Светска војна, социологијата била морален и интелектуален одговор на проблемите на американскиот живот и мисла, институции и креда".

---

[13] Маркс/Енгелс, Од раните трудови..., 403

[14] Марск/Енгелс, „Германска идеологија, Фоербах"...393

[15] George Ritzer, Modern Sociological Theory, .....54.

Според овие социолози, американската мисла цврсто се придржувала на протестантските интереси во избавувањето на светот и само го заменила јазикот на религијата со оној на науката".[16]

Оваа врзаност со протестантизмот е уште една причина за недоволната присутност на критиката во однос на легитимниот поредок на општеството.

Борбата за опстанок, манифестира извесна униформност кај човечките битија, а таа униформност е заснована на некои трајни карактеристики на нивната природа. „И покрај тоа што желбите на луѓето се многу комплексни „Нив ги одржуваат четири големи мотиви на човечката акција кои се универзални во човековата природа и во човечкото општество. Тие се гладот, сексуалната страст, суетата и стравот".[17]

Функционалните дефиниции за религијата го вклучуваат сето она што супстанцијалните дефиниции го идентификуваат како религија, но, тие најчесто се многу пошироки. Двата пристапа, супстанцијалниот и функционалниот, би го дефинирале феноменот на Калвинизмот, Римо-католицизмот, Методизмот.

Гирц (1963:13) истакнува дека неговата дефиниција за религија на пр. би вклучувала голф-не само затоа што личноста го игра со страст, туку ако голфот е согледан како симболика на некаков трансцедентен поредок. Функционалните дефиниции често како „религија" ги вклучуваат феномените како што се:Маоизам, Марксизам, психологизам, спиритуализам, па дури и атеизам.

Некои теории претпоставуваат дека општеството бара културна интеграција (т.е. заедничко јадро на верувања, вредности и обврски). Ако религијата е дефинирана како потреба за остварување културна интеграција, тогаш теоријата имплицира дека религијата е неопходна за интеграција во општеството.

Многу засилено се чини во последните години стапи на сила и се засили чувството на етноцентризмот, како да стана идеологија на новото време. Идејата дека религијата не е она што беше, има одредена емпириска поддршка. Падот на членството во американските водечки протестантски цркви, кој се протега назад до 1950-тите, (Руф и Меккини, 1987). Покрај растот (и скорешниот пад) на христијанската десница (Фоулер и други, 1999:137-154) американските религиски организации го немаат ни одблиску општественото влијание кое тие го имале два века порано. Европа исто така трпи пад на религиското влијание. Во Британија, се забележува религиски пад, според некои истражувања, од 30% на 14% од возрасната популација помеѓу 1900 и 1990 (Брус, 1999:213).

---

[16] Arthur J. Vidich and Lyman M. Stanford: American Sociology: Wordly Rejections of Religion and Their Directions, цит. по: Ritzer, цит. дело, 51

[17] Willian Graham Sumner, Folkways, цит. по: Флетцхер, цит. дело, 504

Во американското општество, умирањето и смртта станаа голема закана за значењето. Овој проблем на значење делумно резултира од потценување на традиционалните теодиции; порано користените објаснувања станале помалку задоволителни за многу личности.

Смртта и умирањето станаа генерално секуларизирани процеси, и проблемот околу нивното значење стана акутен.

Тезата за цивилна религија е важна затоа што таа предлага дека религиската форма постои за обединување на дури и многу поделени, хетерогени општества. Цивилна религија е „било кое множество на верувања и ритуали, поврзани со минатото, сегашноста и иднината на луѓе („нација'') кои се разбираат на некој трансцендентален начин“ (Хамонд, 1976:171). Цивилната религија е изразување на кохезија на нацијата. Таа ги надминува деноминациските, етничките и религиските граници. Таа вклучува ритуали преку кои членовите комеморираат значајни национални настани и ја обновуваат нивната посветеност на општеството.

Верувањата и практиките кои се однесуваат на паранормалните случувања и наднаучните објаснувања и техники се дел од она што генерално се нарекува окултно. Окултизмот е множество тврдења кои се контрадикција на поставените (т.е. официјални) научни или религиски знаења. Овој фокус на аномалното го прави окултното да изгледа непознато и мистериозно (Труци, 1974а:246).

Терминот окултно се однесува на квалитетот на знаење кој е прикриен и таен, и, со тоа претставува извор на скриена моќ. Езотеричното и окултното биле дел од западното општество уште од нивното зачнување.

Периодот на просветителството на европското општество ги означи почетоците на обидот да се одвојат научните начини на спознавање од религиските и езотеричните основи на знаење, но многу широко рангирани иновации, почнаа во „зародишот“ на езотеричното. Модерната медицина, хемијата, психологијата должат многу на езотеричните науки од раните времиња (Тирјакиан, 1974:272, 273).

Тајните друштва биле дел од неофицијалната религија. Мистериозни култови, кабалистички групи, слободни масони, и росикруционизмот, за пример за нивните рзлични форми. Мистеријата и воодушевувањето го опкружуваат езотеричното знаење, заштитено од тајното општество и ритуалите за иницијација го симболизираат прифаќањет на членот на секое ниво на тајното знаење. Заштитата на оваа тајност ја унапредува солидарноста на групата (Карнес, 1989, Кертцер, 1988; Зимел, 1906; Тирјакиан, 1974:266, 267).

Додека традиционалните „ортодоксни“ репрезентации од официјалната религија може да се меѓу одбраните компоненти, другите елементи се црпат од

популарната култура-колумни за совети од весници, популарна инспиративна литература, стихови од популарна музика, популарна психологија, хороскопи, курсеви за медитациски техники во ноќни училишта и така натаму. (Лакман, 1967:103-106). Според секуларната нарација, главна причина за ова опаѓање во религиското верување е плурализмот: фактот дека современиот свет зближува многу луѓе со многу различни погледи и дека современите општества од нив очекуваат да се однесуваат цивилизирано едни кон други, со толеранција на нивните разлики. Друга причина е рационализацијата, се цени рационалното размислување, законот на рационалноста зема примат во современите демократски општетсва.

Религијата е индивидуална и општествена. Личното религиозно искуство како што е конверзијата е волонтерско и субјективно, а сепак е сместено во општествени услови и добива смисла од општествените конвенции. Кога индивидуата е во контакт со таквото религиозно искуство, користените симболи на интерпретација се општествено детерминирани. Има многу гледишта на религијата кои од страна на разни мислители, европски или американски различно се перципираат. Во западните општества, голем акцент е ставен на формалните верувања. Религиското образование се состои од информирање на децата во што верува групата; децата читаат религиски текстови и објаснувања, учат за принципите на религијата-катехизам (на пример одредби на пропозиции кои верникот треба да се согласи), го изучуваат светото писмо, слушаат проповеди.

Христијанството и јудаизмот ставаат голем акцент на интелектуалното и формалното верување. Во, другите култури, меѓутоа когнитивниот аспект на религијата, е релативно небитен. Значајните аспекти на религија, ги вклучуваат ритуалот, религиското искуство и заедницата. Во тие култури децата учат за се што е релевантно за нивната вера со учество во групни церемонии и имитирање на искуствата на постарите. Ваквите аспекти на религијата се однесуваат не само на религијата на индивидуата, туку повеќе генерално на начините на кои религиската група се анализира себе си, за да се фокусира на споделените значења. Секоја религија во себе го вклучува когнитивниот аспект. Верувањето во зли духови им помага на луѓето да објаснат други аспекти во нивниот живот, како на пр. причината за недобивање на работа и чувството на депресија и страв.

Улогата која цивилната религија ја има во општеството варира во однос на односот кој постои меѓу одредените религии и цивилното општество.

## 2. Религија и нација

Во поново време на прашањето: Кој си ти?, скоро никој повеќе не одговара: Јас сум православен, муслиман, католик или протестант. Сега скоро без исклучок на ова прашање одговорот е следен: Јас сум Македонец, Албанец, Турчин, Србин или Хрват. Уште повеќе, сите со гордост ја истакнуваат својата етничка припадност. Тоа значи дека состојбите на Балканот во последните два века се менуваат од корен. Потребата за припаѓање и поистоветување со нацијата е посилна од религиската идентификација и партиципација(Šusnjić,1998).

Најголемиот број од социолошките истражувања во оваа сфера покажуваат еден интересен податок. Тоа е дека религијата и нацијата немаат логичка врска. Во прилог на тоа стои фактот дека верата е наднационална и универзална категорија. Меѓутоа, сепак и покрај овие неспорни факти, овие две општествени појави се во нераскинлива психолошка поврзаност и таен сојуз. Особено во време на етнички конфликти се засилува и верската нетрпеливост. Само тогаш се случува едно несфатливо поистоветување на верата со нацијата. Во останатите „мирни времиња“ тоа не е случај ( Ramet,2008 ).

## 3. Пост модернизам и религија

Пост модернизмот како реакција на модернизмот, но тоа не е друга идеологија од модернизмот во секоја смисла. Тоа е од клучно значење за неколку идеи на модернизмот кои предлагаат ослободување од угнетувањето, манифестирано во културата, јазикот, законите, обичаите, религијата итн Еклектицизмот и слободата на изразување, како реакција на ригидноста, непотребниот акцент на рационализмот и естетските ограничувања на модернизмот, се белегот на постмодерната мисла.

Постмодернизмот се однесува на културни, интелектуални и уметнички движење, но нема јасен принцип како централно организирање. Пост модернизмот вклучува сложеност, противречност, двосмисленост и разновидност. Постмодернизмот како филозофија е исто така критична кон просветителските универзалии. Постмодернизмот како филозофија тврди дека вистината не постои во било која објективна смисла, таа е создадена наместо откриена. На постмодернистите се дава ново секуларно тројство, толеранција-различност-избор. Постмодернизмот поддржува "нов вид на површност" во кој модел работите во однос на "внатре" и "надвор" (како што херменевтиката,дијалектиката, Фројдовата репресија, итн) се одбиени. Пост

модернистичките идеи се чини дека се погодни и силно поврзани со феминистичкото движење, расната еднаквост, движењата за правата на хомосексуалците, па дури и на мировното движење, како и разни хибриди од овие.[18]

### 4. Религија и образование

Новата демографска студија на PEW, направила попис и истражување од податоците на 151 држава, (Македонија не е опфатена во ова истражување) студијата исто така пронаоѓа големи родови празнини во образованието кај некои светски религии. На пример, муслиманките во светот имаат просек од 4,9 години школување, во споредба со 6,4 години меѓу муслиманите од машки пол. Оваа студија е прво сеопфатно испитување за разликите во нивото на образование кај припадниците на религиите, која покажува големи разлики во просечното ниво на образование меѓу верските групи.

Овие пропусти во образованието делимично се и резултат на тоа каде се сконцентрирани верските групи во светот.[19]

**Слика 3**




**Слика 4**




Според горенаведените слики, може да се согледа големото влијание на образованието врз размислувањата на верниците. Онаму каде што имаме голем процент на образовани верници, половите разлики не се доведени до израз, за разлика од помалку образованите верници. Таму е поголем јазот меѓу половите релации.

Ако плурализмот подразбира алтернативен поглед и спротивност на еднообразието и едноумието, тоа дефинитивно не е својствено за религијата. Затоа што „верскиот идентитет е универзален во смисла на тоа дека ги брише етничките, расните,

[18] Ahmed Shaikh SALMAN – Ph.D. Candidate and Independent Researcher; IBA, Karachi, Pakistan is a researcher in Islamic Economics. He is author of “Proposal for a New Economic Framework Based on Islamic Principles”. He has also written 20 papers on Islamic Economics and more than 60 articles.

[19] http://religija.mk/istrazuvanje-religijata-i-obrazovanieto-vo-svetot-evreite-najobrazovani/

класните, па на некој начин, теоретските и половите разлики, но во исто време и партикуларен во заедница со други верски идентите со различен поглед на светот“[20]

Од кој социјален и образовен статус се припадниците на светските терористички организации и дали има некоја корелација на образованието, социјалниот статус, со регрутирање за терористички дејствија дава приказ светски познатиот американски центар за истражување PEW. [21]

Посакувано и пожелно е верските заедници исклучиво да продолжат да бидат чувари на моралниот кредибилитет на верниците и како такви позитивно да влијаат врз прифаќање на религиски другиот во едно мултиконфесионално општество. Само на тој начин ќе ја оправдаат нивната искреност во ширењето на принципот на религиска толеранција и само на тој начин вистински и искрено ќе се приближат до своите верници.

Религијата, како низ историјата така и денес, во одредени сегменти се прилагодува на културната средина во која егзистира, а тоа подразбира одредена отвореност и одење донекаде во чекор со современието. Религијата во почетокот на минатиот век, како да беше ставена во позадина, и не беше толку агресивно и наметливо манифестирана. Иако имало различни етапи кога нејзиниот интензитет се менувал, секогаш прикриено, и низ други форми се покажувала вистинската намера и позадина.

## 2. Религиски фундаментализам наспроти глобализам

### 2. 1. Секуларизам

Секуларизам е принцип на одвојување на владините институции, како и личностите одредени да ја претставуваат државата, од религиските институции и религиските достоинственици. [22]

[20] Zorica KuburicReligija izmecu regionalnog I univerzalnog identiteta стр.217

[21] Всушност, според Пју статијата од 2006 година, "...се покажало дека примањата и образованието не се поврзани со терористичките активности. Нема генерализации во односот колку поголем степен на образование толку посклност кон терористички активности, или пак колку помал степен на образование и сиромаштија, толку поголема инклузивност во терористички акции и групации. Имено и испитувањето на избирачките податоци од палестинските центар за политика и истражување,Alan Krueger and Jitka Maleckova (2002) исто така, заклучиле дека, за разлика од многу конвенционалната мудрост, сиромаштијата и нискиот степен на образование не се клучни во однос на поддршката на тероризмот ". Со овие податоци се добива впечаток дека нема еднозначни објаснувања за злото во светот економската нееднаквост. Постојат лоши луѓе за различни причини.

[22] https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%A1%D0%B5%D0%BA%D1%83%D0%BB%D0%B0%D1%80%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82

Изворот на секуларизацијата се бара во индустрискиот економски систем. Според Бергер, секуларизацијата може да биде проучувана и согледана како глобален феномен на современото општество но, таа не е униформно дистрибуирана во нив. Различни групи може да бидат различно зафатени од нејзе. Секуларизацијата вклучува процеси преку кои секторите на општеството и културата се издвојуваат од доминацијата на религиозните институции и симболи. Исламската заедница се уште се оправува од трауматската ера кога муслиманските влади и империи се симнати од власт и присилно подложени на странците, на правилото на неверниците "(Луис 1976 година, стр. 49). Овој поглед потсетува на јазикот кој се користи од страна на самите исламисти во објаснувањето зошто муслиманите никогаш нема да го прифатат секуларизмот и приватизацијата на религијата. Слична интерпретација имаат важна група на научници кои го свртеа своето внимание на природата и историјата на секуларизмот. Во одговорот на "Проектот на фундаментализмот Marty & Appleby (1991–1995), Mahmood (1994) пишуваат " дека секуларизмот ретко се проблематизира како универзално идеален".

Еден од клучните маркери за живот во мешани средини е социјалната толеранција. На Универзитетот во Торонто и Универзитетот во Тубинген, се користеле податоци од Светско Истражување на Вредностите преку кое се истражуваат вредностите и верувањата на луѓето, нивните промени во текот на времето, и какво општествено и политичко влијание тие имаат. Тие направиле споредба од аспект на расната, имигрантската и верската толеранција од возраста, полот, нивото на образование, религиозноста, економскиот развој, економската нееднаквост и други фактори во муслиманските земји и западните земји.

Социологот Роберт Андерсен вели „Ние сакавме да видиме до кој степен ова го има во земјите каде мнозинството се муслимани споредбено со Западните земји. [23]

"Откривме дека луѓето кои живеат во муслиманските земји во просек се помалку толерантни од луѓето кои живеат на Запад", нагласил еден од истражувачите Brym. "Сепак, значителен дел од причината за оваа разлика е во тоа што муслиманските земји имаат тенденција да бидат помалку економски развиени и повеќе економски нерамноправни за разлика од Западните земји".

**Нивната студија, исто така, утврди дека:**

- социјално нај-толерантна категорија на луѓе се оние луѓе кои не живеат мулимански начин во Западните земји.

[23] https://phys.org/news/2014-08-liberal-democracy-muslim-majority-countries.html#jCp.

- во муслиманските земји, не постои никаква разлика помеѓу христијаните и муслиманите во однос на нивното ниво на социјална толеранција. Во најмалку една западна земја Франција, христијаните се помалку толерантни од муслиманите.

"Нашите наоди укажуваат на тоа дека, во муслиманските земји, природата на социо-економските услови и политичките режими поддржуваат релативно високо ниво на општествена нетрпеливост. Земајќи ги предвид овие фактори, исламот се уште има значителен ефект на нетолеранција во муслиманските земји , но тоа е во голема мера, бидејќи државата и религијата се толку цврсто испреплетени ", нагласува Brym.

Индустријализацијата, урбанизацијата, секуларизацијата и истакнатиот процес на сеопфатниот рационализам, се новите карактеристики на новата доба. По крахот на комунизмот, Западот има потреба да "препознае нова идеолошка опасност". Така исламот се претвора во најголемиот предизвик и закана за новиот светски поредок. "Транснационалниот ислам трајно почна да се гледа како новиот глобален, личен непријател на Западот[24]

Благодарение на глобалната економија, ТВ, глобалните комуникации во големите градови, знаците на глобалната култура се насекаде. Сведоци сме на зголемување на глобалната култура со колективен модел на живот.

Не е тешко да се заклучи, што има зад ваквите дефиниции на новиот културен империјализам. Како што влегуваме во новиот свет на гигантски држави, глобална екномија, супер стил, на комуникациски мрежи и информации, така влегуваме и во новиот свет на глобалната култура. Најважниот фактор во транснационалната организација на постиндустриската економија, е развојот на информациските и комуникациските технологии, кои се интегрираат во глобалната инфраструктура.

Преиспитувањето на последиците од масовните медиуми не е возможна без основните социолошки категории-општествена моќ, бидејќи е важно да се знае чии пораки и чие знаење течат низ комуникациските канали, и кој ги поседува или контролира тие канали (Mek Kvejl, 1994).

Во мултиетничките и мултконфесионалните општества, медиумите имаат важна улога кога станува збор за отсликувањето и градењето на културната разноликост во општеството. Новинарскиот пристап со кој медиумите ги претставуваат одделните општествени групи, начинот на кој се фокусираат или ги опишуваат негативните појави и процеси, може отворено или суптилно да поттикнува стереотипи, етноцентризам, ксенофобија и говор на омраза.

---

[24] Džon Espozito, "Islâmskata zaplaha – mit ili realnost"- str. 9

Конечно се остварува визијата на Маршал Меклуан за „глобално село“ во 1990-тите. Конкурентскиот пазар е идеално место за средба на културите и за обединување на светот, а тоа значи со новите технологии и најзафрлените катчиња на светот можат да станат дел од меѓународната медиумска заедница“ (Меклуан, 1969).

Кои се параметрите на нашата “секуларна ера“ во рамките на десекуларизацијата на светот.[25]Исламот имал капацитет во изградбата и зачувувањето на верскиот плурализам, впрочем и доказ за тоа се еврејските и христијанските енклави што опстојувале толку време. Но, бранот кој го зафати исламскиот свет, во иднина има намера да ги демантира овие тврдења. Поголема демократија на Блискиот Исток води кон помала верска толеранција.

Иако како таква религијата на почетокот на минатиот век, како да беше ставена во позадина, со текот на времето, поточно во овој период кога муслиманите се населуваат во разни места масовно и организирано, од една или друга причина, а, тоа е најчесто бегство од граѓанската војна што се случува на Блискиот Исток, бегајќи од тие војни, се менува и политичката и демографската конфигурација. Се создава нетрпеливост меѓу Исламот и Западот, и тоа како да води кон еден неизбежен меѓуцивилизациски судир. Предвидено уште од Хантингтон, со неговите теории, дека поради идеолошки разлики, ќе избијат конфликти меѓу народите. Дали Сад премногу се заиграа во својата сопствена игра, склучувајќи пакт со џихадистите за соборување на власта во арапските земји, па во таа игра изгореа. Го потценија исламскиот феномен.[26]

## 2. 2. Ислам и Глобализација

Глобализацијата е процес, кумулативен, однос кој се надоврзува на друг процес на инвентивност, надградба, промена, комплекс од низа процеси, а не само еден процес (Albrow, 1990; Гиденс, 2003; Held et al, 1999; Nash, 2000).

Исламот има воспоставено поран облик на глобализација. Западот со глобализацијата сака да се наметне врз целиот свет, да поставува свои правила, а, оние кои нема да го усогласат своето право на посакуваниот начин, добиваат тортура од големи размери. Исламот на своевиден начин и тој сака да има глобализирачка улога во целиот свет, да ја покори целата Земјина топка, да воведе исламски тип на уредување, на чело да стои

[25] See Charles Taylor, A Secular Age (Cambridge, MA: Harvard University Press, 2007) and Peter L, Berger, ed., The Desecularization of the World: Resurgent Religion and World Politics (Grand Rapids, MI: Wm. B. Eerdmans Publishing, 1999).

[26] Hantington, S. (2000). Sukob civilizacije. Podgorica: CID.

еден верски водач, кој истовремено ќе биде и верско и државно лице, се да биде подведено под влијание на шеријатот-исламското право. Тука се создава поларизитет на двата концепта. Едниот на Исламот и другиот на Западот конкретно Америка. Затоа и исламот се спротивставува на тој империјалистички глобализам – новата супер идеологија. Глобализмот е директно посочен како фактор, што предизвика бунт во Исламската цивилизација и кај следбениците на исламот, во неговата изворна форма.

Секој ден, расте бројот на жртви од организираните терористички акции. Се добива впечаток дека како пропорционално расте бројот на регрутирани исламисти, така расте бројот на напади насекаде во светот. Во понов период се детектираат успешно личности кои се сомничат за тероризам, и преку успешна соработка меѓу националните држави на интернационално ниво, системот за антитероризам и безбедност, охрабрувачки дејствува.

Сите нации прават огромни напори, што поуспешно да се спротивстават на овие појави, на овие форми на инфилтрирање и сеење идеологија која се коси со здравиот разум и разбирање. По 11 септември 2001-та година, се креираат две појави-исламски фундаментализам или меѓународен тероризам, и втор исламофобијата, која зема големи размери меѓу немуслиманското население насекаде во светот.

Најважната политика на САД, оттогаш се базира на борбата против тероризмот, кој своето оправдување го пронаоѓа во исламот, без оглед на тоа што многу муслимани одбиваат да го прифатат исламскиот легитимитет на политичката организација како што е Ал Каеда, подоцна ИСИС, и многу други.

Падот на Берлинскиот ѕид, неуспехот на либералниот социјализам со Митеран, во Франција, атентатот од 11 септември, креираше нови односи во светот. Политиката се повлекува во корист на религијата, и се случува Судир меѓу цивилизациите. Имаме блок на христијански цивилизации, Европа и Америка наспроти Исламската цивилизација.

Растот на апетитите на САД, за да може да стане глобален хегемон во целост, морал да прави некои отстапки, со тоа што дозволи на своја територија да прими потенцијални сојузници, кои имале различна религиска и културна традиција. Во денешно време САД е земја, во која религиската слобода е основна слобода. Глобализмот е директно посочен како фактор, што предизвика бунт во Исламската цивилизација и кај следбениците на исламот, во неговата изворна форма. Глобализацијата претставува економски, политички и културен процес кој е детерминиран од брзиот развој на полето на транспортот и комуникациите, а кој е всушност воден од поделбата на големите корпорации за освојување на нови пазари. Глобализацијата е контроверзен процес.

Питер Бејер смета дека глобализацијата вклучува ситуација во која народите, културите, државите и цивилизациите кои порано биле помалку или повеќе изолирани едни од други сега неизбежно делуваат едни на други. Тоа има два спротивни ефекти. Од една страна се поголема е опасноста од избивање на судири помеѓу различните култури, кои сега се во исто општество, бидејќи може да доведе до неразбирање и непријателство. Од друга страна, сите поблиски контакти помеѓу различните култури и религии може да ги смали разликите помеѓу нив, па со тоа и да се смали можноста од судири. [27]

Секоја генерација се соочува со различен тип на економски, политички и социјални услови. Нема лесна формула за предизвикот неправда и промовирање на демократијата. Освен ако ја знаеме историјата, имаме повеќе разбирање колку далеку ние имаме дојдено, колку имаме за истражување, и што уште треба да измениме за да го направиме животот, поцивилизиран, подемократски и похуман.

Во услови на екстремна глобализација, империјализам од страна на Западот, конкретно од Америка, Блискиот Исток силно се спротивставува на тој тренд, и одбива да ги усогласи своите правни и морални начела, со она што го агитира Западот.

1. Економската глобализација преставува во прв ред креирање и утврдување на правила за единствениот светски пазар за слободен проток на стока, капитал преку државните граници.

2. Политичката глобализација е тесно поврзана со економската глобализација. Постоењето на единствениот светски пазар ја намалува можноста на националните држави да го поттикнат развојот на сопствената економија со поставување на правила кои даваат предност на сопствените фирми. Местото на донесување на одлуки, тој центар, се пренасочува од државните на меѓународните институции, со што се намалува можноста на луѓето преку директни избори на претставниците на власта, да влијаат на сопствениот развој.

3. Културната глобализација е средба на различни култури и обичаи. Проток на стока, капитал, услуги и луѓе преку државните граници, носи со себе и проток на навики, обичаи и култури. Овој процес кај различни луѓе предизвикува различни реакции. Некои сметаат дека влијанието на новите култури е позитивен развој кој ја надоградува постоечката култура, додека за други во новата култура гледаат закана на веќе утврдените вредности и правила.

Глобализацијата во себе вклучува две спротивни димензии:

-економска ефикасност (супериорност)

---

[27] Peter Beyer ,Religions in Global Society Jul 29, 2006

-социјална инфериорна страна

За едни е објективен и спонтан процес, за други пак, таа е исклучиво проект за доминација на Западот, американизација на светот. Додека за едни таа означува интеграција во светот, за други таа предизвикува длабок јаз и дезинтегрираност меѓу поединците и групите во општеството. Глобализацијата во себе ги сублимира и позитивните и негативните димензии. Тој поларизитет доаѓа оттаму, што се очигледни и позитивните придобивки од тој процес, но, има и негативни продукти кои што ги чувствуваме сите ние.

Глобализацијата го подобрува животот на голем број од популацијата, но, доколку не се поведе сметка за дискриминацијата и експлоатацијата, таа истовремено доведува до маргинализација и социјално исклучување на цели подрачја од светот и општествени групи (жените, старите, инвалидите, мигрантите).

Демократизацијата и секуларизацијата на општествата наметнаа потреба од постојано издигнување на свеста за толеранција спрема различноста на другиот.

Европа го користи ориентализмот да се дефинира себе си како цивилизирана и супериорна што е спротивно на истокот претставен како егзотичен, примитивен и нецивилизиран. Според тврдењето на Edward Said's (1997) Covering Islam, Исламот е претставен како религија на насилство и неговите следбеници се поврзани со екстремизмот, тероризмот и фундаментализмот. Овој феномен бележи пораст во модерните времиња, особено по нападите на 11 септември на кулите-близначки во САД, од страна на Ал-Каеда. Edward Said's (1997) кажува за тоа како светот гледа на исламот како религија.

Саид истакнува дека ако знаењето е моќ, тогаш способноста за контрола на знаењето е со уште поголема моќ. Тоа се однесува на моќта на медиумите за контрола и филтрирање на информации; на тој начин неговата способност да се сокрие и да манипулира со вистината и создаде перцепции и ставови. Тој тврди дека западните медиуми многу селективно филтрираат преку медиумските корпорации што да се пренесе во етерот. Што треба да се знае за исламот и муслиманскиот свет. Исламот е портретиран како неподнослив, застарен, анти-интелектуалистички, екстремен, назаден, како причина за светските конфликти и опасност.[28]

Слично на тоа, Сулејман (1999) заклучува: "Постојат многу научни студии на американскиот печат и медиумското покривање на Блискиот Исток. Речиси едногласно, овие студии само покажуваат дека постои медиумска пристрасност против Арапите / муслимани и Арапите се рутински прикажани во негативно светло на

---

[28] Edward Said's (1997) Covering Islam

телевизија и во филмовите. Често, тие се претставени како неразумни, дури и глупави, примитивни, агресивни и насилни. На жените се гледа како необразовани, угнетени и послушни.[29]

Муслиманите според некои албански интелектуалци се лесен плен на големите империјалистички сили, затоа што се политички разединети и често пати се жртви. Голем број муслимани поради поделеноста и разединетоста, копнеат за воспоставување на една заедничка муслиманска држава и воспоставување на Калифатот кој им бил укинат 1922 година. [30]

Муслиманските земји се богати со природни ресурси, и се цел на големите империјалистички сили. Постојаното мешање на САД на Блискиот и Средниот Исток, и нивно мешање во внатрешната политика на земјите, создаде голем отпор кај муслиманското население во овие земји. Директен одговор се многубројните побуни и несогласувања со таквите режими и соборување од престолот на многу владетели блиски со Западот. Раѓањето на исламските држави во средината на 20-тиот век и нивното политичко колебање меѓу реформизам, фундаментализам и модернизам, постојаното мешање на САД на Блискиот и Средниот Исток, поради свои лични интереси, економско техничката и политичка глобализација која наметна т.н. „апартхејд" помеѓу богатите и сиромашните, сите тие причини доведоа до кулминација и поларизитет меѓу Западната и Исламската цивилизација.

Сето тоа ескалираше на 11 септември 2001 со терористичкиот напад на кулите близначки во Њујорк, и зградата на Пентагон. Оттогаш перцепцијата на светот за глобалниот тероризам не е иста. Меѓународниот тероризам стана глобална закана за човештвото?

Во книгите на Мирослав Јевтич, направена е детална анализа за прифаќањето на албанскиот народ во Америка, неговото образование, живот, неговата навидум вестернизација, само до моментот додека не се исполни комплетната мисија, а, потоа бројни примери, кога токму таквите специјализирани кадри, кои имигрирале во Америка, стануваат директна закана за нејзината безбедност. Америка, доколку се погледне историски, нејзиното влијание и директна поддршка на албанските муслимани, сигурно не очекувала ваков расплет на односите. Тие истите кои биле топло пречекани од САД, сега стануваат опасни по светот. Своето стекнато западно обазование, го ставаат на располагање на терористички групации, оние радикални

[29] Michael Suleiman. Arabs in America: Building a New Future Paperback – November 17, 1999
[30] http://dubai-portal.com.mk/?p=34265

исламисти, кои сеат семе на омраза насекаде на Земјината топка, и се директна закана, не само за Америка туку и за целиот свет.[31]

Во специфичниот Балкански контекст, каде што има силна релација на националното и религиското, политизацијата на исламот, после падот на комунизмот, и демократизацијата на општествата од Бившата Југословенска држава, се манифестира како зачеток на идејата за радикализација.

Ренесанса на идејата за создавање на исламски држави, по примерот на Иран, првобитната држава Саудиска Арабија, поставување на исламското право шеријатот како верско и правно начело, како државна религија за сите кои спаѓаат под нејзина територија.

На времето прикриено, преку политичките партии опстојувала и тлеела таа идеја, која влијаела на многу општества да станат тоа што се денеска. Примерот со Косово, создавање на Исламска држава на Балканот, иако во минатото најмногу надеж за таква држава се давало на Босна и Херцеговина, тоа не успеало со Босна, но се создала нова држава. „Исламот е вера која има јасна доктрина, вера која се базира на системот на мистерии, моралот и концептот на верата." Холидеј во својата книга целосно посветена на исламот - го дефинира исламот како општествен и политички систем ... како политички објект -за општествена анализа, и како општествена сила во конотација на меѓународните односи ". [32] Таа притаена, ново континуум идеја, и натаму опстојува кај тврдокорните муслимани, кои не прифаќаат промени и доследно се држат до постулатите на традиционалниот ислам, и неговиот пророк Мухамед.

Во денешно време идеите кои биле прикриени, сега добиваат нова форма на дејствување, многу посурова, отворена и тенденциозна.

"Исламската закана - мит или реалност" ако се земе в предвид, статистиката, која ја наведов во текстот, ќе се разбере од потребата за максимизирање на сите капацитети за големата опасност со која се соочува човештвото.

### 3. Религиски фундаментализам

Бог е во сите ствари, вели една Латинска поговорка[33].

1 „Еврејската религија е едно старо дрво од кое израснале две гранки кои ја покрија целата земја, исламот и христијанството; или уште подобро, таа е мајката која родила две ќерки, а тие ѝ зададоа многу рани, бидејќи помеѓу најблиските религии владее најголемото непријателство. Но, колку лошо да постапија ќерките со мајка си,

---

[31] Jevtić, M. (2011 ). "Albansko pitanje i religija" . Beograd

[32] Fred Hollidei, Islam i mit sučeljavanja, str. 2.

[33] Латинска поговорка: Бог е во сите ствари.

таа и понатаму се гордее со тоа што ги родила; таа се служи и со едната и со другата за да го опфати целиот свет, додека самата за себе, од друга страна, со својата чесна старост ги опфаќа сите времиња“[34].

Човекот по природа претставува „политичко битие“, односно општествено битие, кое својата човечка природа може да ја обликува само во заедница со другите луѓе[35]. Преку историските етапи, предвесникот на новиот свет го наоѓаме во цивилизациските почетоци од периодот на XV и XVI век и тоа од феудализмот и апсолутната монархија, преку уставната монархија, па сè до раѓањето на националните држави и на нациите, чиј што супститут и до денес претставува повеќеслоен феномен. Од општествена гледна точка религиозниот фундаментализам се смета заназаден, немодерен и инхерентно спротивставен на промената.

Ова е особено карактеристично за „Аврамовите“ религии, кои се повикуваат на светата „книга“: христијанството, исламот и јудаизмот. Религиозните фундаменталисти што им припаѓаат на овие религии ги земаат нивните дефинирани догми од светите книги каде што се запишани. Со други зборови кажано, светите книги им се основа на овие три религии кога се повикуваат на волјата на Бога. Понекогаш тие се манифестираат како конзервативни (африканските христијански фундаменталисти), понекогаш тоа се политички реформисти или дури и револуционерни (некои исламски групи), а понекогаш се ксенофобични, расистички и реакционерни (некои еврејски фундаменталистички групи).

Модерната цивилизација почива на секуларистички идеи, според кои религијата е преместена во приватната сфера на поединецот. Не можеме да зборуваме за елементи на религиски фундаментализам во некоја религија се дотогаш додека изразувањето на религиските чувства кај поединците остануваат во сферата на приватното и не го попречува нормалниот живот и истата таква слобода на припадниците на другите религии. Одредена религија се трансформира во фундаменталистичка во оној момент кога според интерпретацијата на едно верско учење се бара воспоставување на такви општествени односи во кои се кршат правата загарантирани со Општата декларација за правата на човекот.

Во обид да ја мапираме главната оска околу која се движи овој нов светоглед неминовна е примената на историскиот метод преку кој ќе се обидеме да ја утврдиме границата до каде навистина се допираат либералната демократија и исламот. Во оваа насока, ако земеме дека демократијата ја претпоставува слободата и еднаквоста на

---

[34] Charles de Secondat, Baron de la Brède et de Montesquieu (1689-1755)

[35] Аристотел, Политика, Загреб, 1992. стр. 3.

граѓаните и дека истата го изразува полниот политички субјективитет, слободата на мислењето, разновидноста на политичките групи, одвоеноста на религијата од државата, како и низата на групни и индивидуални права кои влегуваат во спектарот од економски, политички и културни принципи, во тој случај ќе ни стане сосема јасно зошто е вклучено алармантното црвено светло кон растечкиот исламски фундаментализам и кон создавањето на западниот светоглед кој гради една стереотипна претстава за исламот и за муслиманите воопшто како „опасност од милитантни фундаменталисти"[36]

Дефанзивноста на религиозните фундаменталисти доаѓа од верувањето дека тие се под закана од модернизацијата и секуларизацијата или доаѓањето на некои за нив непријателски групи со различна етничка, културна или религиозна припадност. Фундаментализмот преставува само одговор на предизвикот на глобализацијата. Идејата е да се воспостави морален систем, но на традиционални вредности. Она што преставува опасност кај фундаментализмот е тоа што само една традиција е прифатлива (секако својата), а сите други традиции, религии, погледи на свет се неприфатливи.

Во светот денес има околу 1,3 милијарди муслимани кои живеат во повеќе од 70 земји. Исламот никогаш не бил само религија. Тој во исто време е и комплексен начин на живот со детални упатства за моралното, економското и политичкото однесување на поединците и општествените групи.

Во јануари 2008 година, секретарот на САД за внатрешна безбедност Мајкл Чертоф предупредил дека Европа ризикува да стане" платформа за терористи "сериозна закана за себе, како и за САД и остатокот од планетата.[37]
Широко распространетата интелектуална определба за мултикултурализмот го засилува трендот дозволувајќи им на муслиманските имигранти и нивните деца да живеат одделно од европското општество. Во теорија, мултикултурализмот смета дека сите култури се подеднакво достојни за почит. Сепак, ефектот на овој концепт, според британскиот колумнист Мелани Филипс, е дека: [Мултикултурализмот] смета дека сите малцински вредности мора да имаат еднаков статус со оние на мнозинството. Секој обид да се придржуваат вредностите на мнозинството во однос на малцинствата е еден вид на предрасуди. Тоа води кон процес на уништување на самата идеја да се биде дел од културата на мнозинството. [38]Суштинската карактеристика на исламскиот фундаментализам е идејата дека исламските религиски принципи треба во исто време

---

[36] Армстронг, Керин, Битката за Бога, ЕвроБалкан пресс, Скопје, 2008. стр. 495.
[37] Kate Kelland, ''U.S. Says Europe poses terrorism threat.'' Reuters, Jan. 16, 2008
[38] Helen Nugent and Nadia Menuhin, ''Muhammed is No 2 in boy's names.'' The Times, Jun. 6, 2007, at http://www.timesonline.co.uk/tol/news/uk/article1890354.ece.

да бидат и главни принципи на општествениот, моралниот и политичкиот живот на една држава. Од тука следи интенцијата за примат на религијата над политиката. Тоа во пракса значи дека треба да се воспостави "исламска држава" на теократски принципи, наместо световна држава во која религијата е одвоена од политиката. Во теократската држава има преклопување на религијата со политиката. Со неа наместо световен владее духовен авторитет кој ги применува принципите на теократското право како кодекс за легално и исправно поведение, со систем на казни за сите оние што го прекршуваат Шеријатското право.

САД преземаа воени дејствија против ИСИС, заедно со неколку свои сојузници. Нападите од воздухот започнаа на 8 август 2014 година и до почетокот на јуни 2015 година тие чинеле во просек дневно 9,1 милиони долари, или вкупно 2,7 милијарди долари. Според податоци на Пентагон досега биле разурнати или барем оштетени 7 655 цели на ИД, меѓу кои 98 тенкови, 325 џипови и др. Очигледно е се поголемото присуство на религијата во политиката. Ерупцијата на оваа појава посебно дојде до израз од 11.09.2001 година, со рушењето на кулите близначки во Њујорк и кога беше тешко оштетена зградата на Пентагон во Вашингтон. Спрема бројни извештаи, анализи, полициски истражувања, судски процеси, за тој акт беа осудени припадниците на организацијата Ал Каеда, политичка терористичка организација која својата идеологија ја базира на исламот. Тоа е одлучувачкиот датум, дека религијата влезе на голема врата во политиката. [39]

Исламот има свое големо влијание и врз економијата во муслиманските земји. Исламските банки, за разлика од западните финансиски институти, не работат со камати и кредити, и со тоа се усогласени со Куранот. Одредбите во Куранот се стари 1.300 години, а во светот има околу 500 финансиски институти, кои дејствуваат во согласност со нормите од Куранот, и кои во арапските земји наводно располагаат со капитал од преку 700 милијарди долари. Исламските банки за своите пари не бараат камати, како што пропишува и Куранот, туку од религиозните должници од светот на исламските банки бараат такси за административни трошоци.

### 3. 1. Студија: Религиски фундаментализам во Европа

Религискиот фундаментализам се дефинира на три начини:

-Дека верниците мора да се вратат кон вечното и непроменливо правило кое лежи во минатото

---

[39] Jevtić, Miroljub,2012 Problems of Politology of Religion,Center for Study of Religion and Religious Tolerance, Belgrade).

-Дека тоа правило дозволува само една интерпретација и до тоа се држат сите верници
-Дека религиското надвладува над секуларното право.[40](Koopmans, 2015)

Студија Koopmans "врз основа на истражување спроведено во 2008 година на 9.000 Европејци, се споредува верскиот фундаментализам од имигранти, деца и внуци, на турските и мароканските имигранти, муслимани (сунитски муслимани и во помала мера Алелвити) од турско и мароканско потекло и европски христијани (католици, протестанти, адвентистите, Јеховините сведоции и Пентекосталците) во Германија, Франција, Холандија, Белгија, Австрија и Шведска, земји со долга историја на генерации на имиграцијата. "Генерално, помеѓу 40% и 45% од европските муслимани имаат фундаменталистички религиозни идеи, тоа е дека тие се согласуваат со трите дефиниции на овој термин. Австрија е земја со најголем процент, 55%, додека во Германија има најниска стапка на 30% ", објаснува Koopmans.

Според научникот, фундаментализмот не е маргинален феномен меѓу муслиманите во Западна Европа. "И покрај тоа што поголемиот дел од муслиманите имаат полиберални ставови за религијата, овој мал број на фундаменталистички муслимани е значаен", истакнува истражувачот кој додава дека иако овие ставови кои се широко распространети "не се универзални, за европските муслимани".

Резултатите покажуваат дека ако првата и втората генерација се смета и секоја дефиниција се земе самостојно речиси 60% ќе се вратат на корените на исламот, 75% сметаат дека постои само една интерпретација на Куранот на која секој муслиман треба да се држи, и 65% велат дека верските правила се поважни отколку правилата на земјата во која живеат. "Сепак, во втората генерација на муслимани нивоата се малку пониски (помеѓу 50% и 70%)," вели експертот.

Според студијата исламскиот фундаментализам, исто така познат како исламизам, преовладува во Европа во споредба со христијанскиот фундаментализам, во која само 4% од христијаните ги дели идеите на трите изјави на дефиницијата.
Помеѓу Протестантите, фундаментализмот достигнал 12%.
"Сите фундаменталисти се строго религиозни, но тоа не значи дека сите строго религиозни лица се фундаменталисти. Строгата религиозност почесто се поврзува со исламскиот фундаментализам отколку со христијаните", тврди авторот.

Покрај тоа, христијанскиот и исламскиот фундаментализам опаѓа кога социјалниот и економскиот статус е поголем", тоа особено доаѓа до израз во муслиманската заедница", укажува социологот. Сепак, "иако во Европа верскиот фундаментализам е повеќе распространет во исламот, во САД тоа е христијанскиот

[40] https://phys.org/news/2015-01-islamic-fundamentalism-marginal-phenomenon-europe.html#jCp

фундаментализам, особено меѓу протестантите, за кој има најголема поддршка", забележува Koopmans, кој истакнува дека според податоците од студијата не може да се изведе заклучок за останатиот дел од светот.

Во Шпанија, со поновата историја на имиграција, кои поради оваа причина не се вклучени во студијата, следбениците на религиозниот фундаментализам, особено исламот, стигнаа до слични бројки. Една студија спроведена од страна на Истражувачкиот центар American „PEW Research Centre„ откри дека исламските фундаменталисти сочинуваат повеќе од 30% од следбениците. "Всушност, не постои голема разлика во европските земји", вели истражувачот."Она што е релативно нова појава во фундаментализмот е порастот на насилството, поврзано со ситуацијата во Сирија и Ирак која служи за влошување на проблемот", смета Koopmans. Други студии тврдат дека помеѓу 10% и 15% од муслиманите во ЕУ се подготвени да го користат насилството за да ја бранат својата вера.

Иако насилството не мора да биде дел од оваа идеологија, непријателството кон други надворешни групи, вклучително и хомосексуалци, Евреи и од Запад (во случај на муслиманите) или муслимани (во случај на христијаните) е очигледен. Како целина, муслиманите се покажаа дека се повеќе непријателски настроени кон гореспоменатите групи, помеѓу 25% и 30% се за отфрлање на тие групи. Христијанското непријателство учествува со5%. Сепак, независно, христијанските фундаменталисти покажаа поголемо непријателството кон муслиманите (повеќе од 50%) и кон Евреите (меѓу 30 и 35% од христијанските фундаменталисти беа откриени дека се со непријателски чувства кон различните).

Во случај на исламски фундаменталисти, повеќе од 70% од симпатизерите чувствуваат непријателство кон хомосексуалците, Евреите и кон Западот.

Религиозниот фундаментализам е тесно поврзан со непријателство кон другите надворешни групи“ вели Koopmans. Но, социјалните и економските нивоа, исто така, имаат влијание. Лицата со висок социјален и економски статус се потолерантни и помалку ксенофобични.[41]

Зголемувањето на степенот на секуларизација, го зголемува степенот на исламски фундаментализам.

Grace Davie е против теоријата на секуларизацијата. Таа верува дека религијата не е во опаѓање, но зазема поинаков пристап, повеќе приватизиран пристап. Посетеноста на ниво на црквата е намалена, но таа смета дека тоа се должи на личен избор, а не тоа да биде обврска. Како резултат на тоа, таа верува дека ние сега имаме

[41] https://phys.org/news/2015-01-islamic-fundamentalism-marginal-phenomenon-europe.html

верување без припаѓање, мислејќи каде луѓето ги извршуваат своите религиозни верувања, не одејќи во црква или во други верски објекти, тоа значи традиционалната религија се намулува но затоа пак се формираат нови видови на религија. Нови форми на религијата.,[42] „Верување без припаѓање“ (Davie, 2000) .

Роберт Пејп, професор по политички науки на Универзитетот во Чикаго има база на податоци на сите самоубиствени бомбашки напади во последните 20 години.„Факт е дека прва во светот по самоубиствени напади е групата Тамилски тигри во Шри Ланка. Оваа група извршила 75 од вкупно 188 во целиот свет. Затоа, поврзувањето на исламскиот фундаментализам со самоубиствениот тероризам е погрешно“, истакнува тој. Тамилските тигри се сепаратистичка група со марксистичка идеологија. Се верува дека оваа група за прв пат го употребила таканаречениот “самоубиствен елек“ во кој се става експлозив, што напаѓачот го облекува и го активира кога ќе биде на целта.

Секаде каде има самоубиствени бомбашки напади, вели господинот Пејп, има заедничка нишка. „Не се поттикнати од религијата, туку од јасна стратешка цел. Она што е заедничко за сите самоубиствени терористички кампањи во последните 20 години е дека групите што ги извршуваат сакаат да ги принудат либералните демократии да ги повлечат воените сили на територијата која терористите ја сметаат за татковина, од Либан, преку Шри Ланка, Кашмир, па се до блискоисточниот Западен брег“, вели . [43]

Од вкупно 28 земји-членки на Европската унија, Франција го има третиот најголем број на имигранти кои ја поминале границата во 2014 година, со нешто помалку од 400.000 жители, покажуваат податоците на Евростат. Додека Франција го зазема петтото место на листата на земји на ЕУ со најголем број на не-државјани како жители во 2014 година, со 4,4 милиони евра, а на четвртото место меѓу земјите со најголем број на побарано државјанство, со повеќе од 105.000, тоа се наоѓаше на второто место Најголеми зголемување на побарувањата за француско државјанство со скок од 8.300 помеѓу 2013 и 2014 година. Како и многумина од земјите-членки на ЕУ, Франција бележи пораст на популарноста на својата конзервативна екстремистичка партија, Националниот фронт. На регионалните избори во декември, групата, предводена од страна на Марин Ле Пен и обликувани од политиката за безбедност, национализам, антиимиграциска и анти-Ислам, политика освоила 28 отсто на локалните избори, за разлика од 11 отсто пред пет години. Но, тоа не беше доволно за да извојува победа за да биде претседател на Франција.

---

[42] http://www.pewforum.org/2005/12/05/believing-without-belonging-just-how-secular-is-europe/
[43] http://mk.voanews.com/a/a-42-a-2003-09-25-4-1-86485822/445474.html

# 4. Историја и развој на исламот

## 4.1. Концепт на исламот

Зборот "ислам" е арапски збор што значи "покорност на волјата на Бог". Овој збор доаѓа од истиот корен како арапскиот збор "салам", што значи "мир". [44]Исламот се појавил како религија, која на арапски му била објавена на Мухамед. Меѓутоа неговата порака не била наменета само за Арапите, туку била за сите луѓе. Исламот е според верувањето на муслиманите, единствено права и универзална религија. Повеќето Арапи се муслимани, но голем број муслимани не се Арапи. Тие припаѓаат на разни нации и раси и се со муслиманска вероисповед.[45]

За муслиманите исламот е начин на живот. Втемелен е на 5 правила или столбови. Прво, не постои друг Бог освен Алах; Пророкот Мухамед е негов гласник, Второ; На Алах мора да се молат пет пати на ден. Трето; барем еднаш годишно треба да дадат милостина на сиромашните; Четврто муслиманите треба да постат помеѓу утрото и вечерта, посебно за време на месецот Рамазан. Петто; муслиманите барем еднаш во животот треба да одат на аџилак во Мека.

Муслиманите се молат на Бога во џамиите и се повикуваат на молитвите пет пати во текот на денот, во време запишано во Куранот. Муслиманскиот верски водич се нарекува имам. Во текот на молитвата, верниците стојат во првите редови позади имамот. Мажите и машките деца стојат заедно, а жените и девојките стојат одвоено од нив. Сите гледаат во имамот, и го повторуваат она што тој ќе го направи. За муслиманите најважен ден е петок.

Во исламот се празнуваат два големи празници. Првиот е Еид-Ал-Фитр, празникот на успешен пост во текот на месецот на Рамазан. Рамазан е периодот од пост и молитви кои траат месец дена и тоа се однесува на времето кога ангелот Гаврил, му се појавил на пророкот Мухамед. Во текот на Рамазан од утро до вечер, мора да постат сите муслимани постари од 12 години. Штом на крајот на Рамазан се појави млад месец, почнува празникот Еид-Ал-Фитр, кој трае три дена. Луѓето за таа пригода се облекуваат во најубавата облека, и си даруваат подароци меѓу себе. Во џамиите се изговараат молитви.

Вториот празник Еид-Ал-Адха, празникот на Жртвата, затоа што тогаш се принесува жртва - курбан, се прославува на крајот на аџилакот. Од сите муслимани се очекува барем еднаш во својот живот да одат на аџилак во Мека.

---

[44] http://www.islam-guide.com/truereligion/A_Brief_Introduction_to_Islam.htm
[45] Исто

Аџилакот трае неколку дена, меѓутоа патниците мора да останат во Саудиска Арабија, две до три недели, и да ја посетат џамијата на пророкот Мухамед во Медина и другите свети обележја.

Исламскиот календар се заснова на месечевите мени, така што муслиманските празници паѓаат секоја година на друг датум. Исламската мисија е претставување на рационалната вистина. Тоа не е прогласување на еден настан, или на една идеја, туку претставување, вреднување за вредност на вистината, на една пропозиција, на фактум, кој има теоретска (метафизичка) и практична (етичка) важност за човекот. Денешните екуменисти, поборници на меѓурелигискиот дијалог, толеранцијата и соживотот, ја истакнуваат потребата од потенцирање на универзалистичките особини на религиските системи, не навлегувајќи и не потенцирајќи ги посебностите, бидејќи тие секогаш се извор на конфликт и судири, т.н. партикуларизам.

Исламот не е само религија, тоа е комплексен начин на живот, кој се мисли дека ги има одговорите на сите прашања во целиот човечки животен век, и тие треба да се бараат единствено во религијата.

Имајќи во предвид, дека религијата е догматска, еднаш засекогаш дадена, и како таква, нема компромис и отстапки, во самиот круг на следбеници и ден денес се појавуват повеќе струи, едни кои се склони кон традицијата, не сакаат промени од наметливиот, според нив Запад, и реформатори, кои сакаат промени за унапредување на својот живот и своите поколенија.

Тие традиционалисти, некогаш стануваат екстремни во некои свои согледувања, нетрпеливи и нетолерантни спрема своите и не го оправдуваат современото, стануваат подготвени за ектремности, фанатизам, кој создава нов профил на незадоволници, т.н. вахабисти, исламски фундаменталисти. Мислејќи дека преку една милитантна обоеност на религиската доктрина, ќе успеат да го спречат модерниот тек на влијанија од западот, и преку насилие, крвопролевање, ќе ги оправдаат своите постапки пред Алах. „ Но, вистината е дека исламот не е име на религија, ниту име на муслиманската нација.

Во реалноста, исламот е револуционерна идеологија и програма која има за цел промена на општествениот поредок на светот да ја усогласи со нивните услови и идеали.Муслиманот е името на меѓународната револуционерна партија во организација на исламот да ја спроведат во дело религиозната програма.

Џихадот се однесува на револуционерната борба и крајниот труд кој исламската партија го спроведува со наведената цел“[46]Истражувањето кое неодамна го објави

[46] часопису „Таквим" за 1992, који штампа Председништво Удружења исламских свештеника БиХ

американскиот Центар за истражување на глобалното христијанство на тема „Христијанството во глобален контекст од 1970 до 2020" покажува дека муслиманите се најбрзо растечка популација во Европа, но и во јужна Европа или Балканот. Како што покажува студијата најголем раст во бројот на своите наследници во регионот на Балканот ќе забележат муслиманите, па така нивниот број од 2,9 отсто од 1970 година ќе порасне на 6,8 отсто до 2020 година, што е раст од околу четири отсто.[47]Почнувајќи од 2009 година, повеќе од 1,5 милијарди или околу 23% од светската популација се муслимани. Од нив, околу 62% живеат во Азија-Пацифик, 20% на Блискиот Исток и Северна Африка, 15% во супсахарска Африка и околу 2% во Европа и Америка.[48]

Слика 5



Муслиманските земји (и мнозински подрачја) во светот.

Така во Европа во 1970 година биле 655 милиони христијани и биле 75 отсто од европската популација, додека тој број во 1910 година изнесувал 94,5 отсто. Исто така, на тлото на Европа во 2010 година имало 78,6 отсто христијани, додека во 2020 година се очекува да бидат 744 милиони, т.е. 78 отсто од вкупната европска популација.

Според тоа, бројот на христијаните во претходните 40 години значително не се менувал. Од друга страна, муслиманите во 1970 година биле 2,7 отсто од европското население, додека се очекува до 2020 година да бидат дупло повеќе, т.е. 5,9 отсто од жителите во Европа, најмногу поради зголемените миграции и високата стапка на наталитет во однос на припадниците на други вери. Тоа воедно е и најголем пораст на една религиска група на тлото на Европа во изминатите 50 години.

Според Мирослав Јевтич, и неговата анализа за исламот и неговите косеквенци на просторот на Балканот, вели дека сите создадени републики од некогашна Југославија, каде денеска живеат муслимани, кај сите нив постојат симпатии за современа Турција, од податокот дека да не биле Османлиите и нивното пет века владеење, немало исламот да постои како религиска доктрина во целост. [49]

Според Nawwab "Исламот е прикажан како религија на насилството, идолопоклонството, развратот. Пророкот бил прикажан како итар политичар,

---

[47] http://www.idividi.com.mk/vesti/evropa/889432/index.htm

[48]https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9C%D1%83%D1%81%D0%BB%D0%B8%D0%BC%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8_%D1%81%D0%B2%D0%B5%D1%82

[49] Jevtić, M. ( 2011 ). Political Relations and Religion,.

сексуален развратник, натрапник, и анти-Христ. Болните ефекти може да се видат и во сегашноста"(Nawwab: 2001: 12).

Според Бернард Луис, животот на пророкот Мухамед е поставен меѓу поделбата на ставовите на муслиманите. Тој вели дека современиот ислам е поделен на два вида: еден е авторитарен и друг е радикален и активистички. На две фази во кариерата на пророкот, едниот на отпорот, а другиот на владеењето, и двата се рефлектираат во Куранот, каде што во различни поглавја, верниците се вклучени да го почитуваат Божјиот претставник и да не го послушаат фараонот, парадигмата на неправедност и тирански владетел . Овие два аспекти на животот и работата на пророкот инспирирало две традиции во исламот: авторитарна и радикална.[50]

Тинк-тенк RAND3 корпорацијата објавила монографија со наслов "Граѓанскиот демократски ислам „ Партнери, ресурси и стратегии "од страна на Шерил Бенард, во кој авторот ги поделил муслиманите во четири категории:

1. Фундаменталисти кои ги отфрлаат демократските вредности и современата западна култура

2. Оние што сакаат авторитарна, пуританска држава каде што ќе ги реализираат своите екстремни ставови на исламскиот закон и морал. Тие се подготвени да ги користат иновациите и модерната технологија за да се постигне таа цел

3. Традиционалистите кои сакаат конзервативно општество. Тие се сомнителни во однос на модерноста, иновациите и промените

4. Модернисти кои сакаат исламскиот свет да стане дел од глобалната модерност. Тие сакаат да се модернизира и реформира исламот и да се доведе во согласност со модерното време. [51]

Авторот на монографијата радикалите ги става во категоријата фундаменталисти, а фундаменталистите ги дели во две под категории: Библиски фундаменталисти пример иранските Шиити револуционери како и Саудиските Вахабистички поддржувачи.

Вторите помалку се занимаваат со буквалното гледање на исламот, тие се значително послободни во својата интерпретација, дали намерно или поради незнаење на православната исламска доктрина. Тие обично немаат никаква "институционална" верска припадност, но имаат тенденција да бидат еклективни и автодидактични во нивното познавање на исламот.

[50] Bernard Lewis, The Revolt Of Islam: When did the conflict with the West begin, and how could it end?, The New Yorker, November 19, 2001 2 Bernard Lewis, The Crises of Islam, Orion Books Ltd. London, 2003, p. 10 Page 3 of 10

[51] think-tank RAND3 corporation released a monograph entitled "Civil Democratic Islam; Partners, Resources and Strategies" by Cheryl Benard, in which the author divided the whole Muslims into four categories;

За разлика од исламот, христијанството е исклучок меѓу религиите и само тоа овозможува секуларен принцип на политичка организација. Тоа е фокусна точка. Затоа што некој може да биде најтврдокорен христијанин, а да прифаќа секуларен тип на држава. Американските Амиши се најсоодветен пример за горенаведеното. Но, во исламот, религијата не се дели од политиката. Тоа е едноставно невозможно. Во исламот, законот не е само елемент на севкупното исламско учење, тоа е негов функционален израз.[52]

## 4. 2. Шеријатското право, правните прописи и отстапки

Исламот е вера на милијарда луѓе. Таа мора да се почитува, но почитта не значи и некритичко прифаќање. Реализацијата на човечката среќа на овој свет и на оној свет е главна цел на исламското право-шеријатот. Тоа секако подразбира почитување на човековите потреби и интереси и специфични ситуации во кои тој може да се најде. Водејќи се од оваа намера муслиманските правници, врз основа на Куранот креирале соодветни правни ситуации во кои се земаат во предвид и околностите и тешкотиите на кои се наидува, при примена на овие правни исламски норми. За да се усогласат правните прописи и ситуацискиот контекст на генерално ниво, исламските правници во консултација со свештенството, усвоиле законски решенија. Меѓу овие правила се и оние под кои некои недозволиви работи стануваат дозволени во ситуација на нужда или потреба било да станува збор за поединечна или колективна. Олеснувачките прописи кои се засноваат на овие правила особено многу им значат на муслиманите кои живеат во западните земји, но и во оние земји, во кои муслиманите се мнозинство како што е случајот со Босна и Херцеговина. [53]

Во исламското право се забранува трансплантација на органи, но со текот на времето се направија некои отстапки. Нужноста наметна исклучок од ова правило. На прашањето за трансплантација на органи, исламските правници се обидуваа долго време да направат одредени исклучоци како би можело исламското право да направи отстапки и да не биде толку ригорозно и апсолутно, бидејќи тоа е во насока на позитивни придобивки и спасување на животи. Затоа, Академијата на исламскиот закон во исламскиот свет лигата (Rabita Ал-Алам alislāmī) со седиште во Мека и на Академијата на исламскиот закон во организацијата на исламската конференција со

[52] Јевтич, М. (2010). Религија-изазов политичкој науци. Белград
[53] фатва Европски совет ..., стр. 209-216. 261-р E. Ljevaković, op. член, стр. 165-166.

седиште во Џеда, донесе резолуции кои овозможуваат трансплантација на органи со исполнување на одредени услови. [54]

## 4. 3. Исламска експанзија

Муслиманската заедница по смртта на Мухамед, создавала исламска империја со серија на калифи и династии кои се ширеле колку што е денешен Пакистан на исток, Шпанија во северниот дел, и Северна Африка на југ. Тоа било период на голема интелектуална, културна и духовна виталност. Во Шпанија, исламската цивилизација постоела до 1492 година кога христијанските монарси се вратиле на власт. По падот на Империјата, исламот останал доминантна религија во повеќето земји од Блискиот Исток и значајни места низ Северна Африка и Азија.[55]

## 5. Отоманската империја

Последниот воспоставен калифат бил Отоманската империја, која го достигна својот врв во 16-тиот век, а потоа се соочуваше со долг пад, се до основачот на Република Турција Кемал Ататурк, еутанизирајќи ја во 1923 година. Но, како и многу други поддржувачи на исламските држава, не се признава тој калифат во целост како легитимен, бидејќи не се спроведувал целосно исламскиот закон, кој бара каменување, ропство и ампутации, и поради тоа што нејзините калифи не потекнуваат од племето на пророкот, Quraysh. Контрола на територијата е основен предуслов за овластување на исламската држава во очите на нејзините поддржувачи. Земјата се соочува со такфири (сунитската исламистичка) идеологија.

Муслиманите од Босна и од регионот на Рашка во Србија се сунити. Тие го добиле исламот преку Турција, во текот на Отоманската империја, и тие биле многу приврзани за Цариград (денешен Истанбул). Меѓутоа, по падот на Отоманската империја и со сето она што се случило во меѓувреме, нивните интереси се свртеле кон

---

[54] Тоа е резолуција усвоена на четвртата сесија на Академијата на исламскиот закон во Џеда кој се одржал во 1988 година, на осмата седница на Академијата на исламскиот закон во Мека,одржана во 1985 година (резолуциите и препораките на Советот на исламската академија од 1985 до 2000 година, исламски развој и исламска академија Џеда, 2000, стр 51-54; Fadl Абу Мухсин Ибрахим, трансплантација на органи, евтаназијата, клонирање и експерименти врз животни.. исламски став, во превод Muhidin Хаџиахметовиќ, НВО "Младите муслимани", Сараево, 2005, стр 80 88).

[55] http://www.1000ventures.com/business_guide/crosscuttings/cultures_islam.html

центрите на исламот. Центри на исламот се Мека и Медина. Така, од Саудиска Арабија се очекува одлучувачкиот фактор во исламската теологија и профилирање на нашите муслимани. [56]Присуството на тероризмот на Балканот е документирано. Централно место на терористичките мрежи на Балканот е Босна, во која после Авганистанската војна (1979-1988) на Русија против приврзаниците на тамошните муџахедини и Осама бин Ладен, се префрлија во балканските фрагилни држави кои претставуваа плодна почва за тероризмот. Исламските фундаменталисти во Босна и на Балканот се познати под името „вахабисти", име кое го добиле по верскиот реформатор Мухамед ибн Абд ал Вахаб (1703-1791) кој проповедал во централна Арабија против неверниците на божјите заповеди [57].

Процесот на колонизација на муслиманите на Балканот се одвивал истовремено со османлиските освојувања. Целта на овие организирани преселувања на луѓе од Мала Азија била да се воспостават институциите на новата власт и да се организира животот на освоените територии.

Да се биде вистински муслиман значело да се биде потчинет на исламската заедница, да се издигнеш над националното чувство. Ако не сакале да се исламизираат на мирен начин, без давање отпор, следувале други начини се додека не се наметнат теократските начини во теократската држава, за време на владеењето на Османлиите. Османлиите владееле пет века. Граѓаните во Отоманската империја се делеле на монотеисти, политеисти и неверници. Верската политичка заедница се засновувала на шеријатот. Во неа ни формално ниту поинаку не постоеле разлики. Таа имала ума, муслиманска заедница, која се наоѓала во постојана војна против сите оние кои мислат дека постои друг Бог освен Алах. Секоја војна која муслиманите ја водат е за остварување според нив на добри дела, тоа е да се извадат на вистинскиот пат оние кои скршнале во друга насока.

Кога се зборува за Османлиската империја треба да се има предвид дека тоа е еден политички феномен кој трае пет века. Значи, империјата од 15, 16 и 17 век не е иста со онаа од 19 век. Тоа се две сосема различни политички културни содржини. Христијаните и сите други немуслимани биле граѓани од втор ред. Факт е дека таа била теократска држава во која исламот бил доминантна вера, а муслиманите привилегирани. Меѓутоа, немуслиманите, иако не уживала политички права и биле граѓани од втор ред, сепак имала извесен самостоен организиран живот, барем во почетокот на доминацијата на империјата, во чии рамки продолжиле да опстојуваат.

---

[56] https://www.ekspres.net/drustvo/intervju-miroljub-jevtic-profesor-fpn-a-islam-zaustavlja-samo-sila

[57] Schlyter Birgit N., Prospects for democracy in central Asia, Sundbyberg, 2006, p.239.

Отоманското право во модерниот период е опишано како неефикасна пародија на европскиот пример како да не се развива модерниот и правен систем.[58]

Милетот претставувал општествена форма на социјална поделба по религиозен (и етнорелигиозен) карактер во империјата. На чело на милетот стоел верски водач, наречен милет баша, кој се грижел за верските прашања и за моралот на членовите на милетот. Секој милет ги остварувал правата низ своите сопствени институции како што биле верските судови, верските училишта и др. Според османлиските документи верските заедници биле поделени на верници и неверници кои биле вклучени во законски признаени религиозни општества (милети): муслимански милет - без поделба на турски, курдски или арапски милет, рум милет (источноправославен) - на чело со Цариградската патријаршија, франкиски милет -за сите католици, ерменско-грегоријански милет, Ерменци-католици, еврејски милет.[59]

Од своето основање исламот толерира, но никогаш не прифаќа еднаквост на немуслиманите со муслиманите.[60] Османлиската Империја настојувала да се секуларизира понекогаш, за време на деветнаесеттиот век, но секогаш била свесна за фактот дека ќе остане во голема мера теократска држава. [61]

## 5. 1. Исламска мисија и визија

Основната цел на екстремните муслимани е исламски поредок, обединување на сите муслимани во исламска земја, каде уредувањето ќе биде според шеријатот. Според некои толкувања, мисијата првично имала неколку фази на дејствување пред конечната создавање единствена исламска држава во светот каде владетелот ќе биде и државник, и духовник, и ќе нема никаква разлика меѓу светото и световното.

Првата фаза рушење на сите безбожни системи, безбожни влади, и воведување исламски поредок. Потоа обединување на сите Арапи, па подоцна сите муслимани. Понатаму наредната фаза создавање единствена исламска држава на Земјата според исламски закон. Првично треба да се земат под исламска власт земјите кои некогаш биле под исламско владение, а, потоа да се прошири мисијата се додека сите не постанат една држава.

---

[58] The Legal History of the Ottoman Empire Ruth Miller* University of Massachusetts

[59]https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9C%D0%B8%D0%BB%D0%B5%D1%82_(%D0%9E%D1%81%D0%BC%D0%B0%D0%BD%D0%BB%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B0_%D0%B8%D0%BC%D0%BF%D0%B5%D1%80%D0%B8%D1%98%D0%B0)

[60] See Hourani, A. H., Syria and Lebanon, London, 1946, p. 61

[61] The Encyclopaedia of Islam, vol. 111, Leiden, 1936

Самата појава не е нова, својот никулец го има од формирањето на првата терористичка организација „Млади муслимани“ која своето делување го базира на панисламистички и исламистички начин.

Она што е ново во денешното дефинирање на исламскиот фундаментализам, е новата форма и новиот израз, модерните извори и услови на дејствување.

Може во современоста да се говори за паралелен фундаментализам и тоа: Постојат традиционални фундаменталисти, оние кои ја сочинуваат улемата (свештенството) и широките народни маси, и фундаментализмот на маргинализираните групи од население, кои се најекстремни во своето дејствување. Екстремни, нетолерантни, и спрема немуслиманите и спрема муслиманите кои не го делат нивното размислување за значењето и делувањето во име на исламот.

Првично треба да се земат под исламска власт земјите кои некогаш биле под исламско владение, а, потоа да се прошири мисијата се додека сите не постанат една држава. Државите кои некогаш биле под Исламско владение се: Шпанија, Португалија, потоа земјите под некогашна СФРЈ, Бугарија, Грција, делови на поранешниот СССР.

Оттука се согледува погрешното тврдење, дека сите фундаменталисти имаат тенденција за зајакнување на движењето на неврзаните.

Тоа е само замаглување на вистинската позиција на исламската мисија на овие екстремни движења. Исламскиот фундаментализам не е наивно движење, напротив опасен и агресивен и од навор и од внатре. Забранет е во многу земји од светот, и онаму каде што во целост има воспоставено мрежа, и исламска власт според основното толкување на исламот, Иран, Саудиска Арабија, имаме живот вратен неколку века наназад. Нема музика за забава, нема дискотеки, жените се движат само во присуство на мажите, или ако се сами никој на улица не смее да им се приближи.

Секој кој отстапува од словото на Куранот бива осуден на смрт. Хуманиот ислам кој треба да биде иднина, загрозен е пред налетот на агресивниот и радикалниот ислам.

### 5. 2. Ислам и политика-панисламистички концепт

За разлика од православното христијанство каде што постои силна врска помеѓу религиозното и националното (црквата и народот), кај исламот имаме висок степен на поврзаност помеѓу религијата и политиката. Во минатото и денеска имало случаи кога политичките лидери во исто време биле и верски поглавари. Суштината на религијата, особено на големите монотеистички религии произлезени од т.н. Аврамова традиција, што се многу нетолерантни.

Тие имаат зацврстени и непроменливи гледишта на светот, строг етички кодекс и повлекуваат јасна граница меѓу оние кои што се и оние кои што не се вистински верници. За нивните догми и правила се вели дека се дадени од Бога и се вечна вистина. Тие не можат да бидат предмет на преговори, компромиси и отстапки. Кога една таква група ќе се сретне со друга слична група, тие неизбежно меѓу себе ќе се прогласат за кривоверци, еретици и апостати. Не се во состојба заедно да го признаат својот удел во познавањето на вистината. Зошто? Бидејќи ако го сторат тоа би фрлиле сомнеж врз своите догми. Таквите контакти мораат да завршат со оттуѓување и конфликт. Овие религии истовремено се и многу колективистички. Тие тврдат дека нивните верници творат посебна и морално супериорна заедница. Врските со нив лесно стануваат знак за политичка или национална лојалност. Најголемата опасност лежи во поврзувањето на нацијата и религијата. Уште повеќе, ако Аврамовите религии станат фактори во политиката, тие, поради своите бескомпромисни ставови, во суштина доведуваат до постојан конфликт со религиски другите ( Чаплович,2008 ).

Само 10 проценти од модерните држави се етнички хомогени. Големо мнозинство од 90 проценти од земјата е составена од повеќе нации или содржи голем број на малцинства. Сепак, повеќето од овие држави се дефинираат како моноетничка нација-држава. [62]Христијанството, гледано во светски рамки не дава простор за друг вид на вечни вистини. Меѓутоа, тоа не значи дека не постои религиска толеранција. Таа е присутна кај овие религиски организации, но скоро исклучиво од практични причини. Тоа е т.н. секојдневна толеранција која што постои во етнички мешаните средини каков што е особено регионот на Западен Балкан. На тоа ги тера целокупната констелација на општествените односи во Балканските држави. Доколку сакаат да бидат дел од поширокиот општествен систем тие мораат да покажат чувство за верска толеранција. Се друго преставува ризик и може да ги одведе во состојба на општествен конфликт или во состојба на целосно одвојување од државата ( Балобан,2005 ).

После Иранската исламска револуција во 1979 година, рушењето на Берлинскиот ѕид во 90-тите години од 20-тиот век, кога една од главните улоги за рушење на комунизмот одиграла римокатоличката црква, улогата на шинтоистичкиот храм Јасукуни во политиката во Јапонија, разбирањето дека наследството на власта во Северна Кореја не може да се сфати без конфучијанството, стана јасно дека религијата повторно на голема врата влезе во политиката. Исламот како религија го исклучува национализмот и го осудува како неисламска новост, која правиот муслиманин треба да ја отфрли во целост.

---

[62] Connor, Walker (1994). Ethnonationalism: The Quest for Understanding. Princeton, New Jersey: Princeton University Press.

Цела земја припаѓа на Бог. Оттука тој е господар, и тој ја дели на сите луѓе, посебно на оние кои во него веруваат и живеат во иста заедница. Тоа автоматски значи дека не може да се прави државна граница помеѓу нив. Современи албански научници тврдат дека во ваквата концепција на исламот и неговото ширење помеѓу народите во многу допринело, албанското општество да се подели по верска основа. Исламско – еврејскиот проблем, причина за односите во Палестина. Под флоскулата борба за слобода на вероисповеста, се поттикнуваат и организираат посебни акти на свеста, кои креираат различно размислување.

Двојството и корелацијата меѓу исламот и политиката отсекогаш постоело.

Длабока и силна е поврзаноста на исламот со политиката, затоа што преку политиката се остваруваат сите нивни тенденции впишани во Куранот. Сметаат дека Куранот е исламски закон, кој е универзален, и на него треба да се подредуваат муслиманите насекаде во светот, бидејќи само Куранот-светата книга, ги има одговорите на сите прашања од општествениот живот. Но, имајќи во предвид, дека политиката е таа, што ја дава моќта да се реализираат сите работи напишани во светата книга.

Панисламистичките намери како придружни карактеристики се одликуваат со присутната тенденција за покорување на немуслиманското население под еден тип религија, негово конвертирање и прифаќање на исламот и критика на секоја власт што не е исламска во светот. Многу се примерите на судир и тежок поларизитет на односите помеѓу владејачките структури на Блискиот Исток и опозицијата, која смета дека таа власт им е наметната во нивните земји од страна на Западот, за да се наметне глобалниот поредок, демократијата, модернизацијата и сукуларноста при владеењето.

Многу побуни, рушење на Влади, воени конфликти, кои никако не запираат, но постојано се мултиплицираат и настануваат нови воени жаришта во светот, како резултат на религиската нетрпеливост, религиската идеологија и нетолеранција се што е поинакво од првобитната интерпретација на исламот.

Зголемување на сектаријанизмот, секуларизацијата, индивидуализирана религиозност придобивките на глобализацијата и модернизмот, условија муслиманскиот свет да биде разбрануван до тој степен што се заканува со т.н. тероризам и исламски фундаментализам, како единствен начин да укажат на неприфаќањето на Западот и неговите вредности што сака да ги наметне на туѓа територија.

Раѓањето на исламските држави во средината на 20-тиот век, и нивното политичко колебање помеѓу реформизам, фундаментализам и модернизам.

Постојаното мешање на САД, на територијата на Блискиот и Средниот Исток, поради свои лични интереси од економско-технички причини, политичката глобализација наметнаа т.н. „апартхејд" помеѓу богатите и сиромашните земји.
Многу терористички акции, многу самоубиствени напади, многу изгубени човечки животи, предизвикаа гнев кај немуслиманското население кон муслиманите, барајќи ја причината и гледајќи во исламот причина за таквата агресивност и исламски фундаментализам, да стравуваат од исламскиот фундаментализам или меѓународниот тероризам, кој се става во ист контекст со верскиот фанатизам.

Таа нетрпеливост меѓу Истокот кој не сака промени во својот начин на живот, и Западот кој не прашува само наметнува правила и промени, до организирање на терористички напад на 11 септември 2009 година. После тој настан, перцепцијата на светот и историјата никогаш не може да бидат исти.
Во светот политичката конфигурација се менува како резултат на бројни причини. Една од нив е воените конфликти на Блискиот Исток, кои траат предолго, и кои направија проблеми на многу земји и од Европа и оппто од светот. Таа масовна миграција од воените подрачја кон Европа, стана голема причина за загриженост и безбедност на граѓаните.

Крајот на XX и почетокот на XXI век се одбележани со зајакнувањето и дејствување на исламскиот тероризам и изведба на терористички напади низ целиот свет. Исламскиот тероризам претставува голема опасност по националната и меѓународната безбедност, а, за џихадот како „света војна" скоро секојдневно гледаме, слушаме или читаме во средствата за јавно информирање.

### 5. 3. Наследството на Алија Изетбеговиќ

На првите повеќепартиски избори во БиХ Изетбеговиќ е избран за член на претседателството на СР БиХ, а на 19 декември 1990 за претседател на Претседателството на СР БиХ. Тој е еден од потписниците на Дејтонскиот мировен договор со кој е завршена војната во БиХ заедно со претседателите на Хрватска и на Србија, Слободан Милошевиќ и Фрањо Туѓман.
БиХ -легло на исламски агенти. Не случајно оваа флоскула била отсекогаш пропратена со панисламистички тенденции и водење верска политика.

Целата приказна влече корени уште од времето пред војната во БиХ, кога иранските власти веднаш почнаа да воспоставуваат добри односи со Партијата за

демократска акција, која тогаш ја водеше Алија Изетбеговиќ, а сега на чело е неговиот син Бакир, втор пат избран во Претседателството на БиХ

Целта беше јасна: максимално да се зајакне босанскиот елемент во БиХ па преку него да се обезбеди своето влијание.

Исламскиот одговор на национализмот е панисламизмот. Алија Изетбеговиќ активен политички чинител создавајќи ја политичката Партија за демократска акција, ја пласираше политичко-религиската идеологија во неговата Декларација, преку која сакаше на политички начин да ги постигне исламските цели и идеологии. Името само дадено како проформа, целата суштина на неговото убедување бил верско политичкиот памфлет објавен и испишан во Исламската декларација.

Навидум демократ, а во суштина исламист, кој се залага за Босна во панисламистички контекст, по теркот на Османлиската Империја.

Во втората половина на XX век, се рехабилитира идејата за создавање исламска држава. Ревитализација и во исто време политизација на таа идеја, која отсекогаш постоела кај голем дел на верници.

Онаму каде што во минатото владееле муслиманите и уредувањето било по верско начело, и верски закони, тие земји се цел за повторно освојување и воспоставување на исламски калифат над нив. Ако ја изгубат биткате се населуваат во првата соседна муслиманска држава.

Католичката црква на Австро-Унгарија многу им помагала на исламските земји. Претворање на Босна по урнек на Иран и Саудиска Арабија, била главна цел на муслиманите на Балканот, оние исламисти, и традиционалисти во своето верско убедување. Политичко верска идеологија која е во согласност со она учење што го пропагира исламот.

Исламската Декларација на Алија Изетбеговиќ од 1970 година, доживеа второ официјално издание во 1989 година, кога авторот ја формираше неговата политичка Странка демократске акције (СДА), на пан-исламистички основи. Партија за муслиманите во Босна.

# 6. Исламот во европски и балкански контекст

## 6. 1. Исламската закана мит или реалност?

### Судир меѓу цивилизациите

Зошто цивилизациите ќе се судрат?

Главната теза на Хантингтон е дека "Најважните разлики меѓу народите веќе нема да се од идеолошка, политичка или економска природа. Тие ќе бидат од културна природа. Нови форми на конфликт ќе се случат по должината на границите на различните култури и моделите на кохезија ќе бидат пронајдени во рамките на културните граници.

Хантингтон нуди шест објаснувања за тоа зошто цивилизациите ќе се судрат?[63]

Разликите меѓу цивилизациите се во однос на историјата, јазикот, културата, традицијата, и најважно, религијата. Тие фундаментални разлики се производ на вековите и на основите на различни цивилизации, што значи дека не се продукт на неодамнешен процес.

Светот станува се помало место. Како резултат на тоа, интеракциите низ светот се зголемуваат, притоа се интензивира "цивилизациската свест" и свеста на цивилизациските разлики и сличности во рамките на цивилизациите.

Поради економската модернизација и социјалните промени, луѓето се одвоени од долгогодишните локални идентитети. Наместо тоа, религијата го замени овој јаз, кој обезбедува основа за идентитетот и посветеноста која ги надминува националните граници и ги обединува цивилизациите.

Растот на цивилизациската свест е зајакната со двојна улога на Западот. Од една страна, Западот е на врвот на власта. Во исто време, враќањето на корените феноменот се случува меѓу не-западните цивилизации. Западот на врвот на својата моќ се соочува со не-западните земји, кои се повеќе имаат желба, волја и средства да го обликуваат светот на не-западен начин.

Културните карактеристики и разлики се помалку променливи, а со тоа помалку лесно компромитирани и решени од политичките и економските односи.

Економскиот регионализам се зголемува. Успешен економски регионализам ќе ја зајакне цивилизациската свест. Економскиот регионализам, може да успее само кога тоа е вкоренето во една заедничка цивилизација.

---

[63] Huntington, Samuel P., 1993 , The Clash of Civilizations?

Сите нации прават огромни напори, што поуспешно да се спротивставаат на овие појави, на овие форми на инфилтрирање и сеење идеологија која се коси со здравиот разум и разбирање. Новите социјални медиуми во голема мера значително го потпомагаат дејствувањето на овие исламски борци, преку широката мрежа на сајтови кои повикуваат на „света војна" против немуслиманите и неверниците муслимани. Голема демографска промена се чувствува на сите страни на светот, со миграциониот бран од Блискиот Исток и Северна Африка. Миграциите водат до нагли скокови во порастот на муслиманското население во одредени делови од светот, како Европа и Северна Америка. Минатата година, процентот на муслимани во САД изнесуваше 1%.

Според предвидувањата, до 2050-та година, бројот ќе се зголеми на 2.1%, пишува Daily Mail. Заради сé поголемиот прилив на мигранти во Европа, и заради растот на бројот на атеистите, исламот до 2070-та година ќе стане водечка светска религија, предвидува истражувачкиот центар „Pew". Се предвидува дека процентот на муслиманско население ќе се изедначи со процентот на населението од христијанска вероисповед за околу 53 години, кога ќе изнесува околу 32%. До 2100-та година, во светот се очекува муслиманите да ги надбројат христијаните за околу 1%.

Меѓу другото, резултатите од истражувањето покажуваат и дека исламот станува најбрзорастечка религија на светот. Во 2010-тата, на глобално ниво имало 23% муслимани, а 31% христијани. Но како што покажуваат податоците на Pew Research Centre, муслиманите во просек имаат повеќе деца од припадниците на било која друга религија – во просек по 3.1 дете. За споредба, заедничкиот просек на сите останати верски групи заедно е 2.3 деца. И покрај сé поголемиот број атеисти и припадници на исламот, христијанството сепак ќе се одржи како најмногубројна религија, барем до 2050-та година.[64]

Исламската закана треба подобро да се сфати како предизвик на неколку различни начини. Џон Еспосито документирал различни форми на исламската проповед, кои имаат поминато низ исламскиот свет, особено на Блискиот Исток, недостигот на различни форми на национализам (Nasserism, на пример) во 60-тите и 70-тите, вклучувајќи Џамаат-и-Ислами во Пакистан, Муслиманското братство во места како што е Египет, Иранската револуција на ФИС во Алжир, AMAL и Хезболах во Либан, ренесансната партија во Тунис, и многу други. [65]Секое од овие движења укажува на исламот како решение за многу проблеми на современоста и неуспесите на

[64] http://365.com.mk/249529/za-50-godini-islamot-ke-stane-dominantna-religija

[65] Esposito, John, Islam and Politics, N.Y. Syracuse University, Press, Syracuse, 1998

секуларниот национализам и корумпираните, авторитарни држави.[66] Повеќето од нив работеле во политичкиот систем за да се здобијат со поголема застапеност и потпора. Тие, исто така се ограничен вид на граѓанско општество во овие авторитарни држави каде што биле задушени формите на протест и организација. Репресијата имала тенденција да ги направи овие групи порадикални, предизвикувајќи нивно одвојување. Еспосито апострофира, дека радикалните гранки имаат многу повеќе внимание во западните медиуми отколку поголемите, повеќето мејнстрим групи, факт што секако го зголемува чувството на судир меѓу цивилизациите.

Се разбира, оваа исламски проповед претставуваше предизвик за Западот. Додека повеќето од овие групи не се анти-модерни, тие најчесто се антизападни, особено затоа што секуларниот националистички или исламски режим модернистички /фузионистички, свесно се обидел да го имитира Западот. Модата, родовите норми, материјализмот, вредностите како што се слободата на говорот, итн се најдоа под оган од овие групи во голема мера од страна на здружението, но исто така и поради поддршката на САД за многу автократии, тие се предизвик. Еспосито валидно тврди дека овие исламски предизвикувачи (на запад и нивните општества) не треба да бидат нашите непријатели, дури и кога тие претставуваат сосема различни решенија за проблемите на современоста (урбанизација, индустријализација, губење на традиционалните општествени единици, нови медиуми сатурација, чувства на изолација, остра нееднаквост).

Всушност, Еспосито пишува, колку повеќе ние ги третираме овие групи како закана, со поддршка на националистичките режими кои ги угнетуваат, толку повеќе ќе ги претвориме во наши непријатели (Иран) и со тоа да се направи судирот на цивилизациите реалност. Така, предизвикот исламистички е исто така предизвик на Запад, да живеат и да се придржуваат до своите вредности и да не се толерира неподносливо, понекогаш секуларниот националистички режим, бидејќи тој обезбедува заштита на интересите на Запад. САД се обидува да ги наметне демократските вредности на исламскиот свет, и оттука започнува колизијата меѓу истокот и западот. Сад тоа го прави поради свои лични интереси. Силите што стојат позади сето тоа се навистина моќни.[67]

Еспосито во својата книга „Исламот, мит или закана“ дава осврт на Хантингтоновата книга „Судир меѓу цивилизациите“. Неговото тврдење дека во односот со исламот, христијанството има повеќе непријателство отколку соработка и меѓусебно почитување, тој собира многу солидни поени против овој концепт на судир.

---

[66] ИСЛАМ И ПОЛИТИКА политичко искуство на муслиманите
[67] Esposito, John, Islam and Politics, N.Y. Syracuse University, Press, Syracuse, 1998

Прво, тој покажува различни одговори на модерноста и западните сили, кои се развиени во исламскиот свет, од кои бара да се изолираат од исламот од програмата на реформи или да се спојат со западната култура, политика и технологија. [68]

Исламската проповед и наводниот „Судир на цивилизациите" должи многу на неуспехот на овие нешта отколку вроденото во исламот. Вистинската поента тука е дека исламската преродба е всушност дека таа има историја, има контексти и обврски повеќе отколку детерминистичка логика. Во успешни случаи на модернизација, како што е Турција, исламистичката политика до неодамна останала маргинализирана на сметка на триумфалниот секуларен и Западен национализам. Второ, тој покажува дека исламската и христијанската историја се хранат една од друга културно, интелектуално, економски и на друг начин, со што линиите помеѓу нив се малку повеќе нејасни од линиите на Хантингтон.

И на крај, Еспосито покажува како повеќето од застапниците на судирот на Запад се всушност со неверојатно незнаење на исламската историја, теологија и пракса, со што нивните аргументи повеќе се одраз на незнаење и страв, а не причина и докази. Еден се прашува дали Хантингтон беше доволно компетентен за да ги аргуменира своите тврдења.[69]

### 6.2. Такијаха идеологија за реализација на цели

Идеологија на преправање од вистинската намера, прикриено делување во насока на исполнување на поставените цели од верски исламистички побуди. Југоисточна Европа е населена со околу 8 милиони муслимани, кои претставуваат една третина од вкупниот број на муслиманите во цела Европа.

"Тие сакаат да се собори редот што постои, така што тие може да донесат свои утописки цели, и додека муслиманите може да имаат малку поинаква идеја за тоа како треба да се работи на тој нов поредок, тие ќе зборуваат за тие разлики подоцна", изјавува Hohmann . "Прво треба да се урне постоечкиот поредок".

Од исламска гледна точка, преселување на стотици илјади муслимански бегалци во западните земји се вклопува во нивниот план за цивилизациски џихад. Муслиманското братство го има изнесено тој концепт во Меморандумот со образложение за стратегијата кон северно-американското Муслиманско братство, документ кој беше киднапиран од страна на ФБИ за време на рацијата во 2004 година.

[68] Esposito, John ,The Islamic Threat: Myth or Reality? 1992
[69] John Esposito, The Islamic Threat: Myth or Reality? (3rd edition: 1999)

"Планот е во основа да ги искористат законите на Америка, да ги користат "глупави политичари" во Америка да работат на нивниот план -раскажува Hohmann. "Со други зборови, тие ќе ги користат рацете на браќата, велат тие, но исто така и од раката на неверникот да се вклучат во еден вид на голем џихад кој е фокусиран на инфилтрирање на нашата земја од внатре и соборување на" мизерните куќи "на западната цивилизација, бидејќи овој документ така го нарекол тој момент.[70]

Од исламска гледна точка, преселувањето на стотици илјади муслимански бегалци во западните земји се вклопува во нивниот план за цивилизациски џихад. Америка се спушти кон самоубиствен пат - но тоа е една суптилна инвазија. Ги добиваме сите детали во новата книга Лав Hohmann "Тивка инвазија: муслимански освојувања имиграција и преселување на џихадот".[71]

### 6. 3. Балкански џихад-неоосманизам или неоотоманизам

Целта на џихадистите е создавање на исламски држави кои ќе бидат водени од чистата интерпретација на Суни исламот, попознат како Салафизам или Вахабизам. Но, има и група или т.н. паралелно движење наречено Талибанско движење, кое не се изедначува со Салафизмот, но суштината на нивната борба е скоро идентична. Поаѓајќи од фактот, дека онаму каде што исламот е доминантен, се мисли пред се на Блискиот Исток и Пакистан, религиското малцинство е прогонувано, со давање мал отпор. Или со други зборови кажано се иселуваат, оттргнуваат од своите родни огништа, за да не бидат под постојан терор од тамошните исламисти. Онаму каде што муслиманите се малцинство, имаат свој начин на искажување на револт, или пак уценувачки намери, доколку не бидат исполнети нивните барања. Ќе има мир се додека се исполнуваат нивните барања. Или ситуацијата се чини дека се прави сѐ, за да се обезбеди оправдување за религиозен тероризам, кој е упорен и ендемичен на исламскиот фундаментализам.

Неоотоманизам е турска политичка идеологија која, во својата најшироко смисла, промовира поголем политички ангажман на модерна Република Турција во регионите во кои порано владеела Отоманската Империја.

---

[70] http://superstore.wnd.com/Stealth-Invasion-Muslim-Conquest-Through-Immigration-and-Resettlement-Jihad-Hardcover

[71] Stealth Invasion: Muslim Conquest Through Immigration and Resettlement Jihad Hardcover – January 24, 2017 by Leo Hohmann

Во поново време, исто така, се прави промоција на заживувањето на отоманската култура и традиции во Турција. [72]

Џихадот кој босанските муслимани го водеа од 1992-1995 на просторот на БиХ, со тенденција да создадат исламска држава заврши со Дејтонскиот мировен договор. Тој Договор е резултат на компромисот на кој сите учесници во конфликтот мораа да дадат согласност. На Србите не им е дозволено да се отцепат од БиХ, и за возврат добија свој ентитет во рамките на БиХ, Хрватите кои беа приморани да бидат во федерацијата на БиХ, како еден од ентитетите на Дејтонска Босна, и на крај муслиманите кои формално добиле опстанок во Рапублика Српска, во рамките на единствената БиХ, со услов да мораат да го признаат српскиот ентитет, и на федералниот статус, кој го добиле Хрватите во Федерацијата.

По завршувањето на војната многу од тие теористички радикални борци останаа на просторите на Балканот, основаа семејства, и секогаш беа во состојба на готовност, да реагираат на командата на големите исламистички центри во светот, пред се се мисли на Саудиска Арабија, како главен финансиер и поддржувач на радикалниот ислам и главен центар за регрутирање борци во т.н. „света војна" џихад насекаде во светот.

Благодарение на големата финансиска помош од арапските земји денес на Балканот според многу тврдења се наоѓаат главните центри за регрутација и обука на џихад војниците, кои претставуваат голема опасност и закана не само за Балканот туку и за цела Европа. Тие борци кои останаа на просторот на Балканот имаа главна цел и мисија, врбување на домашни муслимани и нивно вистинско подучување за „вистинскиот" ислам. Од Босна и Херцеховина овие идеи се проширија низ целиот балкански простор посебно на подрачјето на Србија, Санџак, Црна Гора и Македонија.

Крвав џихад „Света војна" во служба на калифатот. Кулминација во користење на исламот за политички цели, се гледа по примерот на Сојузот на комунисти на Косово. Ќе подигнат џамија на окупираното место, и ќе си реализираат политичка цел. Во Призрен 1956 година, осудени за сецесионизам, и помагање на терористичките банди кои доаѓале од атеистичка Албанија и тие луѓе биле користени за свои цели.
Во некои села во Западна Македонија жителите отворено ја истакнувале желбата нивните деца да се школуваат на мајчиниот турски јазик.

Податоци говорат дека иако босанските муслимани имале цел да создадат само исламска Босна, во тоа не успеале. На територија на Република Српска затоа што српските власти тоа не го дозволуваат, а на територијата на Федерацијата БиХ, затоа

[72] https://en.wikipedia.org/wiki/Neo-Ottomanism

што не дозволуваат Хрватите, но ни меѓународната заедница како гарант на овој политички субјект. Бројчената предност на муслиманите на една територија, е важна при одбирање на земја или територија што ќе биде цел на терористичките групации. Обично се одбира потенцијална земја, каде мнозинството го сочинуваат исламски верници. Истовремено имало и дел на секуларизирани муслимани кои не се согласувале со концептот на создавање исламска држава. Единствената политика што се добила а, се препишува на босанските муслимани, е отцепувањето од центрите Белград и Загреб, и со тоа се оневозможило нивното влијание. Сепак босанските муслимани не се откажувале од натамошното работење на таа идеја, се додека не се добие посакуваната цел. Интернет магазинот Еуроактив, во своето издание на чешки јазик, пишува и дека токму на територијата на Босна и Херцеговина, Косово, Албанија и Македонија оперираат група радикали кои привлекуваат и тренираат нови членови во редовите на ИД.[73]

Исламската заедница во БиХ (ИЗ БиХ) со повеќевековна традиција на мисионерска работа, задолжена е за верскиот живот на своите припадници и членови. Во тој контекст се започнати активности и проекти кои имаат цел да спречат ширење на различни видови верски радикализам и екстремизам на кои зедницата и целото општество се изложени", изјавил реисот-улема од Исламската зедница на БиХ, Хусеин Кавазовиќ на конгресот одржан во Кувајт на тема „Борба против идеолошкиот екстремизам, меѓу реалноста и очекувањата".[74]

Конфликтите на Балканот, наспроти трите главни сили на светската сцена на историјата: глобализацијата (чиј лидер е САД), џихадот (присутен во исламскиот свет) и стариот систем на национални држави ( афирмација на православниот Исток).

Според австриskиот попис од 1879 во Босна и Херцеговина имало:

православни 42,86 %

муслимани 38,72%

католици 18,07%

**Пописот од 1885**

православни 42,76%

муслимани 36,88%

---

[73] http://www.slobodnaevropa.mk/a/27977361.html

[74] http://www.dw.com/mk/%D0%B8%D1%81%D0%BB%D0%B0%D0%BC-%D0%B2%D0%BE-%D0%B1%D0%B8%D1%85-%D1%81%D0%BF%D0%B5%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B8-%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%B8%D0%BB%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B8-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%82%D0%B8%D0%B2-%D0%B5%D0%BA%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B5%D0%BC%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D0%BC/a-37302822

католици 19,88%

**Пописот од 1895 година**

православни 42,94 %

муслимани 34,99%

католици 21,31%

**Попис од 1910 година**

православни 43,49%

муслимани 32,25%

католици 22,87%

**Според последниот попис од 1991 година, бројките се следните:**

муслимани 43,7%

православни Срби 31,7%

католици Хрвати17,3%

Тие три струи се натпреваруваат за постојана превласт и доминација во балканскиот регион веќе илјада години: Западот, исламскиот свет и православниот Исток. [75]

Исламот е религија која не може никогаш да се асимилира со барањето на демократијата и глобализацијата. Секогаш ќе има радикализирани верници кои ќе се насочуваат кон воспоставување исламски калифат на цела земја, без разлика во моментот која територија мапираат и населуваат. Главната идеја водилка е воспоставување исламски начин на живот во целиот свет.[76]Имигрантите муслимани никогаш не можат целосно да се интегрираат во моделот што го презентираат демократизираните и секуларизирани општество. Тоа едноставно не им е во согласност со нивните религиски норми и прописи. Тие секогаш изнаоѓаат начин да го покажат тој свој отпор кон начинот на живот во западниот свет. Најголема опасност постои од втората и третата генерација имигранти, кои посебно се радикализираат и стануваат опасни во државите во кои што имигрирале. Идејата дека секаде каде што се населуваат, е да ги "превоспитаат" неверниците, немуслиманите дека тој модерен начин на живот нивната вера не го оправдува. Во последните години тој отпор се манифестира преку меѓународниот тероризам, кој стана најголем страв на немуслиманскиот свет.

Паралелно како е во пораст фундаментализмот, така е во пораст и исламофобијата кон муслиманите. Пред се од неспорниот податок, дека главни

---

[75] Miroljub Jevtic , Dzihad u Bosni i vreme globalizacije,

[76] Islam:TheEnemyofDemocracyandFreedom http://pedestrianinfidel.blogspot.com/2007/04/islam-enemy-of-democracy-and-freedom.html[13/05/2009 21:39:32]

организатори и изведувачи на терористичките акции се муслиманите, иако сите се согласуваме со констатацијата дека не сите муслимани се терористи.

Цената на нафтата на светските берзи порасна. Како резултат на ова, исламскиот свет стана богат и помоќен.

Западот е посветен на концептот на слободата на религијата. Ова е возвишен концепт навистина, идеален; но оваа посветеност ги заслепува луѓето од една важна реалност: Реалноста дека исламот не е само религија, туку е и политички систем. Всушност, тоа е повеќе од еден политички систем од било што друго, а тоа е, исто така, политички систем дијаметрално спротивен од нашиот. Обидот на Американците да се доближат до исламскиот свет не донесе позитивен исход. Тие сакаа босанските муслимани да го асимилираат моделот што го нуди Западот, а по урнек на тој модел и останатите исламски земји да се угледат и да го прифатат. Затоа нив повеќе им одговарал џихадот за создавање на унитарна и секуларна Босна. Затоа Америка во тие години ги поддржувала босанските муслимани и нивните идеи. Амриканците на ист начин ја давале и поддршката на Албанските и Босанските муслимани. Сето тоа како допринос за американскиот модел на глобализација.

Салафиското и вахабиското движење се ширело насекаде во светот. Американците настојувале да создадат унитарна Босна, да ги задоволат муслиманите, и очекувањата крајни биле, дека тие муслимани ќе ја прифатат секуларизацијата и западниот модел на живот и на тој начин ќе се стопира радикализацијата и борбената мисија на овие војници во исламот. Но, се има спротивен ефект. Радикализацијата на муслиманите од сите страни на светот, добива голема поддршка, и крајниот резултат е создавање на исламистички организации на сите страни, кои вршат тероризам и сеат страв меѓу земјите.

Од друга страна босанскиот џихад е важен за исламската глобализација. Со ваков концепт БиХ, станува прва држава на Европа со силен продор на исламот. Регрутацијата на балкански муслимани кои подоцна ќе служат за исламски цели и исламска мисија, најчесто биле регрутирани од Босна и тоа од белата раса, поради белиот изглед и оттргнување од сомнежот на полициските контроли, муслиманите од европско потекло, цел за регрутација на терористичките групации поради полесното преминување на безбедносните контроли и неупадливоста. Подоцна многу политички партии ја црпат својата програма и политички памфлети, преку некои религиски

вредности, на тој начин практично ставајќи ја политиката во значаен религиски контекст. [77]

# III дел Исламски фундаментализам, радикализам и тероризам

## 1. Исламски и фундаментализам

Фундаментализмот-основно поврзување со основните облици на религијата. Фундаментализамот е конзервативна позиција која се залага за враќање на основните принципи на религијата и се обидува да се врати во оригиналната вера пред налетот на брзите општествени промени. Верскиот фундаментализам е релативно нов феномен кој е забележан дури во последната четвртина на 20 век. Глобалното општество претставува дуализам меѓу партикуларизмот и универзализмот.

Партикуларизмот ги апострофира карактеристиките на поедините општествени групи. Тие разлики можат да бидат национални, регионални, културни или религиски. Универзализмот ја нагласува важноста на сличноста помеѓу луѓето, поедини општества и системи на вредности.

Поимот фундаментализам првично го означуваше анти-модернистичкото религиозно движење во САД во 19 и 20 век, кое се потпираше на Библијата, а воедно и се спротивставуваше на секуларизацијата на општеството и доминацијата на дарвинизмот во науката. "Фундаментализамот е радикална обнова и враќање на традицијата за современи цели "( Bruce ; 2008: 15). Зборот фундаментализам може да го опише основниот религиозен импулс, кој се придржува до своите основни принципи. Во модерните времиња зборот фундаменталистички често се користи во навредлива смисла. Фундаментализмот беше формализиран кон крајот на 19 век и почетокот на 20 век, од страна на конзервативните христијани, кои беа загрижени дека моралните вредности се еродирани од модернизмот.

Колку зема замав исламизмот меѓу муслиманите, така се повеќе во пораст е исламофобијата како појава во Запсдна Европа, како и во западните земји. Се повеќе приврзаници отворено демонстрираат нетрпеливост спрема припадниците од муслиманската веросиповед. Во Западна Европа се креираат анти-исламски движења, и се поголем е бројот на приврзаници кон исламофобичните групи. Оние кои со омраза

---

[77] http://www.dw.com/mk/%D0%B8%D1%81%D0%BB%D0%B0%D0%BC-%D0%B2%D0%BE-%D0%B1%D0%B8%D1%85-%D1%81%D0%BF%D0%B5%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B8-%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%B8%D0%BB%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B8-

гледаат на исламот и неговите верници, и генерализираат се под една графа. Политичката употреба на религијата во современиот и општествен плурализам, е посебно видлива и практикувана, и се посочува како директна причина за религиската радикализација. Дали е тоа маркетиншки трик на големите империјалистички сили, да се исфорсира исламот како насилна и немиролјубива религија и сите да гледаат кон исламот со гадење!? Или суштината на исламот е навистина таков, и тоа се бара од неговите следбеници?! Исламскиот фундаментализам како одговор на предизвикот на глобализацијата. Постои еврејски, христијански и исламски фундаментализам.

Фундаментализамот како модерна идеологија, истражувачите ја поврзуваат со четирите важни политички настани:

- Победата на десничарската партија Ликуд на изборите во Израел 1977 година, со тоа овозможувајќи директно влијание на религиозната фундаменталистичка исламска идеологија.
- Изборот на полскиот кардинал Карол Војтила за папа во 1978 година, услови зголемено влијание на десничарските Католички групи и подем на Католичкиот фундаментализам.
- Исламската револуција во Иран во 1979 година, која го поттикна растот на исламските фундаменталистички групи во исламскиот свет.
- Изборот на Роналд Реган за претседател во 1980 година, со голема поддршка од фундаменталистичките протестантски групи (пр. Морално мнозинство).

Отсуството на исламските и присуството на немуслиманските традиции, создале дилема во душата на ориенталниот човек. Секој облик на политичка власт мора да има исламски легитимитет. Непријатели на исламот, се работите што ги носи модерниот начин на живот, глобализацијата а тоа се: национализам, либерализам и социјализам.

Голем број муслимански владетели ја разбираат секуларизацијата и модернизацијата како инструмент за зајакнување на својата сопствена власт. Нивниот интерес е насочен кон воени, технолошки и организациски реформи, а не кон политички промени во духот на европските демократии. Како директен резултат на обидите за спроведување на секуларизацијата од страна на тие лидери, кои имале соработка со Западот, се услови раздвојувањето на муслиманското општество. Многу граѓански војни, соборување од власт на многу муслимански лидери, и ден денеска имаме случај како владетели на исламски држави, каде што постои граѓанска војна

меѓу позиција и опозиција, имаат поларизација на меѓусебните односи токму од тој верски момент.

Христијанскиот Фундаментализам: буквално ја толкува Библијата и либералното толкување го смета за погрешно. Нетолерантен е кон верската различност и го нагласува личното искуство на верата и се залага за ритуали преку кои се достигнува верско обновување и се во непријателски став кон светот, кој е извор на 'секуларен хуманизам'. Крајот на 20-тиот век добива политичка форма преку Новата христијанска десница.

Исламскиот фундаментализам ја нагласува важноста на исламските вредности наспроти силата на модернизацијата, на САД и Западниот начин на живот. Се реализира во 1979 година со исламската револуција во Иран. Идеологијата на исламскиот фундаментализам се заснова на индивидуалното толкување на исламот, од страна на инспираторите и организаторите на одредени исламистички организации, со тенденција за дословна примена на шеријатот. За нас најважно е да истакнеме како исламистичките организации гледаат на улогата на џихадот. Исламофобијата и верскиот радикализам се создадени како директен недостаток на верските институции да го земат под свое овој феномен. Да се даде простор во самото општество на верските институции да можат да креираат мислење во јавноста и да ги насочат верниците кон почитување и разбирање, не кон омраза и насилства.

По анализите направени по терористичките напади на тлото на ЕУ во периодот од 2002 -2015 година во Лондон, Мадрид, Париз, ЕУ донесе неколку насоки за превенирање и разбирање на верскиот радикализам како феномен, притоа обидувајќи се да го дефинира како социолошки проблем, но и како закана за безбедноста на ЕУ. Од овие причини уште во 2005 година донесена е Против-терористичка стратегија на ЕУ.[78] Потребно е да има многу силни репрезентативни верски институции кои под еден заеднички именител ќе ги стават сите верски следбеници, и нема да дозволат изолирани случаи кои ќе се натпреваруваат кој и на каков начин е посилен верник од другиот. Тој бизарен натпревар во верско себе-докажување е многу присутен, како резултат на отсуството на религиските институции. Верска култура, етика, уметност, религијата во сите нејзини димензии да биде претставувавана од религиозните институции. Која е крајната цел на верските радикали? Кој е нивниот најголем непријател?

Во прв ред се оние од иста религиска припадност, а не се согласуваат со нив. Ги сметаат како директна пречка за остварување на нивните замислени цели. Сите овие

[78] Council of the EU: Couterterorism strategy, Brussels, November 24, 2005

работи произлегуваат од човечката природа. Според толкувањата на експертите овие појави се резултат на исклучоци од една религиозна група, кои во свое име генерализираат и се претставуваат како репрезентативен примерок на цела исламска религија. Силата на Бог е во нечујното. Силата е во отвореноста, од долу нагоре мора да се изведе религиски дијалог на вертикална основа, не треба да постои релативизирање на религијата. Апсолутно. Силата е во недемонстрирањето на моќта, во отвореноста, во нечујното. Да се победи човекот од внатре, тоа е неговата сила.

Фатвата претставува правно мислење од муфтија дали некое дело е во согласност со принципите на исламот. Кога станува збор за работното место исламскиот верник мора да се обрати до муфтијата, за совет, дали неговото работно место е во согласност со принципите на исламското право. Дали шеријатското право дозволува таков тип на работа. На пример на работник во „Мекдоналдс" ресторан му се забранува продажба на свинско месо, и затоа потребно е или да си најде работа која нема допир со свинско месо, или пак да се обиде да си пронајде нова работа. Ова исламско правило се менува само кога нема друга алтернатива, по максимата, нужноста налага менување на постоечките правила. Ако нема друг извор на приход, мора да се направат некои отстапки и во исламот. Но за тоа мора да има оправдување. Идеологијата на исламскиот фундаментализам се заснова на индивидуалното толкување на исламот, од страна на инспираторите и организаторите на одредени исламистички организации, со тенденција за дословна примена на шеријатот.

### 1. 1. Радикален ислам

Се почесто во светот и во Европа, почнува да се наметнува религиска доктрина, која не е во согласност со Универзалната декларација за човековите права и слободи, не е ни формално, ни морално оправдана, а тоа е радикалниот ислам. Вашингтон, Лондон и Париз трите центри преку кои властите на Арапските држави соработуваа. На нив не им пречел радикализмот на бунтовниците, додека тие не се противеле на соработката и сојузништвото со западите сили. Но, тој Запад не посакувал радикални исламисти кои убиваат низ улиците француски, американски и други метрополи.
Диспозиција која ја демонстрира силата на верските заедници. Фундаментализмот не е исто што и радикализмот. Радикализмот не е вера туку злоупотреба на верата. Со оглед на тоа дека не станува збор за автохтонен производ, на духовната култура на одредена територија, на секоја територија може да се формира такво ткиво, во духовната и во психолошката свест на луѓето. Треба да бидеме претпазливи да ги црпиме капацитетите од својата историја, од самите себе, традицијата, историјата. Верските

заедници се главните алки кои може и да генерираат и да превенираат некоја појава на радикализам.

Неколку дефиниции се толкуваат во рамките на ЕУ. Радикализам може да се смета како социјализација на екстремизмот, која може да доведе до тероризам. Оттука следи дека спречувањето на радикализација е важен елемент во мерките за борба против тероризмот па така потребата да се намали заканата од радикализација на поединци вклучени во терористички активности.

Мека за радикални антиамерикански исламисти од одамна е регистрирана најпрвин во Босна и Херцеговина, а во поново време се лицитира со местата околу Косово. Покрај воведување "калифат" во Ирак и Сирија, се најавува отворање свои центри на сите страни на светот, додека не ја исполнат идејата за една Исламска држава, каде шеријатот, исламското право, ќе ги замени сите други правни механизми. Таа идеја е постојано присутна во исламскиот свет. Шареноликата структура на мултикултурните општества а, сето тоа пропратено со глобализацијата, која од корен го измени начинот на живот и наметна нов модерен стил, се наметна прашањето, дали е тоа добро или лошо?

Како Исламската цивилизација ќе одговори на промените, на налетот на новото време. Човек да води борба против сопственото его. Да не биде со набилдано его, да биде скромен, нормативно како треба да се однесува поединецот, не да се подготвува за некаква света војна. Тоа е лошо протолкувано и грешно реконтекстуализирано. Војната со себе си е најголемата војна, Мухамед, светиот пророк од Куранот, не ретко метафорично се изразувал, не имајќи во предвид дека подоцна неговите следбеници ќе ги злоупотребат тие негови искрени намери и зборови, за насилно да предизвикуваат војни, под оправдание дека ја извршуваат желбата на Алах.

После војната на Мухамед со Византијците, тој на своите следбеници им рекол дека после таа битка ги очекува уште поголема војна, мислејќи на сопствената војна со самиот себе си. Повеќе се меша егото во религијата и затоа се појавуват разновидни начини и толкувања за ова што се случува во светот. Мора да постојат институции кои ќе се занимаваат со контрола на егото и како тоа да се постигне. Затоа што се претпоставува од неконтролираното его, се создава хаос, во целиот свет. Универзумот, Човекот, Светите текстови. Тие треба да се читаат на идентичен начин. Ако убиеш човек си го убил и светиот текст. Колку е свет текстот толку е свет и човекот колку е свет човекот толку е света и природата. Многу малку зборуваме за вертикалната страна на религијата.

Византиското црковно право предвидувало епитимија, или со други зборови црковна санкција, оддалечување на верникот од света причест, во случај на убиство.

Дури и во случај на одбранбена војни, војниците што се враќале биле дистанцирани, оттргната од црковните верски ритуали, иако било одбранбена акција. Дури и тогаш кога е неминовна војната како себе заштита, одбрана и тогаш војната и убивањата се лоши и се забрануваат. Во Византиската култура ниту во еден момент немало релативизирање на војните на лошото.Радикализмот, фундаментализмот, екстремизмот и тероризмот се термини импортирани од дистанца. Разлика меѓу радикализам и фундаментализам.

Радикализмот политички термин од 19-тиот век, една политичка мисла сака да надвладее над другите. Неприкосновена мисла, дека е најдобра, нема место за други размислувања или други политички опции.

Фашизмот е еден вид политички радикализам. Во случајот на екстремизмот, се тргнува во директна акција. Дали верскиот радикализам е условен од верските учења? Радикализмот се додава само како еден вид оправдување на некоја изведена терористичка акција. Тероризмот користи најразлични методи на насилство и сила, со една и единствена цел да предизвика што е можно повеќе паника и страв и несигурност кај луѓето, за да можат што полесно да ги остварат целите, кои се во насока на вршење на политичко влијание или пак остварување на определени идеолошки, националистички или сепаратистички идеологии. Во доменот на ова, соработката на НАТО и ЕУ во водењето на против терористички операции надвор од своите граници, се очекува да ја достигнат својата комплементарност до 2020 година, кога е следниот бран на зголемувањето на нивното членство.[79]

Во регионите надвор од Европа, САД и европските сојузници ќе продолжат со зајакнување на соработката која ќе се базира на компаративни анализи на современите закани врз база на досегашните научени лекции на терен. Овие заеднички напори се однесуваат главно на клучните земји: Јужна Азија, Европа, Африка и на Арапскиот Полуостров[80].

Религискиот фундаментализам почнува како религиска идеологија, враќање кон основите, враќање кон исконското, враќање кон фундаментите, што значи основа и во рамките на религиските норми и вредности, основа во рамките на семејните вредности, по извесен период се претвора во политичка идеологија, која што во принцип е позитивна политичка идеологија и означува нешто што е врзана за црквата, Исламската заедница или државата во рамките на еден политички тренд, во однос на враќањето кон фундаментите на религијата.

[79] NATO and EU enlargement strategy 2020

[80] National strategy for counterterrorism, The white House, Washington, 28 june 2011, p.15.

Исламистичкатаа идеологија повикува на извршување и создавање на глобална исламистичка држава, наречена Калифат, која ги обединува сите муслимани и е регулирано од страна на исламскиот односно шеријатскиот закон. Нејзините приврзаници сметаат дека исламот треба да биде сеопфатен водич за живот;тие не веруваат дека исламот може да биде ограничен на верската сфера. Ниту, пак, прифаќаат интерпретација дека исламот може да се развие во текот на вековите, или да биде изменет од страна на културните и регионални разлики. [81] Ширењето на исламот во целиот свет креираше нејасна врска меѓу религијата, одредено општество, и територија. Една третина од муслиманите во светот живеат како припадници на малцинска заедница. Во срцето на овој развој е, од една страна, доброволното населување на муслиманите во западните општества и, од друга страна, сеприсутноста и влијанието на западните модели, културни и општествени норми. Заживување на исламот меѓу муслиманското население во последните дваесет години погрешно се смета како реакција против прозападништвото наместо како еден од нејзините последици. Неофундаментализмот е стекнување на земјата без корен меѓу младите муслимани - особено меѓу мигрантите од втора и трета генерација на Запад - и овој феномен е хранење нови форми на радикализам, кои се движат од поддршка за Ал Каеда, на целосно отфрлање на интеграцијата во западното општество. [82]

Според Оливер Рој, исламскиот фундаментализам не е реакција на една нота против прозападниот начин на живот туку производ на комплексот на силите на глобализацијата. Напорите на западните муслимани да го наметнат својот идентитет во немуслимански контекст, креира отпор во нови форми кои што се манифестираат последните две декади.

Верскиот радикализам го потхранува национализмот во одредена мера. Злоупотребата на религијата, а, не самата религија е извор на секаков тип на конфликти. Ниту црквата, ниту синагогата ниту џамијата се наш непријател. Радикализмот е на другата страна. Тој не се генерализира туку се исклучува, како нешто што е резултат на некои индивидуалистички цели, акции, кои оправдание за своето недело, бараат оправдание во религијата, се злоупотребува религијата.

[81] See definitions in ''Violent Islamist Extremism, The Internet, and the Homegrown Terrorist Threat.'' United States Senate Committee on Homeland Security and Governmental Affairs, Majority and Minority Staff Report, May 8, 2008; and Zeyno Baran, ''The Muslim Brotherhood's U.S. Network.'' The Hudson Institute, Current Trends in Islamist Ideology, Vol. 6, p. 96

[82] Oliver Roy, Globalized Islam: The Search for a New Ummah Columbia University Press, 2004

Европа се движи незапирливо надолу по патот на културно самоубиство, како резултат на се поголемото промовирање на моделот на мултикултурализмот кој никогаш нема да заживее во целост. [83]

Додека Европа спие е приказна за американското искуство во Европа, пред и по 9/11, и од неговите аргументи со Европејците за опасностите од милитантниот ислам и улогата на САД во борбата против него.

Hourani (1991) пишува дека религијата на исламот од нејзиното конституирање претставува "проблем" за христијанска Европа, [84] но во исто време претставува и интелектуален предизвик и можност за комерцијална трговија и размена на знаење во клучните области како што е медицината.

## 2. Радикалниот ислам и муслиманската жена

Свеста за потребата од задолжително гарантирање на посебна група човекови права-права на жената, почна да се вообликува значително подоцна од филозофско теоретските мудрувања за човековите права воопшто дури во текот на осумнаесеттиот и деветнаесеттиот век. Врз нивната појава директно влијаеја тектонските промени што на комплетен општествен план ги предизвика Првата индустриска револуција.

Имено, постепеното редефинирање на традиционалната поделба на трудот, заснована исклучиво на приватно-правен и јавно-правен субјект.

Последната трансформација започна дури кон крајот на минатиот век преку процесот на обликување на жената во рамноправен член на заедницата, со сите права и обврски што произлегуваат од таквиот статус. [85]

Кога станува збор за исламот и неговото третирање за жената, работите не соодветствуваат со она што е загарантирано во пишаната верзија на Универзалната декларација за човековите права. [86]Таа во исламските општества посебно е потчинета на мажот и неговите потреби, а во поново време и станува активен чинител на

[83] Bruce Bawer , While Europe Slept: How Radical Islam is Destroying the West from Within Paperback – September 11, 2007

[84] Tahir Abbas Islamic Political Radicalism: A European Perspective, January 1, 2007

[85] На почетокот се работеше само за признавање и практикување на правото на глас-активно избирачко право. Прв успех на планот на правото на глас, бил забележан во 1893 во Нов Зеланд, а потоа во 1902 во Австралија, во 1906 во Финска, во 1913 во Норвешка, во повеќе американски држави- Вајоминг, Колорадо, Ајдахо, Канзас, Орегон итн. До 1914, во Велика Британија и Луксембург в о 1918, Австрија, Чехословачка, Германија и Полска во 1919 итн. (Поопширно во Convention on the Political Rights of Women, history and commentary, United Ntions, Department Economic and Social affairs, Ney York, 1955, pp 1-3).

[86]https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%A3%D0%BD%D0%B8%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%B7%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0_%D0%B4%D0%B5%D0%BA%D0%BB%D0%B0%D1%80%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0_%D0%B7%D0%B0_%D1%87%D0%BE%D0%B2%D0%B5%D0%BA%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D1%82%D0%B5_%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B0

фундаменталистички терористички акции како продолжена рака или инструмент на исламскиот радикализам.

Во рамките на медиумските известувања за исламскиот фундаментализам посебно место се отстапува на темата: муслиманската жена. При тоа постојат две оски по кои се движат новинарите што работат на оваа тематика. Едната оска е онаа која има за цел да го прикаже сфаќањето на самите исламистички борци и нивната идеологија за жената.

Едната линија на оваа оска беше особено популарна за организацијата на Ал Каеда, за тоа дека мотив за самоубиствените мисии на нејзините борци се 72 девици кои ги чекаат во рајот. Втората линија е да го прикаже животот, облеката и вредностите на жената на радикалниот исламист. На пример, носењето на бурка и хиџаб, особено беше популарно за европските медиуми како безбедносен ризик, а делумно ваквите објави беа поттикнати и од официјалните забрани за ваков тип на облека. Третата линија, актуелна во последно време е жена-борец исламски радикалист.[87]

Во друг случај жената е жртва на тој радикален ислам, таа се злоупотребува за други цели. И оваа оска медиумите ја разработуваат од повеќе аспекти, но најмногу приказни се посветуваат на жени кои се спротивставиле на таквата идеологија.[88]

## 3. Тероризам

За да се најде решение на проблемот со тероризмот треба да се знае неговиот корен. Генезата на тероризмот е од поново време, и особено доби на динамика и на реафирмирана терминологија, со терористичкиот напад на кулите близначки во Њујорк и зградата на Пентагон, на 11 септември 2001 година, како предупредување за лошата американска политика во светот. Според многу припадници на радикалните исламистички организации, најмногу лоши критики се упатуваат на адреса на Западот, кој сака да игра улога на строг полицаец во светот, наметнувајќи правила и вредности кои според исламот, се косат со неговиот вредносен систем и начин на живот. Блискиот Исток не сака Америка да узурпира туѓи територии, да прави од другите земји колонии и протекторат, да наредува и да се меша во внатрешните работи.

---

[87] Пример, Ал Арабија, 2 февруари 2014 г, „Ал Каеда во Сирија формира женски чети“ (http://english.alarabiya.net/en/News/middle-east/2014/02/02/Syriajihadist-group-ISIS-forms-women-only-battalions.html)

[88] Пример, Ал Џезеира, 13 октомври 2014 г., „Активисти за човекови права тврдат: Борците на ИСИЛ силуваат жени јазиди и киднапираат деца“, (http://america. aljazeera.com/articles/2014/10/13/isil-yazidi-iraq.html)

Терористичките напади од 11.09.2001 година беа увертира, за САД да преземе водство во борбата против тероризмот. Тој датум беше одлучувачки и пресвртен момент, да се согледаат штетните последици од ненавременото детектирање на овие појави, кои носат голема опасност за човештвото.

Во тој напад одговорноста ја презеде најсилната терористичка групација во тој период, Ал Каеда и нивниот лидер Осама Бин Ладен.

Подоцна од таа групација се одвои ново крило, кое се преименува во ИСИС. Опасноста од глобалниот тероризам и опасноста од промена на рамнотежата на силите на светската мапа, полека но сигурно добива реализација. Со рушењето на Асад, исламскиот тероризам, од Сирија би можел да се прошири не само на целиот Блискиот Исток и Северна Африка, туку и во целиот свет.

Порано или подоцна некоја политичко-воена групација, би водела во воените судири. Денес, најмоќна бунтовничка група е Исламската држава. Таа контролира најголем дел од Сирија. На својата територија има изградено државна структура, има фанатизам и верност од своите борци, и голема финансиска поддршка од надвор. Може да се претпостави, дека со заминување на Асад, по воен или дипломатски пат, позицијата на ИСИС ќе се подобри.

"Тероризмот е користење предумисла или закана за употреба на насилство од страна на поединци или локални групи, за да се добие политичка или општествена цел преку заплашување на поголема публика надвор од нападот на непосредните жртви. (Enders and Sandler 2005 :260 " ).[89]

**Слика 6**




Во тој период, се создадоа разлики во перцепцијата кон оваа појава меѓу САД и Европа, дојде до поларизирање на нивните ставови, особено по интервенцијата на САД врз Иран. Интервенцијата на Русија врз Грузија, самитот на Нато во Букурешт во 2008 та година, го најавија враќањето на Русија на меѓународната сцена. Начинот и перцепцијата на која Русија имаше одговор во однос на ова прашање, ја интензивираат нетрпеливоста меѓу Западот и Русија, и сето тоа добива нова димензија со воената интервенција на Русија во конфликтот во Сирија. [90]

[89] Enders and Sandler 2005 :260
[90] http://religija.mk/papata-postoi-razlika-megju-islamot-i-terorizmot/01/08/2016

Надмоќта на тероризмот кој се спроведува во име на исламот и бројот и интензитетот на бунтови кои ги вклучуваат муслиманските малцинства е прилично збунувачки. Тие се движат од терористички операции извршени од страна на транснационални групи како што е Ал Каеда, одговорен за 9/11, Лондон и Мадрид нападите, до бунтови монтирани од страна на муслиманските малцинства во Русија, Индија, Тајланд и на Филипините. До денес, не постои јасен консензус за коренот на тероризмот, вклучувајќи ги муслиманските заедници.[91]Наместо тоа, разни студии детектираат различни влијанија, вклучувајќи ги и социо-економските, етно-културните тензии, па дури и некои атрибути на самата религија.[92]

### 3.1. Нато и Еу против тероризмот

Соработката на НАТО и ЕУ во водењето на борбата против терористичките операции надвор од своите граници, се очекува да ја достигнат својата комплементарност до 2020 година, кога е следниот бран на зголемувањето на нивното членство. [93] Во регионите надвор од Европа, САД и европските сојузници ќе продолжат со зајакнување на соработката која ќе се базира на компаративни анализи на современите закани врз база на досегашните научени лекции на терен. Овие заеднички напори се фокусираат главно на клучните земји: Јужна Азија, Европа, Африка и на Арапскиот Полуостров. [94]

### 3. 2. Тероризам и медиуми

Се повеќе медиумите, посебно социјалните медиуми стануваат главен извор и мрежа за регрутирање и индоктринација на млади муслимани кон каузата што ја промовираат џихадистите. Се злоупотребуваат социјалните медиуми за пласирање на видео пораки, видео содржини со исламистички доктрини, кои имаат за цел приклучување кон тие канали на сите истомисленици. Од она што се истражувало се увидело дека многу малку време им требало на овие луѓе да се одлучат за

[91] Bruce Hoffman, "Outlook: Al-Qaeda's Grand New Strategy," Washington Post, January 11, 2010.
[92] Arie Kruglanski and Shira Fishman, "Psychological Factors in Terrorism and Counterterrorism: Individual, Group, and Organizational Levels of Analysis," Social Issues and Policy Review, Vol. 3, No. 1 (2009), pp. 1-44. Available at http://terpconnect.umd.edu/~hannahk/Terrorism_files/PsychologicalFactors.pdf
[93] National strategy for counterterrorism, The white House, Washington, 28 june 2011, p.15.
[94] NATO and EU enlargement strategy 2020

самоубиствени мисии во име на Алах, и како одговор на нивното лично незадоволство. Причините за таа слепа милитантна индоктринација не се секогаш еднозначни. Во тоа спаѓаат и економските елементи, идеолошките, социјалните, религиозните. Генерален е податокот и заклучокот дека сите вршители на терористички акции се припадници на исламот. Според американскиот филозоф Ноам Чомски, се отвора ново поглавје, се создава глобализирана војна со дронови, која означува почеток на нова ера на меѓународниот тероризам. Според тврдењето на Чомски, оваа технологија ќе се покаже дека е употреблива и за акции на разни терористички групи.[95]

## 4. Терористички групи

Повторното заживување на исламот во муслиманските општества достигнува својата кулминација во 70-тите и 80-тите години на XX век. Катализатор на овој процес е понижувачкиот пораз на Арапите во Арабско-Израелската војна во 1967 година. "Израелската војска ги окупира областите на Голанската височина, Синај Појасот Газа, Западниот брег и Источен Ерусалим, со тоа што и нанесе катастрофален пораз на арапската и муслиманската гордост, идентитет и самодоверба. Губењето на Ерусалим - третиот свет град на муслиманите - не е само регионален, арапски проблем. Враќањето на Ерусалим и ослободувањето на Палестина се претвораат во "религиозна кауза за целиот муслимански свет". Една од најзначајните појави во меѓународните односи од првата половина на 20 и почетокот на 21-от век, е ревитализација на политичката улога на религијата. Посебно е значајна за истакнување политичката ревитализација на исламот.[96]

Ал Каеда беше меѓу првите терористички организации кои отворено демонстрираа нетрпение кон Западот, посебно кон САД, спротивставувајќи се на нивниот империјалистички став кон секој во светот. Таа улога на строг полицаец, кој сака својата железна рака да ја стави врз секој дел од Земјината топка, наиде на голем отпор кај муслиманскиот свет. Посебно арапските земји, кои отсекогаш се спротивставувале на прифаќањето на промените што ги наметна глобализацијата.

Според Томас Гимбл, поранешен шеф на разузнавачката служба на ОБСЕ на Косово во период од 1999-2004. Во декември 2006 година, тој тврдеше дека Косово е

---

[95] http://vesti.mk/read/news/3513885/1255649/chomski-amerika-stoi-zad-najgolemite-teroristichki-napadi-vo-istorijata

[96] Јевтич, M. Political Sciencee and Religion, Politikologija religije, br. 1/2007, /godina Prva.

најголемиот резервоар на џихадски терористи во светот, а Ал Каеда вложува огромни количини пари во регионот.

Според неговите извори Саудиска Арабија, Иран, Ал Каеда и Хезболах, заеднички работат на воспоставување исламска војска во Европа, составена дури од 75.000 војници. Регрутните центри се наоѓаат во новите изградени џамии ширум Косово, Македонија, Босна и Албанија, изградени на трошок на арапските земји.[97]

Според Кенет Морисон вахабизмот е увезен на Балканот. Радикалното исламистичко движење пристигна на Балканот со војната во Босна во деведесеттите. Со цел да се опише ситуацијата на босанските муслимани соработник на Бин Ладен кој учествувал во војната во Босна изјавил:

„Комунистичката идеологија ги избришала сите симболи на исламската религија и сфаќањето на исламот. Ние видовме млади муслимани кои носат крст на нивниот врат без да знаат што значи тоа, иако доаѓаат од муслимански фамилии и имаат муслимански и арапски имиња. Тие имаат игнорантски однос кон исламот. Оттука сфативме, дека обврската што ни се наметна во Босна е поважна од мисијата да се бориме за која што дојдовме. Па така сфативме дека иако дојдовме да ги научиме да војуваат ние имаме обвска да ги научиме на нивната религија“. [98]

Иницијалната причина за доаѓањето на луѓето како Ал Бахри на Балканот, беше да им се помогне на нивните браќа муслимани во Босна. Откако во Босна дојдоа поголем број муџахедини, тие решија да останат во Босна, се оженија со босански жени и добија босанско државјанство. Подоцна, со зголемувањето на вахабистичките групи во регионот, тие се проширија на териториите претежно населени со муслиманско население, како Санџак, Косово, Црна Гора и Македонија, демонстрирајќи дека вахабистичкото движење се шири низ Балканот. Муџахедините во Босна од 1992 до 1995 година. Првиот чекор во откривањето на Џихадот во Косово е направената анализа на НАТО и КФОР со наслов „Косово во фокусот на интересирањето на исламските екстремисти”.

Во неа јужната српска покраина е означена како рута за екстремистите кои доаѓаат од Заливот на исламските земји во Европа, користејќи ја слабата гранична

[97] Vladislav Gulevich, “Balkans: US-Style Wahhabism”, en.fondsk.ru – 04.11.2009 dostapno na http://www.gabibn.com/IMG/pdf/Re3-_Balkans_US-Style_Wahhabism.pdf.

[98] Morrison Kennet, Wahhabism in the Balkans, Advanced Research and Assessment Group Balkans Series 08/06 (Swindon, UK: Advanced Research and Assessment Group, 2008), стр. 2, достапно на http://www.da.mod.uk/colleges/arag/document-listings/balkan/08(06)KM.

контрола на Косово, како и речиси непостоечкото владеење на законот во покраината. Исто така, Косово е означено како потенцијален терен за регрутирање на исламски екстремисти.

Голем број млади муслимани кои живеат во беда и сиромаштија се идеален плен во рацете на терористичките работодавци. Градот Призрен е идентификуван како примарен центар на исламскиот екстремизам во Косово, а Екрем Авдија од јужниот дел на Косовска Митровица е еден од главните пропагатори на радикалниот ислам во покраината. Како параван за воспоставување на исламските терористички ќелии се користат арапските хуманитарни организации. Албанците постепено ги прифаќаат новите обичаи, почнувајќи со молење по петпати на ден. Во новите џамии има нови проповедници кои се разликуваат во однесувањето и физичкиот изглед од стариот мулах и имам.

Исламските екстремисти кои доаѓаат од Блискиот Исток и Централна Азија, внимателно се координираат при формирањето на нивната терористичка мрежа во Македонија и Косово. Исламските екстремисти имаат три центри на операции: 1. Скопје, северо-западниот дел на Македонија, Тирана (Албанија) и Косово. Секоја година околу 200 млади Албанци од трите центри добиваат образование во Саудиска Арабија, на трошок на саудиската влада.[99]

### 4. 1. Ал Каеда

Ал-Каеда е глобална воена исламистичка терористичка организација основана од Осама Бин Ладен во периодот помеѓу август 1988[100]и крајот на 1989 година[101]. Работела како мрежа од мултинационална армија од лица без државјанство и

[99] Vladislav Gulevich, “Balkans: US-Style Wahhabism”, en.fondsk.ru
na http://www.gabibn.com/IMG/pdf/Re3-_Balkans_US-Style_Wahhabism.pdf
A COMPREHENSIVE REPORT PUBLISHED IN RIYADH ABOUT THE ACHIEVEMENTS OF THE SAUDI COMMITTEE FOR THE RELIEF OF KOSOVO AND CHECHNYA, достапно
на http://www.ainalyaqeen.com/
issues/20000505/ feat8en.htm Islamskata humanitarna fondacija El Haramein, достапно
на http://www.satp.org/satporgtp/ajaisahni/NewTheme0703.htm
BIRN, Raid of Wahhabi „Camp” Raises Tensions in Sandzak, достапно на http://www.birn.eu.com/
Oluic Steven, US Military Academy, „Radical Islam on Europe’s Frontier - Bosnia & Herzegovina“ , Oluic, 2006, стр. 39.
Deliso Christopher, ”The Coming Balkan Caliphate”, London, 2007, стр. 66

[100] Bergen 2006, стр. 75.
[101] United States v. Usama bin Laden et al., S (7) 98 Cr. 1023, Testimony of Jamal Ahmed Mohamed al-Fadl (United States District Court for the Southern District of New York 6 февруари 2001).

радикалното движење на сунитите за глобален џихад и интерпретација на шеријатот. Прогласена е за „терористичка организација“ од страна на САД, Обединетото Кралство, Советот за безбедност на ОН, Европската Унија, НАТО и многу други држави.

Ал-Каеда напаѓала цивилни и воени мети во повеќе земји, како нападите на 11 септември 2001, бомбардирањата на амбасадата на САД во 1998 година и бомбардирањата на Бали во 2002 година. Владата на САД им возвратила со започнување на Војна против тероризмот. Ал-Каеда продолжила да постои и да се проширува. [102]Со смртта на главните комуникатори, како Анвар ал Авлаки, способноста на „брендот“ Ал-Каеда продолжува да инспирира и понатаму.[103]

### 4. 2. Исламска држава-ИСИС

Девет членови од теористичката организација на ИСИС имале одлежано некое време во кампот Бука. Во март 2009 година, биле ослободени стотина затвореници бивши исламисти, радикални џихадисти. Низ кампот Бука по некои проценки поминале и одлежале казна затвор преку 100.000 затвореници, после ослободување на дел од затворениците, овој камп го затвориле ирачките власти.

Се претпоставува дека токму водечките идеолози на теористичката група се запознале во тој затвор, и заеднички ги смислувале идните начини на ширење и дејствување.

Водачот Багдади, поминал пет години во тој озлогласен затвор. Пред нивното затворање, нивната мисија била да ја нападнат Америка, но, во затворот, нивните екстремистички и радикалистички илузии се прошириле, и тој затвор се смета како еден вид терористички универзитет, искусните радикали им биле професори на другите затвореници, кои биле во улога на добри ученици, а затворските власти имале улога на отсутен старател. Затворите се третирале како експрес лонци за создавање профил на терорист. Во Ирак 2007 година, во време на воениот конфликт се наоѓале вкупно 24.000 затвореници осудени поради екстремизам.

Сите несогласувања меѓу затворениците се решавале по исламското право, според исламот. Дури и таму се гледало кој дејствува повеќе во согласност со исламското право, а кој е помалку подложен на тоа влијание, па добивале меѓу себе презир и укор. Уште оттаму се поларизирала атмосферата за натамошна исламска мисија и реализација постфестумски.

---

[102] „The al-Qaeda Brand Died Last week“, „Forbes“, 6 септември 2011 (конс. 7 септември 2011 г).
[103] https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%90%D0%BB-%D0%9A%D0%B0%D0%B5%D0%B4%D0%B0

Шеријатските судови ги спроведувале законите во Бука. Секој кој се однесувал на начин кој се смета за западњачки, бил остро казнуван од страна на екстремистичките елементи во затворот. Најголем проблем во тој затвор бил сојузот што бил воспоставен од двете наелектризирани во тоа време струи во Бука. Од една страна поддржувачите на Садам Хусеин и од друга страна исламските фундаменталисти. Една со друга, групите се надополнувале. Од едната група се преземале организационата способност и војничката дициплина, од другата целта за понатамошното делување. Радикализмот и осветата, клучни мотиви после ослободувањето од затворот. Останатото е она што го гледаме директниот производ на овие припадници на џихадистичката мрежа ИСИС. Оваа карта, адаптирана од работата на Институтот за проучување на војната, ја покажува територијата под контрола на калифатот заедно со областите што ги нападнале.

Каде што ја имаат власта, државата ги собира даноците, ги регулира цените, работи со судовите, како и администрирањето услуги од здравствена заштита и образование до контрола на телекомуникациите.[104]

Религијата се злоупотребува и служи како извинување за извршување одредена терористичка акција. Сето тоа во контекст на верскиот тероризам, кој почива само на религиската доктрина и наоѓа некакво оправдување од неа.

Термините се западни, и нема допирни точки со Истокот од каде што потекнува Исламот како религија.

### 3. Тероризмот во светот низ бројки и графикони

Бројот на смртни случаи од тероризам речиси двојно се зголемил во 2014 година. Повеќето од нив се од Блискиот Исток и Африка, а не од Запад.[105]

**Слика 7**




Тероризмот се шири. 67 земји забележале најмалку една смрт во 2014 година во споредба со 59 од претходната година. Бројот на акции од џихадистичките групи против западните земји се зголеми особено од септември 2014 година, кога портпаролот на Исламска Држава ги повика своите следбеници да ги нападнат оние

[104] http://www.theatlantic.com/magazine/archive/2015/03/what-isis-really-wants/384980/
[105] http://www.economist.com/blogs/graphicdetail/2015/11/daily-chart-12

западни земји кои се вклучени во воените напади во Сирија и Ирак. Повеќето акции не успеаја, иако поголем број од нив биле успешни.[106]

**Слика 8**




Ниедна етничка и верска група никаде не разбранува и не прави проблем со себе и од себе, како што тоа е случај со граѓаните од муслиманска вероисповед.

Проблемот се лоцира во повеќе причинители, некои го лоцираат од влијанието на религијата, која доколку буквално се интерпретира не остава простор за религиски дијалог и соработка. Укажува на почит, некогаш во прикриена форма, но мисијата на целиот муслимански свет, ако станува збор од верски аспект, е создавање и креирање на т.н. „Исламски поредок,, Исламска држава со исламско право-Шеријат, која го уредува начинот на живот во едно општество со само еден владетел, Калиф, а системот на уредување, Калифатски.

### 3. Вахабизам

Кога Мухамед Ибн Абд ал-Вахаб започнал да проповеда преродбенички бренд на исламот меѓу бедуините во текот на 18 век, неговите идеи во центрите на исламското учење како што е Ал-Азхар, биле толкувани како симплистички и погрешни до точка за ерес. Ибн Абд ал-Вахаб тврди дека падот на муслиманскиот свет е предизвикан од штетните надворешни иновации како што е европскиот модернизам, но исто така и елементите на традиционалниот ислам, кои беа непознати на изолираните Бедуини.

Во таква ситуација советувал чистење од овие влијанија преку т.н. исламска преродба. Кредото на Ибн Абд ал-Вахаб главен акцент става на Тавхид (монотеизмот), осудувајќи многу традиционални муслимански обичаи како на пример политеизмот или многубоштвотоТој, исто така, на џихадот му дал необично значење во неговото учење. Вахабистите себе си се нарекуваат монотеисти т.е. Вахабисти.

---

[106] http://www.economist.com/blogs/graphicdetail/2015/11/daily-chart-12

## 4. Салафизам

Салафизмот потекнува од средината до крајот на 19 век, како интелектуално движење на Ал-Азхар Универзитетот, предводен од страна на Мухамед Abduh (1849-1905), Џамал ал-Дин ал-авганистанските (1839-1897) и Рашид Rida (1865-1935) . Движењето е изградена на широка основа. Ал-Азхар е политички активист, додека Abduh, педагог, барале постепено социјални реформи (како дел од da'wата), особено преку образованието. Дебатата околу местото на овие соодветни методи на политичка промена продолжуваат со сегашноста преку дејствувањето на салафистичките групи како што е Муслиманското братство.

На почетокот Салафистите се воодушевувале на технолошкиот и социјалниот напредок на Европа како што е просветителството, и се обидувале да го усогласат со верувањето дека нивните општества се наследници на Златното доба на исламот што следела по откривањето на пророкот Мухамед.

Салафистите ја утврдуваат рационалната реинтерпретација на раниот ислам со очекувања за откривање на повеќе “модерни религии“. Во однос на нивното формирање, вахабизмот и салафизмот се сосема различни. Вахабизмот ги отфрла модерните влијанија, а салафизмот бара да се помири исламот со модернизмот.

Она што им е заедничко е дека и двете учења ја отфрлаат традиционалата интерпретација на исламот во корист на директната, "фундаменталистичка“ реинтерпретација. [107]

Денеска Блискиот Исток има потреба од алтернативни модели на политички промени за да се спречи такфири салафизмот. На Запад, образованието е главен фактор за социјална интеграција. Но, како студија на случај Саудијците треба да бидат свесни не само за квантитетот, туку и на природата на образованието. Саудиските студенти во 1970-тите години учеле инженеринг и администрација заедно со идеологијата на ксенофобичните оттуѓување. Во оваа долга трка, борбата против насилниот салафизам ќе се води не само на боиштата во Авганистан и Ирак, но, исто така, и на универзитетите на Блискиот Исток.

---

[107] https://jamestown.org/program/understanding-the-origins-of-wahhabism-and-salafism/

## 5. Џихад- "Света војна

Кога се говори за џихадот се доведени во прашање две работи. Имено, дали џихадот претставува навистина „света војна", или пак тоа е само покритие за изведба на тие монструозни акции и напади. Надвор од исламскиот свет, тој поим „света војна" асоцира на насилство и се доведува во блиска корелација со исламистичките терористички организации. Современиот свет се соочува со проблемите на исламот и исламизмот. Проблемот е длабок и ни малку не е наивен. Џихадот е подложен на реформи, се зависи од околностите во кои ќе се најдат муслиманите. Од исламска гледна точка, џихадот е решение за многу ситуации кои им се испречуваат на муслиманите на патот за конечните цели. Целите на исламистите се секогаш исти.

Крајна цел е создавање голема Исламска Држава во која Шеријатот-исламското право ќе важи за сите граѓани. Исламот е начин на живот од секоја гледна точка за муслиманите. Глобализацијата и конкретно Западот се најголеми непријатели на Исламската цивилизација.

Џихадот според муслиманите е дел од исламската мисија даве. Преведено директно, Даве значи повик. Или посликовито преведено како мисија, како главна цел да ги натера луѓето кон божјиот пат, да го прифатат исламот. Даве е исполнување на оваа заповед "за повикување на луѓето кон патот на Алах". Тие приврзаници веруваат дека преку џихадот ја прикажуваат приврзаноста кон исконскиот ислам. Фундаментализам наспроти американски империјализам. Строгиот полицаец кој сака да ја стави својата рака на целиот свет, и да ја построи концепцијата на светот, онака како што тој ја има замислено.

Целта на џихадистите е создавање на исламски држави кои ќе бидат водени од чистата интерпретација на Суни исламот, попознат како Салафизам или Вахабизам. Но, има и група или т.н. паралелно движење наречено Талибанско движење, кое не се изедначува со Салафизмот, но суштината на нивната борба е скоро идентична. Поаѓајќи од фактот, дека онаму каде што исламот е доминантен, се мисли пред се на Блискиот Исток и Пакистан, религиското малцинство е прогонувано, со давање мал отпор. Или со други зборови кажано се иселуваат, оттргнуваат од своите родни огништа, за да не бидат под постојан терор од тамошните исламисти. Онаму каде што муслиманите се малцинство, имаат свој начин на искажување на револт, или пак уценувачки намери, доколку не бидат исполнети нивните барања. Ќе има мир се додека се исполнуваат нивните барања. Или ситуацијата се чини дека се прави сè, за да се обезбеди оправдување за религиозниот фанатизам.

### 5. 1. Босански џихад

Од друга страна босанскиот џихад е важен за исламската глобализација. Со ваков концепт БиХ, станува прва држава на Европа со силен продор на исламот. Регрутацијата на балкански муслимани кои подоцна ќе служат за исламски цели и исламска мисија, најчесто биле регрутирани од Босна и тоа од белата раса, поради белиот изглед и оттргнување од сомнежот на полициските контроли, муслиманите од европско потекло, цел за регрутација на терористичките групации поради полесното преминување на безбедносните контроли и неупадливоста. Неолиберализмот го шири Америка насекаде во светот. Како дел од глобализацијата, бидејќи ниедна земја не може да опстане како таква самостојно, затоа глобализацијата е еден кумулативен процес, кој се надоврзува од еден дел на друг, создавајќи делови зависни едни од други. Обидот на Американците да се доближат до исламскиот свет не донесе позитивен исход.

Исламизам или радикализам претставува акција на свесно организиран дел од заедницата на верници, со сите атрибути на политичко движење, чија што основна цел е трансформација на општествените односи на основите на политичката доктрина базирана на исламот. Со оглед на тоа што радикализамот или исламизмот се еден од начините на реализација на идеалите на Мухамед, тој сочинува дел од општиот фундаментализам,но во неговата најспецифична и милитантна форма. Терминологијата посветена на исламскиот препород, се разликува од автор до автор, но суштината е враќање на корените на исламот по пат на вооружена света војна, наречена џихад.

Земајќи в предвид дека исламскиот концепт налага “борба“ и содржи во себе духовна и милитантна конотација, терминот џихад опишува политичка идеологија, и додека многу шиитски групи и поединци се сметаат себе си како 'џихадисти“ овој број се фокусира на одредено движење во категоријата од Ал Каеда, нејзините филијали и оние кои се следбеници на таквата филозофија. Разликата помеѓу горенаведените џихадисти и други организации и индивидуалци, е што тие насилството го изедначуваат со исламската терминологија, исламското право, како нивна доктрина и долгорочна политичка визија.

Џихадисти веруваат дека исламот е нападнат пред се од Западот, Израел, муслиманските владетели отпадници, и Шиитите и според нивната перцепција, секој мора да застане зад одбраната на исламот, и неговото учење. Целта на џихадистите е создавање на исламски држави кои ќе бидат водени од чистата интерпретација на Суни исламот, попознат како Салафизам или Вахабизам. Но, има и група или т.н. паралелно

движење наречено Талибанско движење, кое не се изедначува со Салафизмот, но суштината на нивната борба е скоро идентична.

Исламизмот како најразвиена и најполитизирана форма на фундаментализам, настојување на еден нов политички систем, усогласен со исламскиот модел и исламското право. Некои научници се залагаат за анализа на исламизмот како вид на национализам во псевдорелигиска форма (Keddie 1969).

Џихадот кој босанските муслимани го водеа од 1992-1995 на просторот на БиХ, со тенденција да создадат исламска држава заврши со Дејтонскиот мировен договор. Тој Договор е резултат на компромисот на кој сите учесници во конфликтот мораа да дадат согласност. На Србите не им е дозволено да се отцепат од БиХ, и за возврат добија свој ентитет во рамките на БиХ, Хрватите кои беа приморани да бидат во федерацијата на БиХ, како еден од ентитетите на Дејтонска Босна, и на крај муслиманите кои формално добиле опстанок во Рапублика Српска, во рамките на единствената БиХ, со услов да мораат да го признаат српскиот ентитет, и на федералниот статус, кој го добиле Хрватите во Федерацијата.

По завршувањето на војната многу од тие теористички радикални борци останаа на просторите на Балканот, основаа семејства, и секогаш беа во состојба на готовност, да реагираат на командата на големите исламистички центри во светот, пред се се мисли на Саудиска Арабија, како главен финансиер и поддржувач на радикалниот ислам и главен центар за регрутирање борци во т.н. „света војна“ џихад насекаде во светот.

Благодарение на големата финансиска помош од арапските земји денес на Балканот според многу тврдења се наоѓаат главните центри за регрутација и обука на џихад војниците, кои претставуваат голема опасност и закана не само за Балканот туку и за цела Европа. Тие борци кои останаа на просторот на Балканот имаа главна цел и мисија, врбување на домашни муслимани и нивно вистинско подучување за „вистинскиот“ ислам. Од Босна и Херцеховина овие идеи се проширија низ целиот балкански простор посебно на подрачјето Србија, Санџак, Црна Гора и Македонија.

Филозофијата на новиот век е филозофија која што својата мисла ја гради преку напад кон религијата било која, ислам, христијанска, и кон верските заедници.
Има група луѓе кои го градат или се обидуваат да го градат новото општество со тоа што примарна улога и даваат и на религијата. Но, оттука се појавува и спротивставувањето со оние кои што поинаку сакаат да го живеат животот.

Во општеството во кое се оди кон форсиран индивидуализам, и таа група мора да се спротивстави на онаа група која што е со религијата. Што значи две опоненти, струи се насочени една кон друга и се случуваат овие состојби на безбедносен план. Се

загрозува состојбата на секоја држава од напливот на овие две струи. Од Џихадот се прави една политичка платформа, која има за цел конкретни работи, ставање во функција за реализација на политички цели.
Користејќи ја огромната економска дискрепанца помеѓу богатите и сиромашните, користејќи го пред се младиот човек, целта е геополитички стратегии и цели.
Дали Истанбул ќе биде големиот Калифат на срцето на Балканот. Секој ден, расте бројот на жртвите од организираните терористички акции. Се добива впечаток дека како пропорционално расте бројот на регрутирани исламисти, така расте бројот на напади насекаде во светот. Во понов период се детектираат успешно личностите кои се сомничат за тероризам, и преку успешна соработка меѓу националните држави на интернационално ниво, системот за антитероризам и безбедност, охрабрувачки се дејствува.

## IV дел Бегалска криза, миграции

Бегалската криза, реперкусиите што таа ги носи со себе, како на безбедносен, така и на геополитички план, се голема закана за човештвото. Се развиваат предизвици кои бараат сериозно разгледување, детектирање и решавање.
Луѓето на Запад сметаа дека муслиманите кога ќе дојдат во Франција, Англија, или Америка, штом ќе го изедат првиот доручек, ќе сфатат дека Бог е глупост.[108]

**Слика 9**




Веројатноста е дека тие општествени сили и понатаму ќе зајакнуваат, затоа што колку е поголем приливот на бегалци од Блискиот Исток, толку се гледа стравот на луѓето од тој прилив, страв за сигурноста и безбедноста на секоја држава. Бројни примери терористички акции, самоубиствени мисии, во кои одговорност презеде Исламска Држава, оди на контото на претпазливост за варијантата да се наоѓаат и маскирани радикални исламисти кои понатаму ќе ја злоупотребат гостопримливоста на земјата домаќин од која што бара азил. Освен бегање од војната што се води во земјите

[108] https://www.ekspres.net/drustvo/intervju-miroljub-jevtic-profesor-fpn-a-islam-zaustavlja-samo-sila

од третиот свет, се повеќе мигранти сакаат да одат од економски причини, да избегаат од сиромаштијата и да заминат во некоја европска земја, која ќе биде нивен нов дом.

Улогата на религијата е особено релевантна за историската фаза на германските трансатлантски миграции. Од времето на реформацијата, религиозното прогонство ја поттикна миграцијата. Бегалци и дисиденти емигрираа низ Европа и пошироко особено емигранти во Русија, областите на Балканот и Северна Америка.[109]Но, проблемите започнуваат кога по одредено време живеење во некоја западно-европска земја, истите тие граѓани со добиено државјанство на таа земја, сакаат да живеат различно од принципите што се еднакви за сите граѓани на таа земја. Не сакаат да ја почитуваат културата и начинот на живот, нивното незадоволство понекогаш достигнува степен на кулминација, со одговор од властите на Земјата домаќин или да се адаптираат на тие вредности веќе пропишани, или да си се вратат од онаму од каде што дошле и да си ја живеат религијата и сето она што таа го пропишува. Културен судир, верски конфликт кој се повеќе зема замав.

Германија е најчесто мета на мигрантите, последна и крајна цел кон која се насочуваат. Последниов период голем е стравот кај Германците од наездата на мигрантите, а се кршат копјата меѓу Германците, дали ова што се случува со приливот на бегалци ќе ја разбрани безбедносната состојба на Германија, посебно долгорочно гледано. Според некои студии посебно втората, и третата генерација на население од друго потекло, знае да се радикализира и да биде причина за екстремизам и милитантно дејствување. Иако образовани, навидум интегрирани, тоа е само прикриено однесување на она што сака да го види надворешно, земјата домаќин.

Се почесто сме сведоци на случувањата во Германија, како земја која до сега прими најголем број бегалци, но, и волјата на бегалците е Германија, како нивна сакана и конечна цел. Германија направи промени во својата легислатива, направи промени и во социјалната политика, со тоа оневозможувајќи го удобното гостопримство на домаќинот, се заострија некои работи, некои регулативи, истото го направи и Франција, која презеде и практични ригорозни решенија после нападот во Париз.

Секојдневно слушаме информации кои даваат примери за проблеми од страна на муслиманите, нивното игнорирање и непочитување на системот на државата во која решиле да го градат својот живот и иднина и немањето желба да се интегрираат кон културата и нормите што ги поставуваат земјите домаќини во кои се населуваат муслиманите. Потребата да се наметне исламското право, шеријатот, постојано го има,

---

[109] See, e.g., Thomas Klingebiel: Huguenot Settlements in Central Europe. In: In Search of Peace and Prosperity (fn. 5), pp. 39–67; Mack Walker: The Salzburger Migration to Prussia: Causes and Choices. Ibid., pp. 68–76; and AndreasGestrich: German Religious Emigration to Russia in the Eighteenth and Early Nineteenth Centuries: Three Case Studies. Ibid., pp. 77–100.

никнува, се појавува, и некаде со поголем некаде со помал интензитет, се одговара на таквиот предизвик, кој станува се поголем проблем последните години.

Некој кој живее во спротивност со исламските правила постојано има грижа на совеста за тоа. Тој знае од млада возраст дека еден муслиман не треба да јаде свинско месо, не треба да пие алкохол, не треба да зема дрога, не може да заработат за живот со хаотичен начин на живот, но неговата вера не е толку силна и тој постојано ги крши исламските правила. Во неговиот ум чувствува грижа на совеста.. Тој извршил толку многу гревови дека не постои ништо друго освен радикална посветеност да даде докази дека верата може да ги измие тие гревови и да го спаси од пеколните маки. И на крајот тоа е голем предизвик. Поопасни се стотици илјади од оние кои живеат според западните правила 30 години во Германија или Франција од оние кои секој ден одат во џамија. Едната група се моле, постел за цел живот, нема потреба да направи такво дело. Тој го покажува тоа со својот живот. Но, кај другата група се буди таа совест, и тука е пресвртната точка, која носи кон екстремности. Затоа, тоа не може да се контролира.[110]

Пример во Канада, кога и политичките лидери реагирале на некои поплаки од страна на муслимански родители, кои имале посебни желби а нивното објаснување било дека тоа било во согласност со она што го наметнува нивната религиска доктрина. Одговорот од одговорните бил дека муслиманите мораат да се прилагодат на начинот на живот што го нуди оној кој што ги примил безрезервно на својата почва, им обезбедил еднаков пристап кон сите ресурси, еднакви права за живот, образование и се што е потребно. Нивна задача е да се асимилираат и да се акомодираат на системот што веќе функционира, не земајќи ги предвид барањата на ниту една религиозна или друга група. Муслиманите се добредојдени само ако се интегрираат и ако ја почитуваат заедницата што со широки раце ги прифатила. Но, однесувањето нивно треба да биде во согласност со нормите и законите што ги наметнува земјата домаќин.[111] Во Европа се во подем национализмот и десниот екстремизам, пред се поради бегалската криза и приливот на мигранти.

Уште од 2010 Германската канцеларка Ангела Меркел излезе во јавноста со изјава дека мултикултурализмот е мртов, мислејќи на неуспешната интеграција на муслиманите во германското општество. После нејзиниот коментар, со исто размислување се произнесоа и тогашниот француски претседател Саркози и британскиот премиер Дејвуд Камерун. Иднината ќе покаже колку овој егзодус што се случува, ќе донесе промени на демографски, верски и етнички план.

---

[110] https://www.ekspres.net/drustvo/intervju-miroljub-jevtic-profesor-fpn-a-islam-zaustavlja-samo-sila
[111] https://en.qantara.de/

Антиципирање на она што се случува денеска со бегалската криза, со новите демографски разместувања, со напливот на милиони мигранти од Блискиот Исток, и во исто време стравот и опасноста за сигурноста и безбедноста на Балканот.

**Поновата историја, ги бележи следните настани:**

**1** . Во два воени центра во местото Чатануга во американската држава Тенеси имало пукање: 24-годишниот Мухамед Абдулазиз пукал на вработените во Штабот на поморските сили,оставајќи пет американски лица мртви во јули 2015 година.

**2.** Универзитетот на Калифорнија во Мерсед напад со нож: 18-годишниот студент Фајсал Мохамед нападнал студенти и наставник во ноември 2015 година, четири луѓе биле повредени.

**3.** 14 загинати и 17 повредени е билансот од инцидентот во јужниот калифорниски град Сан Бернардино, откако тројца вооружени напаѓачи отвориле оган за време на прославата во Центарот за лица со посебни потреби, во декември 2015 година.

**4**. Во Орландово геј ноќен клуб имало пукање: Омар Матин на 12 јуни, 2016 година, оставил 49 мртви и 53 повредени.

**5.** Назарет Медитеран ресторан напад со нож: Мохамед Бери Колумбус, Охајо, во февруари 2016 година, четири луѓе беа повредени.

**6.** Напад со нож на крстопад: Dahir Ахмад Adan нападнал немуслимански купувачи со воено нож на 17 септември 2016 година, 10 беа ранети.

**7.** Челзи Менхетен бомбардирањето: напад извршен од страна на Ахмад Рахимина 17 септември, 29 беа ранети.

**8.** Во Охајо со автомобил и со нож во рацете Абдул Али Артан, намерно го насочил својот автомобил кон толпа на ученици, и притоа ги нападнал со месарски нож. Крајниот исход бил11 повредени. Тоа се случило на 28 ноември.

**9.** Во 2013 година на маратонот во Бостон, извршено е бомбардирање од страна на браќата Царнаев. Три лица загинале, а повеќе од 300 биле повредени.

Еден заеднички именител на сите девет напади е тоа што секој бил извршен од страна на муслимански имигранти или синови на муслимански имигранти.[112]

## V Студија на случај

### 1. Босна

Во 6 и 7 век христијанизирана Босна и Херцеговина во 1463 година стана дел од Отоманската империја и се развиваше таму во мулти-религиозна област во која голем

[112] http://www.wnd.com/2016/11/9-bloody-terror-attacks-in-u-s-in-18-months-have-1-thing-in-common/#R2qzHeH8M4uZ1be5.99

број од жителите од економски и социјални причини конвертираа во ислам. Во 1878 година на Берлинскиот конгрес Босна и Херцеговина потпадна под хабсбуршката администрација и окупација, така што само формално остана дел од Отоманската империја.

Во 1908 година Босна и Херцеговина беше соединета. Во Законот за ислам во 1912 година беше воспоставено признавање на исламот како верска заедница и создадена локална самоуправа под државен надзор. Така се создаде целосна интеграција во рамките на Хабсбург. Но, владеењето на Хабсбуршката монархија заврши во 1918 година, како резултат на што Босна стана дел од Кралството на Србите, Хрватите и Словенците. По завршувањето на војната во Босна (1992-1995) Босна и Херцеговина се соочува со големи предизвици: реконструкција на државата и граѓанското општество, помирувањето меѓу етничките групи, кои се занимаваат со одгледување на национализмот и надворешни влијанија.[113]

Босанските муслимани одеднаш се најдоа под немуслиманските правила во ситуација која во многу нешта одговара на положбата на муслиманите во Западна Европа денес.[114]

Следеше период на голем број на реформи во кои се вклучени европеизацијата и модернизацијата во врска со локалните традиции.[115]

Пионерската студија за исламот и муслиманите на Балканот во пост-отоманскиот период на А. Поповиќ не случајно, го одбра насловот [116] „Балкански ислам". Во контекст на набљудувањето направено од страна на М. Тодорова на "силната онтологија на Балканот" и луцидниот коментар на I.Sekulić дека "Балканот е целина и цел" (Балкан, Белград, 2003 година,25), се оправдува терминолошката кованица „Балкански ислам". Не треба да се заборави во овој контекст припадноста на балканските муслимани кон исламската umma светска заедница на Алаховите верници. Ако се занемари овој важен податок, не може во целост да се објаснат причините и појавите со новите форми на исламот на Балканот или балканскиот ислам. Радикалната политизација природно води до исламска радикализација.Во време на војна и егзистенцијални опасности доаѓа до зајакнување на врските со не-балканските муслимани, кои се во состојба на готовност за фундаменталистички активности.

Во последно време многу интерес во јавноста има за активностите на следбениците на вахабизмот во Босна, Санџак, Црна Гора и во Косово, што е не-

---

[113] (види Хонг Конг, септември 2005 година, 423ff .; јуни 2002 година, 295ff.).
[114] http://www.con-spiration.de/texte/english/2008/schmid-e.html
[115] (види Фикрет Karcic, Бошњаците и предизвиците на современоста. Кон крајот на Отоманската и Хабсбуршката тајмс, Сараево, 1999).
[116] Popovic. A, L"islam balkanique (Berlin-Wiesbaden 1986)

балканска манифестација на исламот. Вахабистите се "дојденци на Балканот",[117]но носители на овој феномен, според тврдењето на овој автор, денес се локалните муслимани потпомогнати од светската исламска улема. Истиот автор потсетува дека во муслиманската заедница во Босна имало знаци на предупредување за неприфатливите Вахабистички движења во почетокот на 1980-тите. Во годините на демократизација, војна и во повоените години што следеа, имало дури и одбивање да се разгледа можноста од вахабистите како опасност за Босна. Сепак, во март 2006 година, дури и Ријасетот, највисокиот орган во исламската заедница во Босна, бил принуден да ја прогласи својата "Одлука за толкување на исламот“ во која тие ги осудија сите појави на неприфатливо толкување и агресивно однесување во исламот.

Исламскиот писател Енес Кариќ (роден 1958) посредува помеѓу класичните исламски писатели и модерната херменевтика и зборува за "мулти-претставителност на Куранот.[118]

Како во поглед на толкувањето Кариќ во Куранот, исто така, на политичко ниво зазема личен интерес во поврзувањето на исламскиот и на европскиот идентитет и според него овој пристап е позитивистички и не е непријателски.

Целта на Кариќ е дека преку т.н. „универзален ислам“ќе се изврши подобрување на локалните традиции како што се облеката, навиките за универзалните маркери на верскиот идентитет: "Евро-Исламот" е универзално разбирање на исламот, што ќе ги ослободи европските муслимани од своите само-направени гета и од гетото на исламот во Западна Европа.[119]

Сараево, верски и културен центар на муслиманите на Балканот, често се споредува со Ерусалим, затоа што во една мала област има цркви, џамии и синагоги.

Балканските муслимани, во просек и во принцип, не може да се сметаат генерално за екстремисти и фундаменталисти, но, не би било препорачливо да се одбие или превиди фактот, дека исламот на Балканот, во текот на последните неколку години, стана повеќе политизиран и делумно се радикализира. Податокот дека на Балканот има тренинг–кампови за обука на џихадисти, неминовно упатува кон тоа дека фундаменталисти и нивни следбеници има. Главното прашање е зошто иако се знае сето тоа, се толерира и ништо не се презема за да се отстрани секоја сомнеж за постоење на таков вид локации и уточишта. Главното прашање е зошто и кој тоа го толерира?

[117] (O. Potežica, член во политикологија на религијата 1, Белград, 2007, 205-228)
[118] (Essays [on Behalf] of Bosnia, Sarajevo 1999, 211).
[119] (Essays on our European Never-Never Land, Sarajevo 2004, 28).

Бегалската криза, тероризмот, реперкусиите што таа ги носи со себе, како на безбедносен, така и на геополитички план, се голема закана за човештвото. Се развиваат предизвици кои бараат сериозно разгледување, детектирање и решавање.

Терористичките напади од 11.09.2001 година беа увертира, за САД да преземе водство во борбата против тероризмот. Тој датум беше одлучувачки и пресвртен момент, да се согледаат штетните последици од ненавременото детектирање на овие појави, кои носат голема опасност за човештвото.

Во тој период, се создадоа разлики во перцепцијата кон оваа појава меѓу САД и Европа, дојде до поларизирање на нивните ставови, особено по интервенцијата на САД врз Иран. Интервенцијата на Русија врз Грузија, самитот на Нато во Букурешт во 2008 та година, го најавија враќањето на Русија на меѓународната сцена. Начинот и перцепцијата на која Русија имаше одговор во однос на ова прашање, ја интензивираат нетрпеливоста меѓу Западот и Русија, и сето тоа добива нова димензија со воената интервенција на Русија во конфликтот во Сирија. 120

После терористичкиот напад од 11 септември 2001 расте стравот на Америка и светот од радикализација на муслиманите. Пресвртна точка во Америка во нејзиниот однос кон радикалните исламисти. Подигнување на степенот на безбедност и готовност, во борбата со терористите. Опасности и кризи во современото општество кое со себе ги наметна глобализацијата. Дали е исламот агресивна религија, и кои се профилите на личностите кои ги вршат акциите во име на исламот? Тема која е општествено актуелна и научно оправдана од значаен аспект. Секое надополнување на научниот фонд, и анализа и заклучоци, е само додатен импулс светот да не ја игнорира оваа голема закана за Европа, светот и вкупно за целата човечка заедница. Француските власти најавија отворање на рехабилитациски центри ширум државата кои би требало да помогнат во борбата против радикалниот ислам. Се изнаоѓаат превентивни мерки за да се заштитат државите од овој планетарен проблем.

**Сегашна секуларна Босна**

*Односот меѓу државата и религијата во модерна Босна и Херцеговина е регулирано со различни правни акти и тоа:*

*1. Уставот на Босна и Херцеговина (Анекс IV од Општиот рамковен договор за мир во Босна и Херцеговина)*

*член II; (2) Законот за слобода на религијата и правната положба на црквите и верските заедници во Босна и Херцеговина (2004);*

[120]http://religija.mk/papata-postoi-razlika-megju-islamot-i-terorizmot/01/08/2016).

*(3) Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи и нејзините протоколи, кои се директно применливи во Босна и Херцеговина и да имаат приоритет во однос на внатрешното законодавство;*

*(4) Други закони донесени на држава или на ниво на ентитет како што се Законот за здруженија и фондови, Законот за хуманитарни активности, Законот за данокот на додадена вредност, Законот за основно и средно образование, Законот за семејство, Законот за здравствено осигурување, Законот за прогласување на заштита на националните споменици итн .;*

*(5) Основниот договор меѓу Светата Столица и Босна и Херцеговина на 19 април 2006 година и дополнителниот протокол;*

*(6) Различни подзаконски акти.* [121]

**2. Албанија**

За разлика од повеќето национализми кои се појавија во дваесеттиот век на Балканот, Албанскиот национализам беше секуларен. Ова беше во голема мера условено од историјата, од териториите населени со Албанци во тоа време и што е најважно, од идните политички размислувања. Албанските национални лидери традиционално одбегнуваа политизирање на религијата, со цел да се одбегнат внатрешните поделби кои би креирале несогласување во процесот на градење на нацијата. Албанците припаѓаат на три вери, католицизмот, православна и исламот (вклучувајќи и придржување кон многу суфи групи присутни во целиот регион) а кои историски немаа свој верски претставник и институции.[122] Во средината на деветнаесеттиот век, основоположниците на албанскиот национализам сакале да изградат општество насочено кон етничката припадност и јазикот, иако во нивните редови имало и свештеници. По Втората светска војна, под комунистичко-националистичката диктатура на Енвер Хоџа, Албанија преминала од верски соживот кон потиснување на сите вери.

Иако неговото презиме во превод значи религиозен лидер или учител, Хоџа ја претворил Албанија во првата официјална атеистичка земја во светот. Сите религиозни ритуали биле забранети. Десетици свештени лица од секоја од главните религии биле егзекутирани или загинале во логорите.

---

[121] Full text of these documents see *Crkva i država u Bosni i Hercegovini. Zakoni, podzakonski akti, ugovori i komentari* (Church and State in Bosnia and Herzegovina. Laws, By-laws, Agreements and Commentaries), ed. don Tomo Vukšić (Sarajevo: Biskupska konferencija Bosne i Hercegovine, 2007), p. 398.

[122] The 'forbidden fruit': Islam and politics of identity in Kosovo and Macedonia Gëzim Krasniqi a a School of Social and Political Science, University of Edinburgh , Edinburgh, UK Published online: 26 Jul 2011.

Иљадници цркви и џамии биле срамнети со земја, а државата го запленила имотот на верските групи. Само 77 верски објекти биле сочувани по основ на културно наследство, се вели во една листа отчукана на машина за пишување доставена во 1967 година од страна на тогашниот министер за култура до Централниот комитет на Партијата на трудот. Сепак, и покрај својата бруталност, комунистичката диктатура не ја искоренила верата кај Албанците.[123]

Албанците прифаќајќи го национализмот, ја прифатија нацијата во модерна смисла на зборот, а овде спаѓаат јазикот, потеклото, етничките и државните граници, додека исламот не го прифаќа тоа горенаведено како обединувачки фактор на човечката заедница. Исламот како религија го исклучува национализмот и го осудува како неисламска новост, која вистинскито муслиманин треба категорично да ја отфрли.

Истражувањето спроведено за еден академски проект од страна на компанијата за истражување Ипсос во 2011 година покажало дека речиси 90 проценти од Албанците веруваат во Бога.[124] „Значи, ако некој ја користи 'верата' во Бог " како критериум, Албанија е една од најрелигиозните нации во Европа", вели Сесил Ендресен, истражувачка од Универзитетот во Осло и авторка на книга за религијата и националниот идентитет во Албанија . Меѓутоа, истата анкета покажала дека само околу седум проценти од Албанците присуствуваат на верски служби барем еднаш неделно. Во Средниот век религијата ја покрила етничката свест. Кај нациите со иста вера, религиозната припадност се мешала со националната промена на верата, и тоа значело напуштање на нацијата. Пред да бидат било што Албанците нацијата ја ставале пред верата.После Првата Светска Војна кога Албанија е реалност и албанската нација, најважна организација станува Втората Призренска лига на Синан Хасани. Целта била водена од исламистички побуди, главна тенденција била создавање на „Голема Албанија".

Единството на албанската нација било само илузија. После распаѓањето на комунистичкиот режим, Албанија станува членка на Меѓунационалната организација на исламската конференција. Верскиот фанатизам повторно се враќа меѓу муслиманите. Во 80-тите години од минатиот век, во Албанија имало најголема антирелигиозна пропаганда. Но, подоцна ќе се увиди привидноста на таа надворешна страна, бидејќи единството на албанската нација било само илузија. Оние што се залагале за национална држава го истакнувале јазикот како примарен и обединувачки

[123] http://www.balkaninsight.com/rs/article -12-09-2015
[124] http://prizma.mk/test-na-tolerantsija-radikalizatsijata-predizvik-za-albanija/

фактор на сите, дека тој е многу поважен од верата. Тешка задача да се истакне националниот идентитет.

Голема улога во давањето примат на религијата и издигнување на верското над националното чувство, пропагирала и самата ИВЗ, преку верските обреди. Свештенството, жестоко се борело против сите прогресивни манифестации, па дури и против независноста на албанскиот народ.

Албанските селани-муслимани, организирале наводно масовен бунт, сакале соединување со Османлиите, тоа било еден вид исламски фундаментализам.

Првиот податок што ја дефинира причината како некои самостојно се определиле и ја поддржале идејата за независност на Албанија, било извесниот крај на Османлиската Империја.

Нејзиното минато и историја, која долго време беше атеистична, и се обидуваше да биде во чекор со секуларизацијата и промените што се директен производ од глобализацијата. Албанија, земја во која има муслиманско мнозинство, но и голема популација на православни христијани и католици. Во Албанија секогаш предност му се давало на националниот  наспроти верскиот идентитет. Но, во последно време со појавата на радикалниот ислам, се бележат размрдувања меѓу муслиманите, и нивно активно вклучување во исламскиот калифат на ИСИС во Сирија и Ирак. Што ќе покаже иднината допрва треба да видиме, но, она што е посебно јасно е дека вирусот со милитантните исламисти енергично се шири насекаде во светот, и треба да се утврди методологија од која ќе има резултати. Муслиманите веруваат дека мора да живеат сите во една единствена држава. Ерусалим е најпосакувано место за нив.

Главна тенденција била создавање на „Голема Албанија“ како брана против комунизмот, словенството. Паролата била „ за чување на религијата“. Верската и националната компонента постојано се мешале, и секогаш победувала националната, етничката која била побројна-Но, и тоа била само форма, суштината била сосема друга. Постои верско оправдување на привременото дејствување на следбениците на пророкот Мухамед, формално и навидум да се пропагира едно, а намерите да одат во друга насока. Таков е случајот со Албанија.

Бројни Албанци во Косово, Метохија имаат српско потекло, како резултат на претопување во муслиманската заедница. Судирот е судбина на секој што ќе се обиде да го изведе исламот од џамиите!“

### 3. Турција

Триумфот на Ердоган во Турција значи дека ЕУ губи 80 милиони луѓе кои беа на европскиот пат. Исламскиот свет, исто така, станува посилен за важен член.[125]Дали Истанбул ќе биде големиот Калифат на срцето на Балканот. Калифат на Балканот или балкански Калифат. Диктаторскиот Калифат е всушност нео-османлиската Турција. Турција на Ердоган и Давутоглу со нео-османлиски амбиции, диктаторски терористички калифат на Балканот. Теорористите го злоупотребуваат исламот, и сето тоа е легално поддржано од некои држави.

Османлиската империја само како увертира, а, модерна Турција како продолжение на веќе виден и воспоставен калифат.

Во книгата на Умит Чизре се поставува едно важно прашање: Дали "несигурноста и недовербата на секуларистите во Турција предводени од турските вооружени сили, претставува вистинска загриженост за исламизацијата на политиките на владејачката партија ... или од стравот дека инспиративните ЕУ реформи ќе ја пренесат својата политичка моќ на избраните цивили?(стр.1-2).[126] Во она што следува, авторите успешно ја балансираат нивната критика на авторитарните и анти-демократски тенденции на секуларниот естаблишмент со нивниот скептицизам во однос на партијата "вистински звучи програмата за демократија." Чизре, укажува на будењето на конзервативно-националистичките тенденции и десничарските политички позиции во партијата, како општа „Слабост" на турските политички партии. Таа тврди дека конзервативната десничарска пристрасност на апсолутната власт на лидерство нанесува отпор кон политиката на разликите и не обрнува внимание на фундаменталните слободи и правата на малцинствата "(стр.10).[127]

Во Османлиската држава муслиманите биле сметани за полноправни граѓани и имале поголеми права и привилегии во однос на припадниците на другите религии. Да се биде муслиман значело побрзо социјално и економско прилагодување и напредување во државниот систем, работа во државните служби, служење во војска, помали даноци, стекнување високи места во власта и сл. Од друга страна, христијаните и Евреите биле сметани за граѓани "од втор ред". Тие плаќале поголеми даноци, а како "неверници" немале право да вршат државни и воени служби, ниту пак да сведочат во судовите против муслиманите и др.

---

[125] http://www.pecat.co.rs/2012/11/prof-dr-miroljub-jevtic-dzihad-nije-samo-rat-vec-trijumf-islama/comment-page-46/

[126] Secular and Islamic politics in Turkey: the making of the justice and development party By Umit Cizre. New York: Routledge. 2008, pp. 238. ISBN 978-0415396455 Berna Turam

[127] Umit Cizre's edited volume, Secular and Islamic politics in Turkey, p.10

Во секојдневниот живот тие немале право да носат оружје, да се облекуваат во определена облека, да одат во амами кога тоа го правеле муслиманите и др. Во такви социо-економски услови "доброволното" преминување во ислам за голем број немуслимани претставувало единствен сигурен начин да се одбегне дискриминацијата и да се добие статус на полноправен член на општеството.

Освен "доброволната" имало и присилна исламизација изразена низ земање на деца (познатиот данок во крв – девширме) за потребите на јаничарскиот корпус на османлиската војска, кои потоа биле преведувани во ислам и претворани во фанатични борци за новата вера; рушење на цркви и на нивно место градење на џамии; грабење на жени и девојки кои потоа биле насилно мажени за муслимани; повремени акции за масовно исламизирање на месното христијанско население особено во делови од западна и југоисточна Македонија.

Исламот не признава нација, признава само милети, т.е. верски групи. За Отоманската Империја постоеле само муслиманите и другите неверници, немуслимани. За време на Османлиското царство, се вршела најмасовна исламизација посебно во XVI і XVII век, имајќи во предвид, дека сите оние кои што конвертирале во исламот, од свои лични причини ги уживале сите еднакви право како и Турците. За сите ново исламизирани муслимани правата биле повеќе од привлечни, имале безброј бенефиции, и не секогаш таа исламизација била принудна, туку била и индиректно предизвикана како резултат на состојбата која им се нудела доколку се конвертираат во ислам. Братството по вера било особено важно во напредокот на хиерархијата во Отоманското Царство.

## 4. Косово

Муслиманските земји како Саудиска Арабија, Малезија, Пакистан, Египет и Турција ја искористиле ситуацијата на Косово како параван за исполнување на своите цели. Во октомври 1999 година, Саудиските спонзори донирале 200.000 копии на Куранот на арапско – албански превод, како дел од напорите за прогласување на официјалниот бренд на исламизмот на Балканот.[128] Косоварите длабоко ја ценат американската интервенција на НАТО во 1999 година, со која Косово чекореше по патот кон независност. Тие се благодарни на САД за координирање околу признавањето на Косово од страна на меѓународната заедница.

[128] Frank Brown, "Islam Builds a Future in Kosovo, One Mosque at a Time," Religious News Service, September 12, 2000.

Со оглед на силниот афинитет меѓу Албанците и САД, неодамнешниот пораст на исламизмот во Косово е длабоко вознемирувачки. Косово секогаш беше секуларна држава со либерално муслиманско мнозинство. Сепак, секуларниот карактер на Косово се менува. [129]Собранието на Косово и Метохија на 17 февруари 2008. еднострано прогласи независност на автономната покраина Косово и Метохија од Република Србија.[130]

Во денешно време се поголем расцеп се забележува помеѓу исламскиот и секуларен идентитет во Косово. Конзервативниот ислам брзо пушти корени во Косово, и ова е особено очигледно меѓу помладата генерација. [131]Пописот во Косово од 2011 година покажал дека 95 отсто од жителите се муслимани, нешто повеќе од два проценти се Римокатолици и 1.5 проценти се православни христијани. Сепак, вистинскиот број на православни христијани е повисок, бидејќи српското малцинство на Косово, кое е претежно православно, го бојкотирало пописот.[132] Се зголемуваат знаците дека конзервативниот ислам создава основа во општеството. Ако во во 1999 година после војната имало околу 200 џамии денеска постојат повеќе од 800. Нова џамија се гради секој месец. Во последниве години, може да се забележи нагло зголемување на бројот на млади девојки кои носат хиџаб(марама), особено во Косово. Меѓутоа, спротивно на никаб, које релативно е нова појава кај Албанците, шамијата има подолга традиција која е поврзани со патријархалната култура особено во руралните области. Шамијата се смета за знак на скромност и симбол на верата, а онаа која ја носат муслиманките се нарекува хиџаб.

Никаби се носат во различни стилови и бои, а видот кој најчесто се носи на Западот ги покрива главата и вратот, но не и лицето. Во многу држави како дел од правната регулатива, законска обврска е отфрлање на тие религиозни обележја, како резултат на таквите правни норми, во отворени конфликти влегоа властите на тие земји со муслиманските заедници.

---

[129] http://www.huffingtonpost.com/david-l-phillips/islamism-in-kosovo_b_8855128.html By David L. Phillips
[130]https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%94%D0%B5%D0%BA%D0%BB%D0%B0%D1%80%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0_%D0%B7%D0%B0_%D0%BD%D0%B5%D0%B7%D0%B0%D0%B2%D0%B8%D1%81%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82_%D0%BD%D0%B0_%D0%9A%D0%BE%D1%81%D0%BE%D0%B2%D0%BE
[131] http://www.rferl.org/a/kosovo-split-islamic-identity-secular-traditions/27906304.html
[132] http://www.balkaninsight.com/rs/article

## 5. Република Македонија

Македонија има две главни верски групи и тие се православното христијанство и исламот. Постои општа корелација помеѓу етничката и верската припадност. Мнозинството православни верници се етнички Македонци, а поголемиот дел од муслиманските верници се етнички Албанци. Според Стејт Департментот на САД, околу 65 отсто од населението се православни Македонци, 32 проценти се муслимани, 1 процент се католици и 2 проценти се религиозни верувања (во голема мера различни протестантски деноминации). Исто така постои и мала еврејска заедница, чии членови живеат во Скопје.[133]

Кога би се прашувале МПЦ – ОА и ИВЗ етнички конфликти во Република Македонија не би имало. Нив ги има затоа што верските организации не се прашуваат. Меѓутоа тие не се лишени од целосна одговорност. Ако не за она што го кажале, барем за она што не го кажале, а требале да го кажат. Се добива впечаток дека најголемите верски организации во Р. Македонија немаат доволно сила да зборуваат со својот сопствен религиски јазик, туку во определен општествено политички момент зборуваат со колективниот јазик на својата средина каде што етноцентризмот станува идеологија на модерното време ( Matevski,2007 ).

Република Македонија е мултиетничка, мултикултурна и мултиконфесионална држава, во која живеат повеќе национални групи: Македонци, Албанци, Роми, Турци, Срби и Власи. Сите државјани на Р.Македонија се еднакви пред законот. Уставот на Република Македонија и законите овозможуваат заштита на сите етнички, културни, јазични и религиски ентитети од сите малцински групи. Кон овој дел од Уставот се приклучува и правото на школување на мајчин јазик на сите малцински групи.

Уставната поставеност и односот на државата кон религијата и религиозните групи во Република Македонија по осамостојувањето може да се подели на два периода, на оној со донесувањето на Уставот во 1991 година и на оној по 2001 година и усвоените амандмани кои го засегаат споменатиот однос.

Системот кој беше поставен во периодот на донесување на Уставот од 17.11.1991 година ја одликува Македонија како граѓанска и демократска држава, во која е воспоставен концептот на владеење на правото и се гарантираат човековите права, граѓанските слободи и националната рамноправност.[134]

---

[133] www.state.gov/j/drl/rls/irf/2007/90187.htm

[134] Устав на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија, год.:XLVII, бр.: 52, Скопје, 1991, стр: 805-815.

Исламската заедница во Република Македонија била составен дел на Исламската заедница на Кралството Југославија, а потоа во Социјалистичка Федеративна Република Југославија. По распадот на поранешната државна заедница и по осамостојувањето на Република Македонија, оваа заедница продолжува да дејствува како независна верска заедница во Република Македонија, со седиште во Скопје. [135]

Според пописот од 2002 година, во Република Македонија живеат вкупно 2.022.547 жители. Од нив, 1.297.987 (64,18%) Македонци; 509.083 (25,17%) Албанци; 77.959 (3,85) Турци; 53.979 (2,66%) Роми; 9.695 (0,48%) Власи; 35.939 (1,78%) Срби; 17.018 (0,84%) Бошаци и 1,04% останати малцинства. [136]Во последната декада, глобализацијата, како светски процес, ја интензивира артикулација на етничките идентитети. Овој тренд на интернационализација на малцинските (етничките) права е посебно актуелен за земјите во транзиција, кои го имаат статусот на кандидати за членство во ЕУ. Ваквата заложба ја потврдува и агендата за исполнување на бараните критериуми, кои треба да ги вградат земјите кандидатки за ЕУ, во својата легислатива, поради афирмација и заштита на човековите права.

Во последните години се прави сериозен обид да се ревитализира и да се работи на демографскиот развој и континуитет. Стимулации за многудетни семејства, преку кои ќе се поправи сликата со наталитетот и просекот на природниот прираст, многубројни примери преку кои се укажува на подготвеноста на Владата и институциите да се заложиме за подобра демографска слика на нашата држава.

## VI дел Методологија на емпириското истражување

Методолошкиот пристап на истражувањето е усогласен со поставените цели и истражувачките прашања. За потребите на овој магистерски труд, се обидовме да го истражиме присуството на исламскиот фундаментализам на Балканот и во Македонија, ги слушнавме ставовите на религиските претставници од МПЦ и ИВЗ во однос на ова прашање и се што е поврзано со оваа тема.

Методите кои се користени во ова истражување се избрани по принцип на соодветност, со цел олеснување на доказот и решавање на анализираните општествени проблеми. Како техники за прибирање на податоци за квалитативниот пристап користевме метод на интервјуирање. Направивме квалитативно длабинско интервју со 15 претставници од МПЦ и 15 претставници од ИВЗ.

---

[135] Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи, http://www.kovz.gov.mk/?ItemID=9B9239BFA0E1394295F1B8E9A51DAAAB,

[136] Статистички годишник на Република Македонија Skopje, 2006

Она што треба да се добие треба да соодветствува со главното и со посебните истражувачки прашања кои ќе го дадат заклучокот на магистерската теза.

# 1. Истражувачки прашања

## 1 .1 . Главно истражувачко прашање

Дали исламскиот фундаментализам влијае врз радикализација на општествените односи на Балканот?

## 1. 2. Посебни истражувачки прашања

1.Дали модернизацијата, секуларизацијата и глобализацијата се една од причините за појава на исламскиот фундаментализам?

2. Дали постои исламски фундаментализам на Балканот?

3.Дали Балканот и во минатото се соочувал со верски прашања и верски фанатизам?

4. Дали постои корелација на исламскиот фундаментализам и меѓународниот тероризам?

5. Колку Исламската Декларација на Алија Изетбеговиќ, влијаеше на неговите следбеници за натамошни активности за создавање исламска држава по верски принцип?

6. Дали Отоманската Империја е прва создадена Исламска држава?

7.Колку Отоманската Империја е урнек за понатамошни аспирации на радикалните верници, за создавање нова Исламска држава?

8.Што треба да се направи за да се осигура безбедноста на една држава и да се заштитат граѓаните од евентуален тероризам?

9. Дали постојат фундаменталистички исламски групи во нашава држава?

10.Дали има исламски војници во земјите на Блискиот Исток, од нашата држава?

11.Дали Босна била во минатото цел за создавање Исламска држава по урнек на Османлската Империја?

12.Кои се причините за појава на радикализмот во исламот?

13.Дали социјалните предуслови влијаат на нечиј радикализам?

14.Дали степенот на образование влијае врз степенот на верски фанатизам?

15.Дали местото на живеење село, град, влијае врз верските ставови и убедувања?

16.Дали возраста на луѓето има влијание за степенот на верската убеденост?

17.Колку општеството и конкретно религиозните претставници од ИВЗ, може да имаат улога, во верската толеранција на верниците од муслиманска веросиповед?
18.Дали полот има влијание за регрутирање во верските радикални групи?
19.Дали жената во исламот е целосно подредена на мажот?
20.Дали хуманитарната помош што се дава во одредени делови од Земјата, се всушност со друга намена, дуг тип на мисионерство, преку кој се врши регрутација на исламски борци во земјите на Блискиот Исток?
21.Колку мигрантскиот бран што ги зафати земјите од Европската Унија последните години, може да ја измести демографската состојба на земјите и да направи безбедносен ризик ?
22.Дали работниот статус влијае врз религиската индоктринација?
23.Дали социо-демографските белези влијаат на верската толеранција и верскиот фанатизам?
24.Дали медиумите имаат влијание за ширење на исламската доктрина во својата насилна форма?
25.Дали исламот е агресивна религија?
26.Дали исламот е толерантна религија?
27.Дали исламот како религија има влијание врз општеството?
28.Дали исламот влијае врз политиката?
29.Дали исламот има влијание врз економијата?
30.Дали исламот има влијание врз правнот систем?
31.Дали исламот има влијание врз социјалниот живот на верниците?
32.Дали американскиот империјализам кон земјите од Блискиот Исток, е причина за отпорот на исламските земји кон Западот?

## 2. Интервју

1. Дали исламскиот фундаментализам влијае врз радикализација на општествените односи на Балканот?

2. Дали модернизацијата, секуларизацијата и глобализацијата се една од причините за појава на исламскиот фундаментализам?

3. Дали постои исламски фундаментализам на Балканот?

4.Дали Балканот и во минатото се соочувал со верски прашања и верски фанатизам?

5. Дали постои корелација на исламскиот фундаментализам и меѓународниот тероризам?

6. Колку Исламската Декларација на Алија Изетбеговиќ, влијаеше на неговите следбеници за натамошни активности за создавање исламска држава по верски принцип?

7. Дали Отоманската Империја е прва создадена Исламска држава?

8. Колку Отоманската Империја е урнек за понатамошни аспирации на радикалните верници, за создавање нова Исламска држава?

9. Дали постојат фундаменталистички исламски групи во нашава држава?

10. Дали има исламски војници во земјите на Блискиот Исток, од нашата држава?

11. Кои се причините за појава на радикализмот во исламот?

12. Дали степенот на образование влијае врз степенот на верски фанатизам?

13. Дали возраста на луѓето има влијание за степенот на верската убеденост?

14. Колку општеството и конкретно религиозните претставници од ИВЗ, може да имаат улога, во верската толеранција на верниците од муслиманска веросиповед?

15. Дали хуманитарната помош што се дава во одредени делови од Земјата, е всушност со друга намена, дуг тип на мисионерство, преку кој се врши регрутација на исламски борци во земјите на Блискиот Исток?

16. Колку мигрантскиот бран што ги зафати земјите од Европската Унија последните години, може да ја измести демографската состојба на земјите и да направи безбедносен ризик ?

17. Дали медиумите имаат влијание за ширење на исламската доктрина во својата насилна форма?

18. Дали исламот е агресивна религија?

19. Дали американскиот империјализам кон земјите од Блискиот Исток, е причина за отпорот на исламските земји кон Западот?

## 3. Одговори од интервјуто

1. **Во однос на прашањето** дали исламскиот фундаментализам влијае врз радикализација на општествените односи на Балканот, повеќето од интервјуираните религиозни претставници и од МПЦ и од ИВЗ, се согласни дека присуството на исламскиот фундаментализам може да влијае на радикализацијата на општествените односи на Балканот. Имајќи ги во предвид актуелните состојби во светот, бегалската криза, која е директна последица на исламскиот фундаментализам и верскиот

радикализам од Средниот Исток, може да се каже дека неговото влијание е огромно, како врз светската политика така и врз општествените односи на Балканот. Директниот судир со проблемите од бегалската криза, вклучувањето и реагирањето на домородното население неминовно раѓаат низа реакции и промени во општеството.

За сега велат од МПЦ, тоа не е толку изразено, но мора да се превенира навремено за да се оневозможи ситуацијата да ескалира. За сега има мал број случаи кои претставуваат манифестни никулци, но со нив треба внимателна координација. Колку едно општество е подемократско, толку треба да биде потолерантно спрема другиот. Другиот се мисли во контекст на општи преференции за идеологијата и принципите кои го водат во животот. Во Република Македонија, секој има право на верско убедување, секој има право на верски обред.

Да се задржи секуларниот принцип во државата, а притоа да се има увид во состојбата со верските заедници и религиозните групи преку еден државен орган е повеќе од потребно. За таа цел е формирана Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи, која би требало да биде една гаранција за секуларноста на државата и еден вид медијатор помеѓу верските заедници, за негување и одржување на верскиот соживот. Од МПЦ го потенцираат и овој удел на државата кон градењето на еден принцип на соживот, со формирањето на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи, која треба да претставува медијатор во односот држава религиозни претставници. Токму оттука и произлегува одговорноста и напорите што ги преземаат властите во прилог на градење соживот во еден мултикултурен, мултиетнички и мултиконфесионален тип на општество. Во тој прилог е и организирањето на Конференции за меѓуцивилизациски и меѓурелигиски дијалог, на кој се дебатира за теми од религиозната сфера.

Комисијата за односи со верските заедници треба да работи на воспоставување на религиски дијалог и соработка меѓу верските заедници, и да биде нивен посредник со државата. Заедничкиот образец на заедничките вредности е иднина која треба и ние како верски организаци, истакнуваат и од МПЦ и од ИВЗ, и Комисијата со посредно и непосредна комуникација со власта да ја промовираме и одржуваме во иднина. Само на тој начин цивилизирано ги промовираме оние вредности кои носат соживот со различните од верски и етнички аспект, согласни се и двете страни. Во државата постојат околу 50 заеднички свети места на кои се молат и едните и другите, за здравје за среќа. Фундаментализмот не е нова појава. Радикализмот се меша со уште два збора со екстремизам и фундаментализам. Ако сакаме да правиме некоја соодветна градација, фундаментализмот е најблага основна форма која што подразбира следење на основните фундаменти најчесто буквално следење на она што стои напишано во

светите книги Библијата и Куранот. И во преданијата традицијата на одредена религија.

Сам по себе фундаментализмот не мора да биде негативна појава. Не е тоа нешто што е доведено во негативен контекст или во негативна конотација. Иако, мора да потенцираме најчесто се става во негативен контекст, претпоставувам од недоволна информираност или пак така на некому му одговара. Но, најчесто од неинформираност и незнаење. Следното е радикализмот или намерата да се постапува буквално по сите наведени фундаменти во религијата, независно од тоа дали тие се во контекст толкувани или пак не се толкувани во конкретен контекст. Тоа е толкување, размислување во таква насока. Ектремизмот е дејствување, согласно зададените насоки од верскиот радикализам. Тука на дело се земаат работите во свои раце.

Радикален тероризам е термин измислен, сега се користи. Тоа е термин импортиран во современоста. Не постои тероризам што не е радикален. Постоеле анархистички терористи од 19-век и на почетокот на 20 век, кој што биле подеднакво радикални како и религиските. Фундаменталистички може да бидат и нацизмот, комунизмот, фашизмот итн.

Во поново време исламскиот фундаментализам е оној кој излегува од пристојните рамки на верување и дејствување, сето тоа пропратено со насилства, кои во никој случај не се инхерентни на религијата и нејзиното верување, децидни се од ИВЗ.

Терористите како рационални фанатици, да умреш според нив значи да бидеш победник. Во секоја нивна саможртва, самоубиствена акција гледаат награда во рајот, средба со невини девици и живот после смртта, бидејќи според религиското учење на муслиманите, секој кој што се бори дословно и достојно за својата вера, ги собира плодовите во рајот. Тероризмот и екстремизмот се надополнуваат и надоврзуваат кон иста цел. Реализација на политички цели, преку терористички акции. Да се разбере опасноста, и да се одговори на предизвикот со крајно одговорна и добро изработена стратегија, на самиот почеток анализираат од МПЦ, навлегувајќи во суштината на исламското верско учење.

Не е нова идејата за создавање големи исламски држави, вооружени и идеологиски и физички со радикалните идеи за „свети борци“ од исламските земји, кои во текот на 90-тите се појавија на просторот на Балканот, во текот на граѓанската војна во Босна и Херцеговина.

По завршување на војната многу од тие терористички радикални борци останаа на просторите на Балканот, основаа семејства, и секогаш беа во состојба на готовност, да реагираат на командата на големите исламистички центри во светот, пред се се

мисли на Саудиска Арабија, како главен финансиер и поддржувач на радикалниот ислам и главен центар за регрутирање борци во т.н. „света војна“ насекаде во светот. Религиозноста помага и олеснува на луѓето во многу ситуации. Религиозноста не ја поистоветуваме секогаш со вербата во Бога. Вербата во Бога обврзува повеќе. Многу луѓе веруваат во Бога и не знаејќи за тоа, зашто на тоа прашање му приоѓаат исклучиво од религиозен, а не од човечки аспект. А, колку религии, толку толкувања и себе-дозволувања за толку значаен сегмент од животот да се говори и постапува , само од аспект, на „својата религија", истакнуваат религиозните претставници од МПЦ.

Од друга страна, ИВЗ го апстрахираат на почеток податокот дека во природата на човекот секогаш струјат две сили, добра и лоша, и дека природното, нагонското и инстинктивното, или во превод несвесното знае да направи некоја подлост, тогаш треба секогаш да ја контролираме волјата во нашите постапки. Ова го укажуваат религиозните претставници како една причина дека неконтролираното его или суета може да креираат многу непомирливи и нерешливи состојби. Таков еден непромислен производ на своеволна злоупотреба на религијата и креирање хаос кон останатите неистомисленици без разлика дали се припадници на иста верска заедница а не мислат како нив, или пак од друга верска заедница, е голем проблем на кој треба да му се пристапи многу сериозно и одговорно. Свој удел во таквото одвраќање на таквите умислени следбеници во овој случај следбеници на радикалниот ислам, треба да имаат сите државни институции во соработка со религиозните претставници, за изготвување одредена стратегија преку која ќе се воспостави мост на градење мирен соживот, и надминување на проблемите од тој аспект. Само со дијалот и соработка може да се изнајдат некои посакувани солуции за проблемот.

Ова е прашање кое го засега целиот свет, не само Балканот и Македонија. Се што се рефлектира на светот генерално во целина, прашање е на време кога ќе се помести тежиштето и на Балканот, кој знаеме и од минатото не го одминувале ваквите проблеми. Можеби овие проблеми нема да кулминираат во некое догледно време, но гледано на долг рок, никој со сигурност не може да предвиди во која насока ќе се одвиваат работите пред се со масовната преселба на народите од Блискиот Исток. Тука е главната енигма која останува да биде непредвидлива. Може само да имаме претпоставки како би се одвивале некои ситуации, но со сигурност никој не може да тврди што би се случило за десет, дваесет години. Демографски и геополитички се менуваат несомнено работите, тоа е повеќе од јасно, истакнуваат од религиозните институции, и од МПЦ и од ИВЗ.

**2. Во однос на прашањето** дали модернизацијата, секуларизацијата и глобализацијата се една од причините за појава на исламскиот фундаментализам, интервјуираните пратставници од МПЦ и ИВЗ најчесто ги апострофираат овие горенаведени причини, но, во продолжение повеќето од соговорниците истакнуваат и други причини кои се наоѓаат длабоко гравирани во исламот како религија и идеологија.

Исламскиот фундаментализам, како и секаде, така и на Балканот зема поголем замав, иако секаде во различни размери. Посебно во помалите населени места, каде што мнозинството се муслиманско население, се појавуваат радикални исламски групи, кои своите ориентири строго ги насочуваат кон политиката на Блискиот Исток. Имено, според интервјираните, од МПЦ, причините за исламскиот фундаментализам најпрвин лежат внатре во исламот и во погрешниот пристап кон сопственото учење, што дозволува лесна манипулација во надворешните политички односи. Со самото тоа, што шеријатското уредување на животот претставува дел од муслиманското вероучење и должност на сите муслимани ширум светот, станува многу лесно наметливо погрешното воспоставување на истиот.

Како што се согласуваат дека горенаведените се еден дел од причините за отпорот на муслиманските држави кон модернизацијата, демократизацијата и секуларизацијата, исто така свое влијание имаат и сиромаштијата, војните, многувековната омраза.

„Постои цело множество од причини: инхерентна нетрпеливост кон другите религии која ја манифестираат голем дел од водачите на исламот кои останатите ги гледаат како „неверници“; егзистенцијалната сиромаштија на голем дел од населението во исламските држави, што раѓа сиромаштија на духот и умот кај народот; строга забрана на слободно верско мислење и исповедање во шеријатските општества; историска заснована омраза кон западниот човек поради вековната „христијанска“ колонизација и експлоатација на исламските земји, страшна заемна омраза со евреите поради Светата земја“-истакнуваат поголемиот дел од религиозните претставници од МПЦ.

- Верните ја следат религијата која им бива проповедана од нивните свештени лица. Муслиманите, како и христијаните и сите останати верници на организираните религии, ќе бидат толерантни во мерата во која се учени на толеранција во џамиите и црквите. Иако не се запознаени со ситуацијата во ИВЗ, религиозните претставници од МПЦ, се надеваат дека нивните верници ги учат на љубов кон сите луѓе и вери, не само кон своите луѓе, кон својата вера. Тоа е велат, особено значајно во мултиетнички, мултикултурни и мултирелигиозни средини.

Во однос на ова прашање, поголемиот дел од интервјуираните испитаници не се разликуваат во однос на понудените одговори, со тоа што и едните оние претставници на МПЦ и оние претставници на ИВЗ, едногласни се во податокот дека овие три причини се еднакво значајни како и другите причини . Сфаќањето на различноста како закана е суштина на судирите на Балканот, кои беа засновани врз претпоставката дека различноста е закана!

Затоа и духовните авторитети имаат морална одговорност пред се, да работат на воспоставување на религиски дијалог и соработка со другите религиски авторитети, наметнувајќи став за почитување, толеранција и соработка меѓу различните по вера, нација и друга определба. Нивната улога е значајна во справувањето со екстремизмот.

Секое почитување на посебното, без преценување и потценување на другиот, притоа во обѕир да се земе принципот на ставање на пиедестал на вредностите кои премостуваат и го трасираат патот во духот на заемното функционирање и соживот, е посебно корисно и потребно во мултиетнички општества.

Се што се случува во регионот лесно се манифестира на секоја држава на Балканот, и затоа неопходна е взаемна координација за навремено откривање и детектирање на насилните терористички акции, кои ја злоупотребуваат религијата и исламот го користат како мотив за некои грозоморни дејствувања.

Радикализмот се меша со уште два збора со ектремизам и фундаментализам. Ако сакаме да правиме некоја соодветна градација, фундаментализмот е најблага онаа основна форма, која што подразбира следење на основните нешта, фундаменти, најчесто буквално следење на она што стои напишано во светите книги Библијата и Куранот. И во преданијата традицијата на одредена религија, нагласуваат од МПЦ. Ектремизмот е дејствување, согласно зададените насоки од верскиот радикализам. Тука на дело се земаат работите во свои раце.

Тероризмот е тероризам, а религијата служи само како извинување за одредено направено злосторство. ИВЗ се согласни дека оваа терминологија е западна терминологија и нема допирни точки со Истокот, од каде што потекнуваат религиите.

Сите тие тремини се од дистанца наметнати и исламскиот фундаментализам, радикализмот и екстремизмот и тероризмот, се термини од Запад импортирани.

Не постои верски радикализам или верски тероризам. Има тероризам, има радикализам, има можеби фундаментализам, тоа верски е само еден префикс или суфикс, зависно од јазикот што ќе му се додаде на тоа, некој да се оправдува со тој предзнак. Во ниту една вера нема такво нешто. Во Куранот на пример, според претставниците на ИВЗ, постојат многу ајети од Куранот, кои поттикнуваат да се разговара со другите, еден цитат во Куранот вели „овие следбеници на книгите,

мислејќи притоа на христијаните и евреите, дојдете да се соединеме на една заедничка реч. На еден заеднички збор".
На сите религии заеднички именител им е верувањето во Бога. И тука сме на јасно гледиште. Посебно во некои цитати се охрабруваат муслиманите да разговараат со монасите каде што има една голема љубов спрема Господ. Тоа е таа внатрешна љубов кон Господ.

**3. Во однос на прашањето** дали постои исламски фундаментализам на Балканот, МПЦ, стои на ставот дека постои. -„ Бездруго постои. Тој постои и ќе постои секаде каде што исламот сопостои со други религии/светогледи. Впрочем тоа не е така само со исламот, туку и со други религии кои се принудени да коегзистираат на исто место, без да сакаат да се запознаат едни со други. Не знаеме во која мера е раширен исламскиот фундаментализам на Балканот, но, сепак, се чини дека тој не е широко распространет, и дека, огромен дел од вистинските муслимани, имаат јавна одбивност кон фундаментализмот, и му се спротивставуваат. Постои и на Балканот и во Македонија. Можеби не е толку раширено и ризично, но, во секој случај неопходна е соработка меѓу верските лидери и државните органи, за да се одговори на начин кој е безболен, а ќе овозможи неутрализирање на оние ставови кои водат кон радикализација и политичка злоупотреба на религијата, во овој случај на исламот".

Од ИВЗ велат тоа се изолирани случаи кои постојат во секоја религија. Тоа се т.н. секташи, кои припаѓаат на некоја секта, а не на мирољубивата религија како што е исламот.
За разлика од ИВЗ, претставниците на МПЦ, едногласни се дека исламот како религија сам по себе е доста агресивен, и доколку внимателно не се апстрахираат оние работи кои не се во насока на градење мир и соживот, може да се случат несакани последици кои лошо би влијаеле и врз националниот мир и општо за мирот и соживотот во регионот.

- Верните ја следат религијата која им бива проповедана од нивните свештени лица. Муслиманите, како и христијаните и сите останати верници на организираните религии, ќе бидат толерантни во мерата во која се учени на толеранција во џамиите и црквите. Иако не сме запознаени со ситуацијата во ИВЗ, велат од МПЦ, сепак се надеваме дека нивните верници ги учат на љубов кон сите луѓе и вери, не само кон своите луѓе, кон својата вера.
-Повеќето од одговорите на религиозните претставници, и од ИВЗ и од МПЦ се усогласени во однос на тоа дека дека секоја религија може да биде злоупотребена и да

се прикаже во агресивно светло. Дека постојат секташки формации во самата религија, т.н. фракции, групации, кои понатаму промовираат насилство, агресија која не е својствена на ниту едно верско учење. Малигно ткиво или израсток може да се појави секаде, и затоа треба да има секогаш усогласено дејствување на верските заедници, во насока на отстранување на таквите појави, нивно искоренување и критичко дејствување. Да се осуди било која несоодветна акција, која не е во духот на миролјубието и се она што како морална вредност прокламира една религија.

Според МПЦ, дури и некои „христијански" водачи низ историјата, во име на христијанството, имаат уништувано или насилно конвертирано цели народи, имаат водено „Крстоносни војни", спалувано живи луѓе на клада, правено погроми...А притоа, во својата суштина христијанството е сушта љубов, тоа е вера која прокламира апсолутно себепредавање не само кон Бога, туку и кон ближниот свој. Во таа смисла, ако се знае дека прекрасното и апсолутно миролјубиво христијанство може да биде злоупотребено во лоша цел, дотолку повеќе тоа може да биде и исламот кој ја нема универзалната љубовна длабочина која што ја има христијанството.

На исламот му е потребна интерпретација во согласност со модерното време и прилагодување и истакнување на суштинските производи на духовноста кои го промовираат доброто и позитивното. Кои имаат за цел интеграција и взаемна соработка.

Во Новиот завет, во светото писмо немате никаков отворен повик кон било какво насилство Тоа е нешто по што христијанството е уникатно. Светиот апостол Петар вади меч да го брани Христа, Христос притоа го запира и му вели „тој што тегне меч, тој од меч ќе погине". Тоа е принципот на кој се темели Новиот Завет.
Ако човек сака да чита меѓу редови, да си измисли некоја приказна, да најде приказна која ќе му го оправда насилството. Може тоа секогаш да го направи. Може да се врати кон Стариот Завет, кој што во христијанската традиција се толкува пред се алегорично. Отворање на историскиот пат кон Новиот Завет, согласни се од МПЦ.

Според ИВЗ, светата војна што се спомнува во Куранот, не е водење војна или џихад во вистинска смисла на зборот и тоа треба да се дообјасни. Војната како таква нема никаква светост, на самиот почеток да разграничиме. Во исламската терминологија, се употребува зборот џихад. Самиот збор џихад нема никаква допирна точка со вистинското толкување на војната, во негативна смисла. Тоа е само една метафора, недоволно разбрана или така на некого му одговара да ја интерпретира. Во овој случај се мисли на водење војна во себе, тоа значи човек во себе да се бори против неговото его. Во една пригода за време на војната со Византиската Империја, Мухамед

после завршувањето на војната на своите следбеници им рекол „се враќаме сега од една мала војна, и одиме кон една голема војна".

Сите се прашувале која може да биде таа голема војна затоа што претходно биле во војна со една голема империја како што била византиската, а тој изјавил дека сега им претстои уште поголема војна „ војната со себе си, е најголемата војна од сите војни". Сите овие начини каде што се применува насилство човекот повеќе го меша своето его со религијата, ние како модерни верници, не постигнавме да креираме институции каде што ќе го едуцираме човечкото его, велат од ИВЗ. Сите начини каде се применува насилство е мешање на егото со религијата.

Универзумот, човекот, светите текстови, треба да се толкуваат на идентичен начин. Колку е свет човекот толку е свето и светото писмо, ако си го убил човекот си го убил и светото писмо, колку е свет текстот и човекот толку е света и природата. Тоа е толку интегрално и поврзано и мора секогаш да го осознаваме бескомпромисно. Како такви дадени и поставени. Не треба да си правиме ние произволна интерпретација на нешто што е веќе како такво дадено. Треба само правилно да знаеме да ги читаме светите текстови.

Денешната филозофија на консумеризмот, религијата ја става во сосема погрешна реконтекстуализација.

**4. Во однос на прашањето** дали Балканот и во минатото се соочувал со верски прашања и верски фанатизам? - Секоја култура се соочува со верски прашања. Кога на исто место постојат различни религии кои претендираат на апсолутно поседување на вистината за Бога и за човекот, тоа може да доведе до верски фанатизам. Балканот и историски и во сегашноста е показател за тој факт. Балканот отсекогаш се соочувал со верски и културни прашања. Токму сфаќањето на различноста како закана е суштина на судирите на Балканот, кои се темелеа на претпоставката, дека различноста е закана. Религијата мора да биде во чекор со современието. А, она што го бара современоста, е таа да си биде во сферата на приватното. Секој на индивидуално ниво да ја практикува, и да не ја генерализира или наметнува на друга група или на други поединци.

Можеби не може да се поистовети исламот со Отоманската империја, но секако, истиот имал значајна улога и претставувал средство за спроведување и асимилација на локалното население под новата власт.

Повеќето религиозни претставници од МПЦ, изјавуваат дека апсолутно е точно дека голем дел од приврзаниците на исламот се агресивни и отворено или тајно се залагаат за исламизација на светот. Но, тоа според нив не е инхерентен проблем на

исламот, туку проблем на неговата интерпретација. Оти, од друга страна, исламот таи во себе прекрасна суфи мистика, филозофија и поезија, брилијантна естетика, етички норми за чесност и вредност кои се на исклучително високо ниво. Сѐ што е потребно е прекрасните муслимански верници кои живеат според високите исламски религиозни, етички и естетички идеали, да смогнат сили да станат главниот глас на исламот, така што ќе ги истиснат од врховните позиции луѓето кои го користат исламот во политичка конотација, и кои се водени од фундаментализмот, наспроти широкоградната слобода на вистинскиот верник.

Отсекогаш Балканот бил буре барут и во однос на мозаикот од различни верски светови, кои живеат едни до други, и кои во најголем дел практикуваат паракултурно живеење, односно налик на железнички шини, кои егзистираат една до друга но, не контактираат, или во превод класичен не соработуваат. Затоа цел и главна мотивација, на религиозните претставници посебно од ИВЗ, ќе треба да биде преструктурирањето во своите редови, и толкување на исламот само во духот на взаемно почитување и соработка. Да се одвраќаат оние насилни елементи кои наоѓаат изговор во било која религија, да се истакнуваат само позитивните универзални вредности, кои во целост ќе ја дадат убавата слика на шареноликата структура на светот.

Се додека не се навлегува во суштината на било која религија, туку се издвојуваат само оние работи кои се прифатливи и значајни за мнозинството на верници, се дотогаш не би требало да се има конфликти ситуации во самата заедница на верници. Не треба различната религиска или етничка определба, да претставува закана за некого. Во, ниту еден случај.

Било кој човек не треба да биде психолошки оптеретен, непотребно со стравови и закани кои не постојат ни видно ни тајно. Тие психолошки стравови постојат како психолошки конструкции само во главите на поедини ликови, оние кои од своја приватна причина, наоѓаат изговори, ја злоупотребуваат религијата, а вистината е дека тие се подведени под секташки насоки, кои може да се најдат во било која друга религија. Ограноци, на кои најчесто се регрутираат младите, наивните, оние кои можеби не се родени во исламските земји, оние на кои семејствата им имигрирале, им понудиле западен начин на живот, во согласност со хедонизмот, кунсумеризмот, и доаѓа одредена фаза од животот, кога таа втора генерација или трета на млади поколенија, кои се задоиле со западниот дух, и кои живеат прозападно, се преиспитуваат за исправноста на своето живеење и оттука не мал број се одлучуваат на несвојствен начин, убедувајќи се себе си, дека ќе се искупат за поранешниот начин на живот, се задојуваат со милитантна идеологија, и во голем број случаи најчесто тие профили на незадоволници, се егзекутори на терористички акции насекаде во светот.

Во своите книги и Мирослав Јевтич најчесто тој податок го елаборира како клучен за една фаза, или еден профил на незадоволници кои своите мотиви за извршување на гнасни дела против човештвото ги наоѓаат во западната цивилизација. Иако и тие не се имуни и тие се уживатели на модерниот начин на живот, тие стануваат понатаму активни радикализирани борци кои сеат страв и трепет насекаде, промовирајќи исламски манифести и убивајќи во име на исламот и неговата главна кауза „ покорување на целиот свет, под заедничкиот именител Исламска држава, во која главно правно, политичко, верско начело ќе биде исламското право т.е. шеријатот.

За остварување на тие визии, исламските верници, поточно религиозните претставници од ИВЗ, укажуваат дека исламот е мирољубива религија, дека таа не оправдува насилство и крвопролевање, и дека ова што се случува последниве години, е дела на радикализирани поединци, кои смисла на своето дејствување наоѓаат во сосема други причини, надвор од религиозните. Ниту една религија, потенцираат генерално нашите соговорници, не промовира, насилство, вандализам, самоубиства. Тоа е дело на одреден израсток, или лошо малигно ткиво во општествата, на кои ниту една религија не е имуна.

Секаде може да се најдат такви насилници, кои би убивале и уништувале и луѓе и предмети, под плаштот на некоја причина. Независно за каков мотив станува збор.
Значи, заклучокот, во однос на ова прашање, е дека Балканот отсекогаш негувал во себе поларизирани струи, конфликтни ситуации, од различна природа, од националистички, етнички призвук, кој надополнет со религиозниот предзнак на населението, води кон војни, конфликти, нетрпеливост.

Послекомунистичкиот период во минатото, каде религијата била ставена на страна, во сферата на приватноста, доаѓа период кога таа се ревитализира, воскреснува, и на отворена сцена станува главен "виновник" за бројни ситуации кои предизвикуваат конфликти и нетрпеливост. Две наелектризирани струи од една страна материјализамот и консумеризамот, и индивидуализмот како филозофија на живот, а од друга страна спиритуалноста и духовното владеење кое добива нови форми на израз, во последно време насилни и несвојствени за било каков вид на религиозност. Идеологии на поединци, во својата суштина милитантни и насилни, претендираат да странат вирозни и опасни, и на нив мора сите да посветат големо внимание за да се искоренат или неутрализираат во своето агитирање и бескомпромисно дејствување.

**5. Во однос на прашањето** дали постои корелација на исламскиот фундаментализам и меѓународниот тероризам најголемиот дел од испитаниците ја

истакнуваат таа условеност и поврзаност, за жал, потенцирајќи, дека мора да се работи одговорно и сериозно, а притоа да се има сериозен пристап, да не се потценува овој глобален безбедносен проблем, бидејќи ниту една држава, нација не е имуна на вакви потреси од религиозен и етнички призвук. Според статистиката, повеќето терористички групи кои дејствуваат во денешницата се припадници на муслиманска вероисповед, а и многу мал број од муслиманите ги осудуваат истите и нивните дејствија.

Комбинирајќи политика со религија се доаѓа до најопасниот изведен заклучок, се условува радикализација, која понатаму политиката ја користи само како инструмент за постигнување на религиозни утописки цели. Некогаш прикриено, некогаш отворено преку изнесување јавно на своите ставови, кои често пати не соодветствуваат со модерното време и модерните предизвици. Концептот на создавање на исламски држави во кои исламското-шеријатското право ќе биде извор на функционирање на државата, согласни се од МПЦ.

Ако се погледне внимателно статистиката на документирани случаи, за кои известуваат сите медиуми, ќе се увиде дека најголемиот дел од изведувачите на терористичките акции се од исламска вероисповед. Во секое од прашањата се истакнува тој податок, дека генерално сите се согласни, дека не сите муслимани се терористи, но останува податокот, дека извршителите се сите од муслиманска вероисповед. Во светот се формираа две спротивставени струи, со крајно поларизирачко дејство, исламофобијата и исламскиот фундаментализам. Посебно карактеристични тн.н. анти-ислам групи, исламофобични, и пред се исплашени од она што се случува во светот, од екстремизмот и тероризмот, доведен во корелација со една религија, во овој случај станува збор за исламот. Првите поради се она што се случува во светот, имаат одбивност кон муслиманскиот свет, а другите упорно ја истакнуваат потребата од враќање на исламот во својата првобитна верзија, преку покажување отпор и одбивност кон се што е американски или модерен начин на живот и однесување.

Религиозните претставници и од МПЦ и од ИВЗ, ја истакнуваат својата значајна улога што треба да ја имаат во општеството и помеѓу верниците и својот авторитет максимално да го користат за неутрализирање на радикалните ставови кај поединците. Дека треба да бидат морални чувари на редот, да осудуваат неисправно верско однесување и да укажуваат од постојаната потреба од религиска толеранција и дијалог, како начин за надминување на ограничените стереотипи карактеристични за ова поднебје. Постојано да се укажува на штетниот и некорисен начин на интерпретација на било која религија, посебно во овој случај исламот, затоа што темата е за

присуството на исламскиот фундаменталзиам на Балканот и во Македонија. Се што се случува дали од религиозен, етнички аспект на Балканот, директно или индиректно се рефлектира на било која земја што е дел од овој регион. Затоа неопходна е максимална координација на државните безбедносни органи и институции, за изнаоѓање на соодветни мерки, за создавање некој Центар на Балканот, кој би требало да има улога на контролор, и безбедносен филтер за сите оние кои на било кој начин може да бидат потенцијално опасни по било кој дел од регионот.

Да се работи усогласено и одговорно, и пред овој крајно сериозен предизвик, да се одговори навремено и енергично. Налетот на овој глобален феномен, мора да се неутрализира и по можност да се стопира или да се искорени, да се одвратат намерниците, оние кои имаат перење на мозокот од некои искусни демагози со иредентистички намери, и да се негува и да се шири мислата на убав соживот и придобивките од негувањето на концептот на цивилизациски културен дијалог и соработка. Да се биде информиран за културата и религијата на другиот е повеќе од потребно, со тоа што се условува комплетно цивилизирано и здраво живеење без сеење страв од било какви причини и без да се биде заробеник на таквиот страв. Конструкција наместо деструкција.

Тероризмот е тероризам, а религијата служи само како извинување за одредено направено злосторство, или одреден тип на екстремно дејствување. Убиството и војната се апсолутно лоши, децидни се договорниците и од МПЦ и од ИВЗ.

Дури и тогаш кога има оправдување. Дури и кога е во одбрана на народ, беспомошните, на одбрана на градот итн. Во Византиската култура ниту во еден момент немало релативизирање на злото. Злото е зло без оглед од која причина доаѓа. Нема право никој да го релативизира и апстрахира како некое оправдување или пак некаков изговор поради некоја објективна околност. Мора да се биде насочен секогаш и секаде во насока на извлекување на оние работи кои се во духот на меѓусебниот религиски дијалог и соработка, без наоѓање и извлекување меѓу редови, приказни за да го мешаат егото и религијата.

Филозофијата на новиот век е филозофија која се појавува и својата мисла ја гради врз напад кон религијата и кон верската заедница. Новиот век кој нуди исфорсиран индивидуализам, има за цел да ја уништи групата која си припаѓа во одредена верска заедница. Таа група е составена од едуцирани и нормални поединци кои формираат верска група. За да се етикетира таквата религозност се импортираат термини на одредена верска идеологија, кои стануваат вирозни и одбивни, а притоа сеат страв и заплашување. Типично имеријалистички, согласни се од ИВЗ.

Од МПЦ велат дека постои корелација со верскиот радикализам и екстремниот тероризам, и тоа најчесто предизвикано од некои замислени психолошки идеологии својствени на инцидентни случаи кои врбуваат следбеници и онаму каде што можат дејствуваат и агитираат. Најчести жртви или следбеници на таквите радикални идеи се луѓе кои долго време имигрирале на Запад, и живееле таков живот, и даден момент на пропаганда може да биде клучен за нивно каење од дотогашниот начин на живот, и тогаш тие поединци се злоупотребуваа за извршување најчесто самоубиствени акции. Затоа и целите при врбување им се тактички добро усогласени. Без оставање на случајност.

Во последно време извршители на терористички акции се бираат од редовите на оние кои преминуваат во исламска вероисповед, кои конвертираат, и за брзо време од нивното преминување во друга верска определба, во овој случај исламот, се задоени со таа милитантна идееологија, стануваат жртва за некои исламистички цели. Мора да се посвети и повеќе внимание за оваа констатација дека почесто се јавуваат случаи на преминување од една во друга религија, најчесто од христијанска во муслиманска, и најчесто тие конвертирани лица, стануваат посебно опасни во својот понатамошен нов религиски идентитет. Доколку има и такви лица во нашата средина, треба да се следи нивното натамошно функционирање, и да не се дозволи таква радикализација во нивното дејствување. Тие работи треба да се спречуваат.

Не ретко и во последно време доста е актуелно неслучајното регрутирање на бели муслимани, посебно атрактивни за арапските исламски фундаменталисти, како добар начин за камуфлирање пред безбедносните служби или при претрес на царинските контроли, поради физикусот и неупадливоста на овие лица. Таа потреба од постојано барање нови и следни жртви од земјите на Балканот, носи сама по себе, лоша проекција за натамошните активности на тие терористички организации.

6. **Во однос на прашањето** колку Исламската Декларација на Алија Изетбеговиќ, влијаеше на неговите следбеници за натамошни активности за создавање исламска држава по верски принцип? Од она што неминовно можев да го извлечам како заклучок во однос на ова прашање поголемиот дел не беа запознаени целосно со концептот на Декларацијата, но дел истакнаа дека можеби тој политички памфлет многу повеќе им служел на босанските и албанските муслимани. Тоа е пример на панисламистички концепт, поврзување на сите муслимани за една кауза, која во овој случај ќе има за цел создавање на исламска држава во цел свет, со владеење на

исламскиот закон. Совпаѓање и владеење на принципот вера-држава. Нешто по примерот на Отоманската Империја.

Иредентистичките намери се опасни за било која група од населението. Секогаш треба да се биде помек и порационален, а никако пресметлив во поигрувањето со такви несакани цели. Таквата игра внесува немир кај било која страна од населението. Тоа е нешто што има лош призвук од минатото, осетливо и сензитивно прашање воопшто за размислување, и било какво внесување во таа игра, не пишува добро за било која страна од конфликтот. Жешкиот костен во однос на ова прашање не треба да се предава како горделива штафета од една на друга страна, затоа што ќе ги распали страстите и сето тоа ќе ефектуира во војни, немири, насилства и тажни сценарија. Секоја намера да се поигрува со територијалните претензии на држави, региони, создава аверзија на граѓанството. Несакан термин, кој во последно време го користат националистички исламски фундаменталистички групации, кои карикираат со таквата терминологија и се закануваат на многу територии и народи.

Алија Изетбеговиќ и неговата политичка партија, претставуваат класичен пример, како со помош на политиката, да се промовираат религиозните мотиви и цели. Се она што е содржано во Декларацијата, е цел на прикриен начин да се креира замислата на верските фанатици, за создавање една исламска држава која ќе биде главен именител за сите народи на одреден регион. Дека само исламот е вистинската религија, а другите не се значајни и не се за почитување, се креира наелектризирана состојба, свесно одејќи во насока на меѓуетнички тензии и судири. Од самиот податок дека доколку религија се меша со политика, се добива непосакувана и насилна комбинација, која води кон разнебитување на состојбата и влошување на меѓуетничките односи внатре во самата држава па и во соседството. Според религиските претставници во Македонија нема почва за таа работа.

На Балканот има, но во Македонија се уште нема. Точно е дека има одредени појави што реално сите ги гледаме дека или индивидуи или групи, кои што сакаат тој радикализам свој да го обојат како верски радикализам. Во Македонија нема некоја голема опасност од кулминирање на состојбите во однос на оваа појава, но секако институциите треба да си ги работат своите работи. Значи, ако тука има наметнувања на свои сфаќања преку насилство, тогаш институциите треба да бидат агилни. Прва брана против напливот од такви појави треба да бидат верските институции, Комисијата за односи со верските групи заедно во соработка со државата.

Неоосманизмот како систем на идеи на т.н. заснован политички проект, чија што крајна цел е обединување на сите народи и територии кои некогаш припаѓале на

Османлиското царство, сигурно дека постојано имаат свое ехо и во современи рамки, но, сето тоа е повеќе одраз на манифестни никулци на Балканот, во Западна Европа, делумно и во Македонија, отколку што има плодна почва за реализација на таквите цели.

7. **Во однос на прашањето** дали Отоманската Империја е прва создадена Исламска држава? Не, државите кои шеријатското право и исламот ги имаат за свои основи историски може да се следат од VII век. Фитимидскиот и Кордобскиот Калифат се многу постари, истакнуваат религиозните претставници од МПЦ. Според Исламското учење, првата држава, првите ослободувања на арапите се случиле уште во времето на нивниот пророк Мухамед, и воспоставувањето на шеријатското владеење се појавува уште со првите исламски лидери, нагласуваат од МПЦ. Дека оставиле големи и видливи траги е повеќе од јасно. Цели пет века владеење и држење во покорност голема територија, оставила лузни на сите оние кои го почувствувале духот на тоа време и го осетиле на своја кожа.

Документирани случаи сведоштва на една бруталност која била беспрекорна во своите барања кон немуслиманското население, доведувајќи ги во состојба на доброволно конвертирање во нивната религија, само да ги поштедат своите семејства од понижувања и маченииштво. Можеби не на толку директен и ектремен начин била спроведена таа исламизација, но на еден индиректен начин, се терало населението на принудна исламизација, жртвувајќи ја сопствената вера, велат од МПЦ.

Соговорниците од ИВЗ, во кратки црти го елаборираат тој период како едно уредување кое било моќно и влијателно, и кое на некој начин оставило свои траги во еден период од историјата. Кој како ќе толкува е право на секој индивидуално, но дека исламот како религија никогаш не признава насилство, наметнување на сила на некого нешто, се е во рамките на доброволното и слободно изразување. Миролубивата и духовна енергија која ја воскликнува исламот е извор од кој се црпат многу значајни духовни вредности, кои ја полнат душата и нудат смирение на секој верник кој ќе го отвори својот душевен поглед кон нејзе. Таа му дава мир, спокој, трпение, и љубов. На никој со сила не можеш, да му земеш, и на никој со сила не можеш да му дадеш. Колку бараш толку земаш, во случајот со верата е посебно важно, бидејќи денешниот стресен и динамичен начин на живот, ја става на огромен тест издржливоста, трпението, толеранцијата, со посетата во духовните храмови, верниците си ја полнат душата и тогаш се подготвени и ментално и физички за прифаќање на сите предизвици кои ги носи иднината, истакнуваат од ИВЗ.

Затоа велат од ИВЗ, секој индивидуално може да го толкува тој период, и колку тој период бил значаен и делотворен за подоцнежни идеали и намери за прекопирање на таквиот систем, за сега такво нешто нема ниту во Македонија ниту на Балканот. Она што можеме сите да го евидентираме случајот со ИСИС, терististичката групација, тоа се екстремни случаи, што не верувам дека имаат мотив од поранешната Отоманска Империја да создадат таков модел. Тоа се дејствувања на одредени поединци и групи, што немаат содржина во животот која ќе им создава простор за нормално и делотворно однесување. Тие ситуации на Блискиот Исток ги осудуваме и критички гледаме на тој безбедносен проблем и ние како претставници на Исламска Верска Заедница, и религиозните претставници од МПЦ и сите кои сакаат мирен соживот во духот на религискиот дијалог, соработка и почитување. Религијата секој да си ја изразува на начин на кој што е прифатлив и нормален. Секој израз кој не соодветствува со принципот на нормален дискурс треба да се осуди и да претрпи санкција секое такво деструктивно однесување. Во овој став ние како религиозни достоинственици сме апсолутно категорични. И, можеме да подвлечеме, велат од ИВЗ, дека ние сме против било какво насилно радикално однесување, и се што е во наша моќ, максимално критички со наша контра-нарација се спротивставуваме на секое такво погрешно толкување на религијата.

Реализација на овие идеи во современ контекст се утописки и тоа е реалноста, но, непредвидливоста е за некои идни рамки и времиња, со оглед на промените на демографски план со големиот бран мигранти од Блискиот Исток. Мора да се има мониторинг и следење на ситуацијата, затоа што најлесно се манипулира со младата популација, па оттука потребно е да се има увид во секоја сфера од нашето општество каде има потенцијал за разгорување на таков момент.

8. **Во однос на прашањето** колку Отоманската Империја е урнек за понатамошни аспирации на радикалните верници, за создавање нова Исламска држава? Малку, основите се поставени неколку века порано. Таа е пример за последна исламска држава која имала директен контакт и влијание на европските држави.

- Во Турција и во босанскиот ентитет на БиХ веројатно многу. Кај нас сигурно далеку помалку. Можеби не може да се поистовети исламот со Отоманската Империја, но секако, истиот имал значајна улога и претставувал средство за спроведување и асимилација на локалното население под новата власт. Можеби многу повеќе кај турското и босанското муслиманско население отколку кај нас, но, не е исклучено и таквото предвидување и укажување. Несомнено е дека Отоманската Империја со

своето владеење цели пет века, оставила длабоки траги кај населението на овие простори. И, тоа не само кај муслиманското туку и кај останатото население, нагласуваат од МПЦ.

Не знаеме колку системот на Отоманската Империја би можел да послужи како урнек за денешното политичко уредување, но во секој случај, идеалната држава посакувана од нив, во многу наликува на Отоманската Империја.

Според Исламското учење, првата држава, првите ослободувања на арапите се случиле уште во времето на нивниот пророк Мухамед, и воспоставувањето на шеријатското владеење се појавува уште со првите исламски лидери.

По социјалните мрежи, на македонски јазик може да се сретнат доста радикални изјави и текстови, кои очигледно служат за пропаганда меѓу немуслиманите. (Што само по себе говори, дека во муслиманските кругови е многу повеќе застапено).

Како што спомнавме и погоре, корените лежат во самото вероучење. Можноста која е оставена за повик на џихад (како борба со неправдата), многу е лесно да прерасне во тероризам, кога како непријатели се карактеризира било која група на луѓе. Религијата која препорачува убиства, за да се зачува „мирот на избраните", многу лесно може да прерасне во тероризам, истакнуваат од МПЦ.

Кај муслиманите позитивните впечатоци од владеење на исламското право, а кај останатото наслеение, како не треба да се владее и да се покорува народот.

Во Османлиската држава муслиманите биле сметани за полноправни граѓани и имале поголеми права и привилегии во однос на припадниците на другите религии. Да се биде муслиман значело побрзо социјално и економско прилагодување и напредување во државниот систем, работа во државните служби, служење во војска, помали даноци, стекнување високи места во власта и сл. Од друга страна, христијаните и Евреите биле сметани за граѓани "од втор ред". Тие плаќале поголеми даноци, а како "неверници" немале право да вршат државни и воени служби, ниту пак да сведочат во судовите против муслиманите и др.

Во секојдневниот живот тие немале право да носат оружје, да се облекуваат во определена облека, да одат во амами кога тоа го правеле муслиманите и др. Во такви социо-економски услови "доброволното" преминување во ислам за голем број немуслимани претставувало единствен сигурен начин да се одбегне дискриминацијата и да се добие статус на полноправен член на општеството.

Освен "доброволната" имало и присилна исламизација изразена низ земање на деца (познатиот данок во крв – девширме) за потребите на јаничарскиот корпус на османлиската војска, кои потоа биле преведувани во ислам и претворани во фанатични борци за новата вера; рушење на цркви и на нивно место градење на џамии; грабење на

жени и девојки кои потоа биле насилно мажени за муслимани; повремени акции за масовно исламизирање на месното христијанско население особено во делови од западна и југоисточна Македонија.

Исламот не признава нација, признава само милети, т.е. верски групи. За Отоманската Империја постоеле само муслиманите и другите неверници, немуслимани. За време на Османлиското царство, се вршела најмасовна исламизација посебно во XVI і XVII век, имајќи во предвид, дека сите оние кои што конвертирале во исламот, од свои лични причини ги уживале сите еднакви право како и Турците. За сите ново исламизирани муслимани, правата биле повеќе од привлечни, имале безброј бенефиции, и не секогаш таа исламизација била принудна, туку била и индиректно предизвикана како резултат на состојбата која им се нудела доколку се конвертираат во ислам. Братството по вера било особено важно во напредокот на хиерархијата во Отоманското Царство.

Можеби не може да се поистовети исламот со Отоманската империја, но секако, истиот имал значајна улога и претставувал средство за спроведување и асимилација на локалното население под новата власт. Според претставниците од ИВЗ во денешно време имаме промена на позициите на моќ во културата, конкретно на Балканот. На Балканот се менувале позициите на моќ, била Византија, се знаело, тоа била Христијанска, Православна Империја. Сите дојденци биле добредојдени тука домаќински да живеат, да соработуваат, имало соседства, маала, каде што живееле различни религиозни групи. Истиот модел го имаме во Отоманската Империја, со повторно јасно дефинирани позиции на моќ, во сегашно време немаме стриктно дефинирани позиции на моќ. Дали врвната позиција на моќ е на едната или на другата религија, позицијата на моќ во сегашноста е во рацете на третиот фактор а тое е секуларниот. Тој трет фактор во голем број случаи религиите ги третира како мали деца нагласуваат репигиозните претставници од МПЦ.

9. **Во однос на прашањето** дали постојат фундаменталистички исламски групи во нашава држава?

Дека постојат е јасно и од документираните случаи на Министерството за внатрешни работи, и оттука мораме како држава сериозно да се зафатиме со крупни чекори за да не не изненадат некои несакани дејствија на луѓе задоени со насилна, милитантна идеологија. Секоја култура се соочува со верски прашања. Кога на исто место постојат различни религии кои претендираат на апсолутно поседување на вистината за Бога и за

човекот, тоа може да доведе до верски фанатизам. Балканот и историски и во сегашноста е показател за тој факт.

По социјалните мрежи, на македонски јазик може да се сретнат доста радикални изјави и текстови, кои очигледно служат за пропаганда меѓу немуслиманите. (Што само по себе говори, дека во муслиманските кругови е многу повеќе застапено).

Примерот со раздорот во самата ИВЗ, со обвинувањата дека неколку џамии биле преземени од т.н. радикални толкувачи на исламот, потоа понатамошната радикализација на верниците, бројни примери одат во прилог на тезата дека има такви групи и треба да се биде внимателен со нив. Државата да спроведе доста активности во насока на искоренување на радикалните пропагандистички струи, кои можат лесно да ја шират својата активност, да станат вирозни и посебно опасни за младите и наивни карактери, истакнуваат религиозните претставници од МПЦ.

Од друга страна во своите изјави претставниците на ИВЗ имаат малку поинакво толкување, свесни се дека постојат такви групации, кои се радикални, милитантни и насилни во своето дејствување и апсолутно ние како ИВЗ велат, се спротивставуваме кон таквата злоупотреба на религијата за нечие индивидуално или групно дејствување. Максимално го осудуваме таквиот начин на овие групи, но од друга страна постојат и други моменти кои како верска заедница мораме да ги потенцираме –нагласуваат од ИВЗ. Имено, тие се на ставот дека постојат и такви луѓе, не само од Македонија, туку од секаде кои што сакаат да му помогнат на загрозениот народ во Сирија. Луѓе кои сочувствуваат со целата ситуација со населението од Блискиот Исток. Од која причина одат не знаеме, можеби сакаат да помогнат на сирискиот загрозен народ од целата ситуација што им се случува, и се на страната на западните сојузници. Не сме толку убедени дека тие луѓе се задоени со исламистичка радикална идеологија –нагласуваат религиозните претставници од ИВЗ. Не треба да осудуваме доколку не располагаме со комплетни информации од двете страни. Едните може да изнесуваат било какви тврдења, кој, колку може да се потпре, и да биде сигурен сметам дека е релативна работа. Ние веруваме дека тие групи, во овој случај фракции, секти, имаат очигледно свои приватни мотиви, цели, кои не треба да се ставаат во ниту еден религиски контекст.

Ние како религиозни претставници од ИВЗ, постојано истакнуваме дека такво радикално однесување не е својствено за исламските вистински верници, оние кои припаѓаат на вистинската Исламска Верска Заедница. Таа фундаменталистичка радикална група велат соговорниците од ИВЗ, би ја декларирале како група која нема никаква религиска вистина во нејзе и не треба да се поистоветуваат со вистинскиот ислам. Исламот е мирољубива религија, која осудува насилство.

Има кривични закони кои точно ги дефинираат тие незаконски агитаторски радикални изјави и дејствувања, кои точно знаат да детектираат кои поединци или групи ја преминале линијата на нормално и пристојно граѓанско однесување. Ние сме за дијалог, соработка, толеранција, и секоја верска дејност, е во прилог на принципот и залагањето за религиски дијалог и соработка, како значаен елемент за културно премостување на разликите и нивно конструктивно дејствување. Посебно за мултикултурен тип на општества какво што е нашето, една искра, дали е од религиозен или националистички карактер може да мултиплицира и ескалира во несакани последици.

**10. Во однос на прашањето** дали има исламски војници во земјите на Блискиот Исток, од нашата држава?

Со точни податоци за тоа не сме запознаени, но според неодамнешни изјави на медиумите, воените агитанти од Косово и Македонија во ИСИЛ се застапени во не мал број.

Секако дека има, и од МПЦ и од ИВЗ го даваат овој одговор. Во образложението на овој одговор, кај религиозните претставници од МПЦ, воочлив е податокот дека исламот како религија според нив, има агресивна нота, и тоа лесно може да стане мамка за полабилните личности, кои дословно сакаат да ја толкуваат светата книга Куранот.

Додека во одговорите на ИВЗ, се објаснува податокот дека тие војници се изоларани случаи, случајно залутани во целата таа парада, и тоа се незначителен број на личности, кои од свои приватни причини стануваат следбеници на таквата радикализарана и несакана концепција и интерпретација на исламот. Тие тврдат, дека нивната религија, во овој случај исламот е мирољубива и никогаш не го оправдува убивањето и насилството за реализација на религиозни цели и мотиви. Дека станува збор за секташки огранок кој може да биде израсток во било која религија, во било каков формат, тоа е случај конкретно во исламот. Голема улога може да имаат и верските лидери и општеството како целина, со тоа што секогаш на прво место ќе се апострофираат оние вредности и позитивни страни, што поттикнуваат кон соработка и почит кон различните во секој поглед.

Незнаењето може да поттикне некои стереотипи за „Другиот“ кои понатаму преминуваат во насилничко и негативно поведение. За да се неутрализира таа радикализација, овде морални чувари на редот се верските лидери, и тие во своите одговори и МПЦ и ИВЗ го истакнуваат.

Од ИВЗ се и на ставот дека не мора да значи и дека оние што заминуваат на воените боишта во Сирија и Ирак, се со радикална идеологија. Можеби се борат на страната на алијансата, на западните сили, а не на страна на борците од ИСИЛ. Но, и да е така, неколку поединци не ја даваат и дефинираат религиозната вистина. Сите стојат позади реалниот и очигледен податок, дека овде верата е злоупотребена. Цел на радикалните исламисти во прв ред им се припадниците од нивната верска заедница, оние кои не се согласуваат со нивното мислење и дејствување, па потоа останатите верски групи и неверниците.

Треба секој кој што живее во мултикултурен тип на општество, каде имаме мозаик од различни светови, типично верски мозаик, секој од еден или друг аспект различно димензиониран и комплексен, мора да биде информиран за културата и религијата на другиот. Лошо е кога наместо информиран граѓанин, се отстапува простор на неинформираноста и примитивизмот, кој со себе повлекува многу контроверзии и заостанати погледи и согледувања на животот. А, тој поглед понатаму раѓа насилство, радикализам и екстремизам.

Паралелно доаѓа до израз стереотипот за другиот, автостереотипите и хетеростереотипи, едните за другите, и како другите ги гледаат првите, и се се оди во насока на неинформираност, слепо следење на веќе етаблираната рамка за едниот и другиот, беза да се продлабочи и да се има волја и потреба да се согледа страната на личноста. За жал во последно време како да земаат замав две несакани струи во целиот свет. Како светот да води паралелна војна, идеолошка, од една страна немуслиманите од друга страна муслиманскиот свет. Две религиски идеологии, вистини, секоја со својата посебност и исклучивост, наместо универзализмот и заедничките карактеристики да имаат одлучувачко влијание и приоритет, се отстапува простор на поодделните посебните белези кои отвораат нови конфликти и судири.

Тој партикуларизам носи наелектризиран поларизитет кој креира конфликт и нерешливи ситуации. Доволно е една искра за да се создаде оган. Во Западна Европа реално е постоењето на христијанскиот религиски фундаментализам, се мисли на исламофобијата, и формирањето на анти-ислам групи, кои најмногу имаат страв од исламот како таков. Исламофобијата и фундаментализмот во поларизитет и наелектризирани струи како никогаш до сега. Имало и во минатото примери од историјата, концепти кои зависно периодично едните некогаш преовладувале, некогаш другите, и христијанството имало свои подеми и падови, и исламската цивилизација имала своја златна доба и доба во која е етикетирана како примитивна, насилна, заостаната и штетна. Мораме да извлечеме заклучок во однос на ова прашање, сите одговори на сите 15 припадници на ИВЗ, алудираат и се согласни во едно кое е многу

пати подвлекувано и провејува во сите одговори. Не станува збор за верници, туку за луѓе со изопачена писхо-фашизоидна страна, кои имаат болест во умот, и кои страдаат од преголема набилданост на сопственото его и суета и кои се нереализирани во животот. Наоѓаат единствен извор во делата што ги прават во религијата, злоупотребувајќи ја, и притоа насочувајќи ја во лоши рамки, креирајќи одбивност и кај муслиманскиот и кај немуслиманскиот свет.

Од заклучокот и од МПЦ и од ИВЗ, можеше да се увиди една заедничка нишка која преовладува и кај едните и кај другите. Сите се согласни дека членовите на тие групи, пред се имааат психолошки проблем, кој понатаму произведува погрешни одлуки и дејствувања. Не треба да се биде согласен со податокот дека сите муслимани се терористи, има многу муслимани кои отворено се спротивставуваат на таквото радикално однесување.

Кога ќе имаме високо етаблирани верски институции тогаш нема да има потреба од вакви инцидентни дејствувања. Се додека институционално не се решат овие работи, постојано ќе се раѓаат нови проблеми и ситуации од овој калибар. Верските институции треба да ја претставуваат верата со сите свои димензии во доктринарна смисла на зборот. Тука спаѓа верската етика, култура, уметност итн.

11. **Во однос на прашањето** кои се причините за појава на радикализмот во исламот? Како што спомнавме и погоре, корените лежат во самото вероучење. Можноста која е оставена за повик на џихад (како борба со неправдата), многу е лесно да прерасне во тероризам, кога како непријатели се карактеризира било која група на луѓе. Религијата која препорачува убиства, за да се зачува „мирот на избраните“, многу лесно може да прерасне во тероризам, коментираат соговорниците од МПЦ.

Најчесто политиката е апострофирана како главен зачин преку кој фундаментализмот доаѓа во форма на верски радикализам, а тој потоа преминува во исламски фундаментализам па подоцна во меѓународен тероризам.

Постојат и други причини, но најчести од нашите соговорници и од МПЦ, и од ИВЗ, политичките причини ги посочуваат како детерминирачки. Веднаш зад нив ги елаборираат и економските, социјалните, културните, религиозните.

Од ИВЗ се на ставот дека тие термини се импортирани од дистанца од Западот, и немаат никаква конкретна врска со религијата. Тоа се фракции, малигни ткиво, кои може да постојат во психолошиот аспект на поединци или пак одредени групи, но, тоа не значи дека тие се репрезенти на исламот. Исламот не е насилна религија, уверуваат ов ИВЗ.

Пред се се работи за психолошки мотиви на оние кои стануваат радикални во својот став и кои практикуваат дејствија кои не се нормални и пожелни за било која средина. Таквата радикализација носи несакани состојби и за нациите и за сите граѓани. Стравот кој што го промовираат преку своите канали, преку кои регрутираат постојано нови следбеници и истомисленици, создаваат параноја меѓу јавноста и постојано се прашуваме до каде оди идеологијата на еден човек, да биде подготвен да умира за некаква агенда, идеологија, која се коси со здравиот разум. Изворот за мотивите на радикализираните борци за исламското право, се бараат како што напоменавме погоре во текстот во мноштво причини најчесто политички., а не се исклучени пред се и психолошкиот аспект на тие личности, кои го слушаат внатрешниот неразумен глас и не можат да го победат. Таа природа во човекот е она што креира или љубов или омраза. Дали доброто или лошото ќе победи.

Но, студиите кои што ги анализирале многу интелектуалци и мислители, наведуваат на податокот дека многу образовани, интелектуално добро поткрепени профили, стануваат следбеници на радикализмот во исламот и како такви понатаму се борат на страната на исламска држава за тие нивни познати цели.

Според МПЦ, постои цело множество од причини: инхерентна нетрпеливост кон другите религии која ја манифестираат голем дел од водачите на исламот кои останатите ги гледаат како „неверници"; егзистенцијална сиромаштија на голем дел од населението во исламските држави, што раѓа сиромаштија на духот и умот кај народот; строга забрана на слободно верско мислење и исповедање во шеријатските општества; историска заснована омраза кон западниот човек заради вековната „христијанска" колонизација и експлоатација на исламските земји, страшна заемна омраза со евреите поради Светата земја...

Нема нерадикален ислам. Тој по својата суштина има за цел уништување на останатите религии. Спомнувањето на Христос и Пресвета Богородица, на христијаните како „луѓе на книгата" и на евреите и талмудот во куранот, се должи на тоа како и врз кои основи е создаден исламот како религија- истакнуваат од МПЦ.

Доколку се проповедаат вредности кои се пожелни и посакувани, а заеднички именител за нив, е мирниот и добар соживот, почитување на различните од нас, од било кој аспект, тогаш дефинитивно не треба да се плашиме од радикализација на верниците. На тоа да треба да се гледа позитивно и надополнувачки, никако како закана, тогаш сме го постигнале ефектот. Не постои само исламски фундаментализам, или радикализам, постои и христијански фундаментализам, посебно актуелен во Западна Европа, креирањето на т.н. анти-исламски групи, или со еден назив исламофобите.

Причините за исламскиот фундаментализам најпрвин лежат внатре во исламот и во погрешниот пристап кон сопственото учење, што дозволува лесна манипулација во надворешно политичките односи. Со самото тоа, што шеријатското уредување на животот претставува дел од муслиманското вероучење и должност на сите муслимани ширум светот, станува многу лесно наметливо погрешното воспоставување на истиот. Исламскиот фундаментализам, како и секаде, така и на Балканот зема поголем замав, иако секаде во различни размери. Посебно во помалите населени места, каде што мнозинството се муслиманско население, се појавуваат радикални исламски групи, кои своите ориентири, строго ги насочуваат кон политиката на Блискиот Исток, велат соговорниците од МПЦ.

Додека пак религиозните претставници од ИВЗ, сакаат да исправат пред се една нејаснотија која се поврзува со т.н. повик за џихад или пак во превод „света војна", на што всушност се мисли преку тој повик. Според одговорите на ИВЗ, стои јасно апострофирање на нејаснотиите што се мешаат и се доведуваат под ист имените. Двосмисленоста на светата војна, џихадот, велат, треба да биде согледана метафорично. Самиот пророк Мухамед, не повикува на војна со било кого, тој повикува на војна со самиот себе си, војна за контрола на сопственото его, кое некогаш знае во човечката природа да се бунтува и да го победи гласот на разумот. Да се ограничи неговиот негативен глас, и да се канализира позитивно, да не се отстапи простор на мрачните сили во човекот. Во секоја човечка природа, постојат силите на доброто и на лошото. На која енергија повеќе ќе дадеме простор, таа може да завладее со телото и духот. Затоа секогаш најголемата борба се истакнува е во борбата со самиот себе си, да го победиш сопственото его, и на негово место да ги лоцираш, оние вредности кои се посакувани, корисни и носат добробит на човештвото, појаснуваат од ИВЗ.

Победник е оној кој ќе му се спротивстави на тој внатрешен неразумен глас. Тоа двојство, таа постојана борба на две струи во човечката природа создаваат конфузија и креираат тест на издржливост на секој човек во целиот животен период . Или ќе се насочиме кон правилната вистинска насока на дејствување, или ќе ги олабавиме т.е. ќе попуштиме во кочниците и тогаш пропаѓаме низ брдо. Тоа е тест за карактерот на некоја личност. Одмерување на човечката снага, придобивка на позитивните нешта и отфрлање на негативното и демонското. Да не се дозволи нешто непотребно да те обземе. Затоа таа духовна потрага по самиот себе си, не е возможна без помош на религијата. Таа го исполнува тој бессодржински простор, тој вакуум, кој останува да лебди, и чекајќи состојба која ќе го пополни. Во овој случај ја бираме позитивната страна. Токму низ призмата на една таква диспозиција се гради односот помеѓу

религиите. Тоа е основната диспозиција која ја подразбира силата на верските заедници во еден ваков контекст.

12. **Во однос на прашањето** дали степенот на образование влијае врз степенот на верски фанатизам? Во голема мера, необразованоста има големо влијание врз верскиот фанатизам. Во местата каде што егзистенцијалното прашање на луѓето е најмногу загрозено, религиозниот фанатизам најмногу цвета. Немањето слобода за слободен развој на интелектуално и социјално ниво, во многу помага верскиот фанатизам. Некогаш можеби, но не значително. Најчесто идеолозите и стратезите за индоктринирање на следбеници припаѓаат на повозрасните групи и најчесто тие се сметаат за мозок на операцијата. Имаат за задача на млади луѓе да има ја пренесат потребата за радикализација како главна цел, и дека притоа не треба да се плашат за смртта на тој начин приложуваат жртва на нивниот бог, а нив после смртта ги чека рај полн со девици.

Ова е едно од толкувањата кои се сметаат за мотив, дел од младите лабилни луѓе да тргнат по патот на верска и политичка радикализација. Мотивите во основа за сите се поединечни и релативни, но главен барем видно им е религискиот помешан со политичките мотиви или обратно. Затоа, што сите тие се свесни дека начинот за реализација на религиските мотиви, може да има успех само ако се навлезе политички, политиката да се искористи како главен инструмент преку кој ќе ја остварат својата визија. Статистичките корелации помеѓу одреден тип на позадина и борбеност, исламски или на друг начин, сами по себе не претставуваат објаснување. Зголемувањето на јазот помеѓу очекувањата и можностите за реализација, е секогаш потенцирана во бројни применети истражувања како една од причините за радикализација. Според некои истражувања, милитантите припаѓале на најдобрите млади луѓе од нивната генерација. Нивниот успех во образованието и првичната социјална мобилност сите имале работа и повисок статус од нивните родители) им дала причина да веруваат дека тие се наменети за водечките позиции во општеството; очекуваните можности, сепак, никогаш не ги добиле. Ова ги турнало кон радикална политика.

Лишување од очекуваните можности и резултати кај младите муслимани, на некој начин резултира со отпор искажан на најбрутален и најзастрашувачки начин. Но, тоа де факто е констатацијата извлечена од бројни применети емпириски истражувања. Во западните општества каде се родени и израснати многу муслимани и кои од мали се задоени со западен и модерен начин на живот, кога ќе се обидат да ја посетат земјата

од која потекнуваат нивните родители, кога ќе се соочат со вистинската состојба на тој т.н. паралелен свет, во главата на младиот човек се создава конфузија и истиот подоцна преминува во конвертирање на своето однесување, наоѓајќи вина во се друго за таквата состојба. Многу муслимани завршуваат високо образование во големите метрополи како што се во Америка во Лондон, во Париз, и потоа тоа свое најчесто техничко образование и знаење, го ставаат на располагање на терористичките организации, кои понатаму ја продолжуваат својата мисија. Во многу анализи токму како најопасна за врбување и индоктринација е таа втора или трета група на имигрирани муслимани, кои мислат дека со терористичките акции ќе се искупат за нивниот минат западен начин на живот и однесување. Бидејќи не станува збор за автохтонен производ на духовната култура на одредена територија, на секое место во секоја одредена област, може да се формира одредено малигно ткиво во духовната и психолошката свест на луѓето.

Би било многу непромислено да бидеме слепи оптимисти, човек треба да биде претпазлив скеогаш, не може апсолутно да кажеме овде нема шанси да се случи такво нешто. Секогаш и секаде може и затоа ние мораме да бидеме претпазливи. Човек треба да ги црпи капацитетите повторно од себе, од сопствената традиција, од сопствената култура, од своето знаење, за да може да најде начини како тие процеси да ги артикулира, да ги сврти наместо на сопствена штета, во сопствена полза.

Имаме осуденици, повратници, на странски борци од странство во РМ имаме чудна интерзатворска комуникација која не е под контрола ниту на државата, имаме но изолирано. Можеби постои кај одредени свештеници и професори кои што завршиле теологија во исламските земји, како што е Саудиска Арабија, Турција, блиски и финансирани од такви фундаменталистички движења, со финансиски извори на моќ, кои што финансираат верски радикализам. Дел од тие луѓе предаваат религија и филозофија кај нас во рамките на средните училишта. Тука може да има одреден зачеток на таквата идеологија, овие професори предаваат на Универзитетите, и можеби можат да шират таква радикална идеологија.

Во Европа има и т.н. христијански фундаментализам, кој во принцип има елементи на радикализам, во одредени правци на исламофобија, но, и самата исламофобија, повеќе е страв од исламот него што има намера насилнички да дејствува за некоја цел. Се плашат од радикално чистење на некоја територија од исламските фундаменталисти.

Исламската верска заедница треба да бара поддршка од државата во одбрана од овие секташки состојби, кои може на одредено време да се радикализираат и да

предизвикаат некоја небезбедна состојба. Тоа значи може да ескалира. За да се спречи таквата состојба потребна е одбранбена реакција на таа основа. Институциите на системот со Министерството за образование и наука, со медиумите, со Министерството за финансии да изготват некои конкретно образовни програми за ресоцијализација на сите тие учесници што биле по некоја основа и учествувале во странски војни на страната на ИСИС. За тие повратници мора да постојат посебни механизми преку кои може да се воспостават нови состојби. За жал во последно време има и припадници на христијанската религија кои конвертираат, преминуваат во ислам. Се повеќе се забележува тренд на премин од христијанска во друга религија. Одат во муслиманска вероисповед. Причините за таквиот тренд треба да се бараат пооделно. Исламската заедница во основа успешно превенира против налетот на овие нови форми на злоупотреба на една религија, во случајот на исламот. Колку што е во моќта на верските заедници кои се обидуваат на верниците да им го покажат вистинското чекорење и вистинската патека на исламот, се што е во насока на дезориентири, тогаш се доаѓа до состојба која не ветува ништо еклатантно.

Исламската верска заедница во моментов нема џамии или други религиски објекти кои се тотално одметнати во рамките на радикализмот односно исламскиот фундаментализм. И, кога имало такви ситуации веднаш се побарало помош и од државата и од другите институции, да им се застане на патот на умислените и финансирани од Саудиска Арабија поединци, кои во ниту еден случај не се репрезенти за било каков религиски идентитет. Тоа се квази-религиозни платеници, кои работат за некои други исламски центри, кои вложуваат очигледно многу финансии за големи проекти и агитација на некои исламски утопии. Критичкиот став се презема секогаш кога ќе се детектира некоја разбранувана состојба, која претендира да стане вирозна и неповолна за мирниот соживот, и општо за нашата безбедност. Тоа е така затоа што Исламската верска заедница како и Православната македонска црква, има добиено задача од државата да ја одработат религиската толеранција. Во тој прилог е и формирањето на Комисијата како државна институција која ќе работи со верските организации и ќе ги промовира сите оние интегративни и обединувачки вредности кои се за општа добробит на граѓанството, т.е. верниците.

13. **Во однос на прашањето** дали возраста на луѓето има влијание за степенот на верската убеденост? Според МПЦ кај народните маси веројатно да, кај идеолозите веројатно не секогаш. Впрочем образованието не е пресуден фактор за елиминирање на

омразата. Тие не веруваат дека постои религиски фундаментализам помеѓу прекрасните Божји чеда со даунов синдром, кои немаат некакво особено образование, а од друга страна, за жал, еден дел од фундаменталистите кои извршуваат одвратни терористички напади се високо образовани луѓе. Секако, луѓето на помлади години многу полесно потпаѓаат под нечие влијание и убедување, но главните мотиватори и пропагатори на фанатизмот секогаш се искусни, возрасни луѓе, кои веќе размислуваат со своја глава.

Не секогаш возраста влијае, најчесто младите се оние кои биваат радикализирани, а учителите се повозрасни идеолози и стратези, кои имаат за задача да го внесат кодот за верска и политичка радикализација, со наоѓање на оправдување во религијата за извршување на дејствијата. Фундаментализмот постои во секоја религија, враќање кон основите на верата, првобитното учење, и тоа само по себе не претставува некоја опасност и страв за било кој. Но, понатамошното радикализирање и она што се случува директно со исламскиот фундаментализам пропратен со верски радикализам е несаканата појава која создава аверзија.

Лишување од очекуваните можности и резултати кај младите муслимани, на некој начин резултира со отпор искажан на најбрутален и најзастрашувачки начин. Но, тоа де факто е констатацијата извлечена од бројни применети емпириски истражувања. Два профила на луѓе се карактеристика на милитантен фундаменталист: Добро образован и со релативно престижно техничко работно место.

Религиозните чувства можат да бидат лесно потпалливи. Затоа треба внимателно бирање на зборови и мисли, кои би оделе во прилог на верскиот соживот и градење посакувана верска толеранција. Иако и христијанството како и исламот го истакнуваат правото на ексклузивност и исклучивост, тие не треба да бидат предмет на расправа и причина за конфликт меѓу верниците. Затоа потребно е организирање на семинари, конференции кои имаат за цел постојано укажување на потреба од религиски дијалог и соработка, како единствена солуција за премостување на тензиите и разликите во верските учења. Многу луѓе можат лесно да бидат предизвикани и индоктринирани со агресивна неприродна идеологија, која има склоност кон вахабизам, насилие, промоција на непожелни вредности и норми, и насилно наметнување на својата волја и вистина.

Во длабоките секуларизирани и демократски изградени општества, јасно е ставено до знаење дека религијата си е во сферата на приватната страна на личноста, и секој има право да верува или да не верува во нештата кои ги прокламира религиската вистина. Никој нема право да наметнува волја, религиозна вистина, која се коси со

моралните начела и вредности, и која се коси со Универзалната Декларација за основните човекови права. Доколку се фрли светло и се фокусираме за тоа каков живот живеат исламските општества, ќе видиме дека тие застанале со времето во минатото, тие се сиромашни, нивното население е длабоко религиозно, но, сето тоа не носи некој прогрес во тие земји.

Иако можат да се пофалат со значајни природни ресурси и енергенси, земјите од т.н. Трет свет, се најсиромашни, со речникот на медиумите се длабоко заостанати и неразвиени. Секаде каде што исламското шеријатското право се етаблирало во целост, тие реони останале закопани во минатото, изолирани од техничко-технолошкиот развој, ограничени во свеста и размислувањето, и радикализирани во верскиот фанатизам и екстремизам. Не генерално, но, доста голем број на верници се радикализираат по верска основа. Притоа случајот со жената во исламот е посебна тема за истражување, со оглед на податокот дека тие жени се сосема задоволни од потчинетиот и омаловажувачкиот однос што го имаат кон нив мажите и системот, и нејасно е на што се должи таа покорност и послужност. Можеби немањето излез, а можеби и недоволното образование креирало од жените таков профил, кој останува урнек за исламскиот концепт на владеење, каде мажот е главата на семејството, а жената ја има улогата на домаќинка и најважната репродуктивната функција за да може да создава потомство.

14.**Во однос на прашањето** колку општеството и конкретно религиозните претставници од ИВЗ, може да имаат улога, во верската толеранција на верниците од муслиманска вероисповед религиозните претставници и од МПЦ и од ИВЗ, јасно укажуваат на потребата од поголема вклученост на верските водачи во општеството за изнаоѓање соодветна стратегија во борбата со радикалниот ислам. Може да имаат големо влијание со оглед на духовниот и верски авторитет што го имаат во општеството помеѓу верниците, и ИВЗ и МПЦ. Но нивниот досег е ограничен, и затоа мора да постои соработка со државните институции за да се најде некое системско институционално решение за да се помогне во борбата со радикализираните верници.

Сами како такви религиозните претставници имаат важна улога, но ограничена, до онаа мерка до која е дозволена тие максимално укажуваат од штетноста и неоправданоста на таквото размислување. Најпрвин, не би требало да се толерира ништо што не е во согласност со исламското вероучење, во најмала рака, би требало да се оградат од тоа. А посебно не смее да се толерираат испади и ставови кои ја загрозуваат безбедноста и добробитта на останатите граѓани.

Нормално и пожелно во секоја демократска и по секуларен принцип уредена држава религијата да си останува во сферата на приватноста, кај секој индивидуално, да не се наметнува на другиот.

Токму тој авторитет треба максимално да се искористи ако веќе постојат радикализирани верници, да им се промени тој став и тоа мислење да им се неутрализираат тие намери, и да се извлечат само оние придобивки и религиски цели кои се нормативни и пожелни за едно мултирелигиозно, мултиетничко и мултикултурно општество како што е нашето. Да се биде пример за тоа како треба да се негува соживотот помеѓу различните и на тоа да се гледа како на нешто пожелно и нормално. Верските заедници и верските духовни водачи да бидат морални чувари на редот, со тоа што најодговорно ќе си ја извршуваат својата пред се духовна и морална задача, за да укажат на штетните последици доколку се постапува поинаку од нормативното и пожелното во општеството.

Секако дека верските институции имаат капацитет да превенираат против таквите состојби. Прашање е дали тој капацитет ќе се употреби. Го имаме капацитетот векови наназад, нагласуваат религиозните претставници. Сите капацитети внатре во едно општество мора да се употребат и да се стават во функција за превенирање од таквите појави. Со здрава интерпретација на религиската доктрина, да се обидеме да ја презентираме религиската вистина. Бидејќи не станува збор за автохтонен производ на духовната култура на одредена територија, на секое место во секоја одредена област, може да се формира одредено малигно ткиво во духовната и психолошката свест на луѓето.

Би било многу непромислено да бидеме слепи оптимисти, човек треба да биде претпазлив секогаш, не може апсолутно да кажеме овде нема шанси да се случи такво нешто. Секогаш и секаде може и затоа ние мораме да бидеме претпазливи.
Човек треба да ги црпи капацитетите повторно од себе, од сопствената традиција, од сопствената култура, од своето знаење, за да може да најде начини како тие процеси да ги артикулира, да ги сврти наместо на сопствена штета, во сопствена полза.

Мислењето на религиозните претставници во најголем дел е еднозначно подвлечена во следните реченици „ Модерниот ислам (колку и да е тоа радикална религија сметам дека треба малку да ги опушти стегите и да го исфрли оној милитаристички пристап. Мора да се биде во чекор со модерното време, и да се истакнуваат оние придобивки што ги прокламира верата, а кои се темелни и значајни за душевна и морална надоградба на секој човек. Преку нормативното делување доведено во соодност со вистинското веро-учење, кое секогаш ги апострофира духовните вредности кои се значајни за секој човек без разлика каква е неговата

конфесионална определба. Почитувањето и разбирањето на религиската индивидуална определба, не дава никаков простор за креирање нетрпеливот и раздор. Кога секој еден ќе се заложува за вистински религиски и пожелни вредности, тогаш ќе изостанат оние работи кои само назадуваат и претставуваат несакана состојба.

Во сите одговори од моите соговорници од ИВЗ во однос на ова прашање, едногласна е нивната определба за укажување на потребата од религиска практична толеранција, посебно важна за мултиконфесионален тип на општество како што е нашето. Да се почитува сечија религија, и да не се узурпира правото на другиот слободно и во приватната сфера да си ја практикува. Едногласни се во тврдењето дека исламот последните години можеби од неразумното делување на одделни секташки фундаменталистички фракции, создаде аверзија на христијанскиот свет делумно кон муслиманите, и создаде исламофобија, паралелно на исламскиот фундаментализам, иако генерално исламот како таков не е насилен во својата суштина, туку е лошто претставен и интерпретиран од оние кои сакаат да му наметнат насилничка етикета.

Можеби и медиумите делумно имаат свое влијание во прикажувањето на Исламската цивилизација како немодерна, назадна и попримитивна во однос на останатите демократски земји. Реално има преку 57 муслимански земји, неколку од нив имаат буквално исламско уредување, засновано на исламското право, шеријатот, и таму има отпор кон модерноста. Но, тоа е право и определба на мнозинството народ што живее по тие принципи, и тоа треба да се уважува, а, не треба да се осудува и етикетира. Доколку тој народ е задоволен со својата состојба никој нема право од надвор да влијае и да се меша во нечии туѓи работи. Можеби во голема мера е и отпорот базиран на тие причини на исламската цивилизација кон Америка. Реалноста е дека голем е бројот на оние муслимани кои кога не сакаат да живеат според тие застарени и конзервативни сфаќања, кои реално Куранот дословно ги толкува, има милион мирни начини на имигрирање поради економски, културни причини, поради образование, и доселување во некоја западна држава.

Проблемите изникнуваат во најголем број случаи кога по одреден временски период, истите тие млади муслимани што дошле со една причини, поради подобар материјален и културен живот, побегнале од исламските земји, чувствуваат еден вид грижа на совест, што побегнале од нивниот исламски и верски начин на живот. Оттука, на погрешен начин го наоѓаат своето искупување, мислејќи дека со одредена саможртва ќе бидат искупени од според нив гревовите. Затоа и најчесто колатерална штета или жртви за самоубиствените терористички акции, се јавуваат оние муслимани кои или се родиле во демократска земја, а нивните родители имаат потекло од строго

исламска држава, или пак заминале во туѓа земја поради лична образовна надградба и подобар материјален животен стандард.

15. **Во однос на прашањето** дали хуманитарната помош што се дава во одредени делови од Земјата, е всушност со друга намена, дуг тип на мисионерство, преку кој се врши регрутација на исламски борци во земјите на Блискиот Исток? Хуманитарната помош има многу аспекти, меѓу кои секако останува и непосредната корист и придобивка на оние кои се во неволја, но не смее да се исклучи и факторот дека истата може секогаш да има политички, и пропагандни цели.

Не е исклучено таквото толкување велат од МПЦ. Дури и за тоа се информирани и преку медиумите, и преку книгите кои ја прикажуваат таа вистинска слика уште од времето на војната во Босна која заврши со Дејтонскиот договор. Многу од таа т.н. хуманитарна помош од Саудиска Арабија, се покажало во иднина дека имала друга функција. Мисијата била преку тој начин да се овозможи инфилтрирање и на луѓе и на идеолози кои во иднина ќе имаат строго доверена задача што да прават со нивните браќа по вера муслимани. Плодовите од таа хуманитарна мисија, се гледаат и во сегашноста. Многу места во околината на Босна, се мапираат од бројни аналитичари и интелектуалци, како нови центри за обука и регрутација на нови борци за потребите на Исламска држава. За тие центри наводно се одвојува огромна сума на пари, најчесто како главен финансиер, се споменува исламската Саудиска Арабија.

Многу држави имаат искуство со пренамена на конвоите со хуманитарна помош, кога таа има друга намена, и кога преку неа се испорачуваат идеолози кои имаат единствена намера за радикализација на муслиманскиот свет, посебно на младите лица.

Места кои посебно се истакнуваат како Центри за регрутирање на воинствени борци задоени со радикални визии во исламот, се затворите, џамиите, универзитетските комплекси, чајџилниците, Центрите за бегалци, социјалните медиуми, посебно содржините на различни јазици на каналот YouTube, кафетерии итн.

Посакувано и пожелно е ние како верски заедници да ја оправдаме дефиницијата преку која нормативно треба да бидеме чувари на моралниот кредибилитет на верниците и како такви позитивно да влијаеме врз прифаќање на религиски другиот во едно мултиконфесионално општество. Само на тој начин ќе се оправда искреноста во ширењето на принципот на религиска толеранција и само на тој начин вистински и искрено ќе се приближиме до своите верници, се согласуваат моите соговорници.

16. **Во однос на прашањето** колку мигрантскиот бран што ги зафати земјите од Европската Унија последните години, може да ја измести демографската состојба на земјите и да направи безбедносен ризик ?- Иако во поглем број од одговорите од претставниците на МПЦ, стои фактот дека во своите излагања не сакаат да звучат како исламофоби, но нивните апроксимативни толкувања одат во насока дека пред Европа се тешки времиња, во кои ќе се случуваат спорадични терористички напади низ сите метрополи. Што се однесува до првиот дел од прашањето, промената на демографската состојба во Европската Унија, во блиска иднина таа е неизбежна како заради миграцијата (пред сè од исламските земји), така и заради ужасното ниво на наталитет кај европејците.

Имајќи ја в предвид моменталната состојба со бегалската криза, кога илјадници луѓе од Блискиот и Средниот Исток, масовно се иселуваат од тие држави поради граѓанските војни што се водат кај нив, така се менува и демографската и политичката конфигурација на Европа и светот. Светот се повеќе станува внимателен кон бранот бегалци, земајќи го в предвид моментот, дека до сега од тие т.н. мигранти, голем дел успеале да транзитираат низ балканските земји, и до крајната одредница Германија, да имаат сосема други мотиви за бегството.

Безбедносниот ризик веќе постои, со оглед на неодамнешните случувања во Европа. А и бројноста на самите мигранти и најавата на идните мигрантски бранови, сама по себе најавува промена на демографската состојба во одредени места.
Негативното е што има забележано случаи посебно во последниот период во Германија, како крајна цел на мигрантите, дека има помеѓу нив инфилтрирани радикални борци, кои имаат мисија и намера спротивна на повеќето мигранти кои бараат спас од војната, и притоа извршуваат терористички акции во земјата која прими најголем дел од нив.
Како понатаму ќе се развива оваа ситуација со овој мигрантски бран, ќе покаже времето велат од МПЦ. Не е исклучено, иако тоа би имало далекусежни последици да се создаде и тој најавуван цивилизациски џихад, кој би креирал состојби кон создавање услови за исламски прототип.

Во една таква утописка замисла, и можност за идна реализација, може да се креираат нетрпеливоста, поларизитетот меѓу домицилното христијанско население, и доселеното муслиманско население. Во тој неизбежен конфликт, тешко дека може да се предвидат понатамошните дејствија, и што се би произлегло од таквата фактичка состојба. Несомнена е улогата на религијата во современото општество, сега повеќе воскресната од кога и да е, бидејќи долго време беше ставана во позадина и маргинализирано, што повеќе од владеењето на ситемот како што беше комунизмот,

но, сега е проблем што религиозното може многу лесно и многу брзо да се помеша со националистичкиот призвук, и да ескалира во една напната состојба. Во таква вжештена ситуација, неминовно е контрола посебно од верските претставници од ИВЗ, кои можат да влијаат на своите верници да не се радикализираат во нешто што нема да донесе добробит на никој, само ќе креира немир и конфликти непотребни. Треба да се залагаме за религиската толеранција, која не треба само теоретски да се елаборира, туку треба практично да се спроведува.

Имајќи ги во предвид актуелните состојби во светот, бегалската криза, која е директна последица на исламскиот фундаментализам од Средниот Исток, може да се каже дека неговото влијание е огромно, како врз светската политика така и врз општествените односи на Балканот. Директниот судир со проблемите од бегалската криза, вклучувањето и реагирањето на домородното население неминовно раѓаат низа реакции и промени во општеството. Тие рефлексии во општеството најчесто може да мултиплицираат мноштво несакани ситуации, кои понатаму се продлабочуваат и произведуваат контра состојби.

Исламофобијата и верскиот радикализам, се појавуваат затоа што неопходно е силни институции кои ќе претставуваат силен репрезент на самата религија, така да нема потреба некои да се оттргнуваат и сами да докажуваат дека се поголеми верници од останатите, или нивната религија е подобра од друга религија. Верска култура, верска уметност, верската етика, значи религијата во сите нејзини сегменти

Верските институции треба да ја претставуваат верата со сите свои димензии во доктринарна смисла на зборот. Тука спаѓа верската етика, култура, уметност итн. Кога ќе имаме високо етаблирани верски институции тогаш нема да има потреба од вакви инцидентни дејствувања. Се додека институционално не се решат овие работи, постојано ќе се раѓаат нови проблеми и ситуации од овој калибар.

Бегалската мигрантска криза може да претставува од една страна цивилизациски џихад, од друга страна барање спас од завоените подрачја и барање среќа на друга територија, која отсекогаш била мнозинско христијанска. Демографската и геополитичката промена може да создаде тешко предвидливи состојби за во иднина. Големиот број мигранти кои транзитираа преку нашата држава, кои за главна цел ја имаат Германија, создава опасност и за Европа, Балканот и за Македонија. Степенот на претпазливост треба да биде поставен на највисоко безбедносно скалило, преку кое ќе се овозможи следење на ситуацијата, и да не се дозволи изненадување од било каква природа.

Не треба да се занемари самиот податок дека религиозноста е индивидуална појава, и никако не смее редукционистички да се толкува само во контекст на

општеството и општествените промени. Постојат различни профили на верници од оние на кои најмногу им одговара она што црквата го пропишува, до оние кои развиваат индивидуален тип на религиозност, која не е усогласено со претходното толкување.
Веројатно во иднина пред Европа се тешки времиња, во кои ќе се случуваат спорадични терористички напади низ сите метрополи. Промената на демографската состојба во Европската Унија, во блиска иднина е неизбежна како заради миграцијата (пред сè од исламските земји), така и заради ужасното ниво на наталитет кај европејците.

17. **Во однос на прашањето** дали медиумите имаат влијание за ширење на исламската доктрина во својата насилна форма? Медиумите имаат огромно влијание за секоја политичка доктрина и учење, така што и во овој случај имаат дадено значаен придонес за развојот на настаните.
Социјалните мрежи денес се многу моќен фактор на социјализација и влијание и на тој начин може да се влијае и врз прифаќање на одредени религиски доктрини. Второ преку овој начин на комуницирање во одреден сегмент се остварува и интегративната функција на религијата која го има обединувачкиот дискурс меѓу верниците и со самиот пост или изнесен став од страна на свештено лице на својот фејсбук профил верниците имаат можност да се обединат околу тој став и да осознаат нешто ново за сопствената религија.

Трето религијата, како низ историјата така и денес, во одредени сегменти се прилагодува на културната средина во која егзистира, а тоа подразбира одредена отвореност и одење донекаде во чекор со современието. За зајакнување на верските заедници потребно е да се зголеми отвореноста. Силата на Бог е во нечујното.
Треба да постои дијалогот помеѓу верските заедници Исто така посебно е важно што преку овој начин на комуникација религијата се доближува и до помладата категорија на верници, бидејќи најголем процент од корисниците на социјалните мрежи се категоријата млади граѓани и на тој начин може многу подобро да се привлече младиот човек кон осознавање на постулатите на религијата на која и припаѓа. Исто така можеби ќе одговорам и на малку поинаков начин дали само фејсбукот и социјалните мрежи се придобивка на современието во кое битисуваме или откажувањето и забраната ќе подразбира откажување и забрана на се што е световно, земско и профано и откажување и забрана од сите земски задоволства? Дека имаат влијание медиумите

посебно социјалните и каналот „YOU TUBE" се усогласени во ставот и од МПЦ и од ИВЗ. - Социјалните медиуми несомнено имаат такво влијание.
На пример, на YouTube, секој може да гледа безброј видеа на разни јазици (меѓу кои и англиски, француски, руски...) во кои се шири страшна шеријатска пропаганда.
Причините за исламскиот фундаментализам најпрвин лежат внатре во исламот и во погрешниот пристап кон сопственото учење, што дозволува лесна манипулација во надворешните политички односи. Со самото тоа, што шеријатското уредување на животот претставува дел од муслиманското вероучење и должност на сите муслимани ширум светот, станува многу лесно наметливо погрешното воспоставување на истиот.

Во мултиетничките и мултконфесионалните општества, медиумите имаат важна улога кога станува збор за отсликувањето и градењето на културната разноличност во општеството. Новинарскиот пристап со кој медиумите ги претставуваат одделните општествени групи, начинот на кој се фокусираат или ги опишуваат негативните појави и процеси, може отворено или суптилно да поттикнува стереотипи, етноцентризам, ксенофобија и говор на омраза.

Медиуми или масовни медиуми е термин кој за прв пат се појавува во 20тите години на минатиот век со појавата на националните радио-мрежи и весниците и списанијата со масовна дистрибуција. Публиката на масовните медиуми е разгледувана од некои теоратичари како масовно општество со посебни особини, поради начинот на кој што тоа постојано е во движење, што го прават посебно подложно на влијанието на модерните мас-медиумски техники како рекламирањето и пропагандата.

Масовното општество, како идеологија најчесто се смета како спротивност на елитното општество, односно на оној слој од општеството кое што ја следи традицијата и високата култура. Реално гледано, денес, а и години наназад, масовното општество е во рацете на малиот, но моќен дел од елитата. Политиката на водење на масовното општество е доста едноставна. Мали моќни индивидуи, од различни гранки на културата, им го сервираат готовиот производ на масите, за потоа полесно владеат со нив и ги контролираат.

Несомнено е дека е тенка линијата кај нас во однос на етничката и конфесионалната припадност и идентитет. Затоа треба внимателни да бидеме и во однос на тоа какви теми ќе пласираме во медиумите, бидејќи тоа што ќе најде место на медиумскиот простор, може да биде моќно и одлучувачко за етикетирање и вешто манипулирање. Затоа медиумите во денешно време треба да бидат максимално одговорни во однос на пораките кои што ги пласираат, и повеќе акцент да се стави на информираноста и медиумската писменост на граѓаните.

Посакувано и пожелно е верските заедници исклучиво да продолжат да бидат чивари на моралниот кредибилитет на верниците и како такви позитивно да влијаат врз прифаќање на религиски другиот во едно мултиконфесионално општество. Само на тој начин ќе ја оправдаат нивната искреност во ширењето на принципот на религиска толеранција и само на тој начин вистински и искрено ќе се приближат до своите верници.

Не треба да се истакнува религиозниот партикуларизам, туку само да се стават во практична рамка позитивните страни и позитивните придобивки на едно модерно мултиконфесионално општество. Сите луѓе се исти, од крв и месо, разликите се само во перцепциите и културниот модел што го имаат и според него го толкуваат и уредуваат своето живеење.

Кога човек е информиран и сака да знае повеќе за соседот, колегата, за оној кој што живее до него, со оној со кој што пие кафе на пауза, кога секој ќе ги знае позитивните страни на секој, тогаш нема да има потреба од постојано преиспитување и компетенција меѓу религиите. Сите си имаат свое толкување, и потребно е разбирање на другиот во неговата целовитост и суштина. Колку и исламот да има во себе преценувачки елемент, каде нема друга вистина, освен вистината укажана преку светата книга Куранот, сите страни мора да се определуваат да функционираат преку миројубивата интерпретација на религискиот дискурс.

Средствата за масовна комуникација успеваат многу посилно и пофлексибилно да влијаат на аудиториумот од било кој друг тип на персонална и интерперсонална комуникација. Суштински делови на секоја демократија се слободата на говорот и слободниот проток на информациите. Со тоа медиумите претставуваат и важат за највлијателни посредници помеѓу политиката, државата и граѓаните. Денешното современо општество окарактеризирано со брз развој на технолошките и на комуникациските можности, доведе до зајакнување на улогата на јавноста при донесувањето на политичките одлуки, но и медиумите како посредници. На медиумите често им се припишува влијание, моќ, дури и негативно, врз различни општествени феномени.

Тие ја имаат моќта над луѓето и настаните, затоа што ги поседуваат информациите. Во прилог на ова говори и Бен Багдикијан во книгата „The Media Monopoly“: „доколку сакаме да го контролираме општеството, тогаш мораме да ја контролираме информацијата!“. *Тв-мерило на важноста*-само она што е пропратено на тв добива на важност, и е секогаш поважно од она што ја нема таа привилегија да биде дел од магичната кутија.

18. **Во однос на прашањето** дали исламот е агресивна религија? Исламот има во себе агресивна нота, но, таа треба да биде меко протолкувана, и да биде соодветно апострофирана од позитивен аспект и корелација. Да се истакнуваат добрите страни, и да се практикуваат само оние вредности кои што носат соживот, почит и меѓусебно разбирање. И покрај тоа што зборот „Ислам“ значи „мир“, неговата практична примена во животот породува многу војни.

Примарната функција на верските заедници е да ја развиваат и шират својата религиска доктрина меѓу верниците и да влијаат на верска, но и морална надградба на верниците. Вака поимано би можело да се каже дека верските заедници во голема мера ја исполнуваат својата задача. Залагање и практицирање на религиската толеранција. Принципот на религиска толеранција подразбира не само декларативна заложба туку и директно имплементирање во животот, однесувањето и активностите на верниците. Овој принцип подразбира живеење на различните конфесионални заедници, не само едни до други и едни покрај други, туку живеење едни со други. За да овој принцип во својата исконска смисла вистински и искрено се декларира и практицира потребно е почитување и на сите вредности кои овој принцип во себе ги вткајува, тоа значи почитување на искреноста, чесноста, вистиноста, правдољубието и многу други вредности кои исклучиво го креираат позитивното, посакуваното и правилното во човековото однесување.

Религиската толеранција апсолутно не подразбира лицемерие затоа посебно наша задача е велат религиозните претставници и од МПЦ и од ИВЗ, да имаме во предвид дека секоја религија може да биде злоупотребена и да се прикаже во агресивно светло. Затоа треба максимално да се трудиме верата правилно да се интерпретира и вистински да биде апсорбирана од страна на верниците.

- Верните ја следат религијата која им бива проповедана од нивните свештени лица. Муслиманите, како и христијаните и сите останати верници на организираните религии, ќе бидат толерантни во мерата во која се учени на толеранција во џамиите и црквите.

Религиозните претставници од МПЦ, сметаат дека секоја религија може да биде злоупотребена и да се прикаже во агресивно светло. Дури и некои „христијански“ водачи низ историјата, во име на христијанството, имаат уништувано или насилно конвертирано цели народи, имаат водено „Крстоносни војни“, спалувано живи луѓе на клада, правено погроми...А притоа, во својата суштина христијанството е суштa љубов, тоа е вера која прокламира апсолутно себепредавање не само кон Бога, туку и кон ближниот свој. Во таа смисла, ако се знае дека прекрасното и апсолутно мирољубиво

христијанство може да биде злоупотребено во лоша цел, дотолку повеќе тоа може да биде и исламот кој ја нема универзалната љубовна длабочина којашто ја има христијанството. Треба малку повеќе да се разјасни терминологијата во Куранот и неговото буквално сфаќање. Поимите како свети војници, света војна, многу е важно како ќе се интерпретираат и која суштина ќе ја наметнат. Дали буквално повик за војна, или метафорично и меѓу редови е кажано. Војната како таква нема никаква светост, на самиот почеток да разграничиме. Нашата исламска терминологија, го употребува зборот џихад, коментираат од ИВЗ.

Самиот збор џихад нема никаква допирна точка со зборот војна. Тоа значи човек во себе да се бори против неговото его. Еднаш пророкот Мухамед, кога биле во една војна со Византија, и вели се враќаме сега од една мала војна, кон една голема војна. Прашуваат која може да биде таа голема војна еве бевме во војна со Византиската Империја, Мухамед вели „војната со себе си, е најголемата војна од сите војни". Сите овие начини каде што се применува насилство човекот повеќе го меша своето его со религијата, ние како модерни верници, не постигнавме да креираме институции каде што ќе го едуцираме човечкото его.

Сите начини каде се применува насилство е мешање его во религијата, или пак мешање на политика со религија.

Универзумот, човекот светите текстови, треба да се толкуваат на идентитечен начин. Колку е свет човекот толку е свето и светото писмо, ако си го убил човекот си го убил и светото писмо, колку е свет текстот и човекот толку е света и природата. Тоа е толку интегрално. Не треба да си правиме ние произволна интерпретација на нешто што е веќе како такво дадено. Треба само правилно да знаеме да ги читаме светите текстови, уверуваат од ИВЗ.

За жал апсолутно е точно дека голем дел од водачите на исламот се агресивни и отворено или тајно се залагаат за исламизација на светот. Но, повторувам, тоа не е инхерентен проблем на исламот, туку проблем на неговата интерпретација. Оти, од друга страна, исламот таи во себе прекрасна суфи мистика, филозофија и поезија, брилијантна естетика, етички норми за чесност и вредност кои се на исклучително високо ниво. Сè што е потребно е прекрасните муслимански верници кои живеат според високите исламски религиозни, етички и естетички идеали, да смогнат сили да станат главниот глас на исламот, така што ќе ги истиснат од врховните позиции луѓето кои го користат исламот во политичка конотација, и кои се водени од фундаментализмот, наспроти широкоградната слобода на вистинскиот верник, согласни се од МПЦ.

Според мислењето на претставниците на ИВЗ, исламот во својата суштина значи мир, и како таков ни малку не треба да се доведува во корелација со оние струи кои наоѓаат само свој изговор во религијата, тоа стои настрана и како такво нема допирна точка со она што проповеда кон своите верници Куранот, светата книга.

Во голема мера, необразованоста има големо влијание врз верскиот фанатизам. Во местата каде што егзистенцијалното прашање на луѓето е најмногу загрозено, религиозниот фанатизам најмногу цвета. Немањето слобода за слободен развој на интелектуално и социјално ниво, во многу помага верскиот фанатизам.

Затоа тие се изолирани случаи на поединци, кои сите заедно треба да имаме критички однос кон таквата појава и да се трудиме, се што е во наша моќ и можност, да помогнеме да се искорени тоа модерно зло, кое ни се наметна на сите нас. И, ние имаме проблем со постојаното укажување дека како религиозни духовни пратставници од исламот, апсолутно се оградуваме од таквата интерпртетација на радикалните струи.

Недвосмислено укажуваме и на нашите верници кога доаѓаат во нашите духовни светилишта, дека не постои оправдание за било какво насилие против друг човек или против имот. Тоа не се оправдува, и тука сме сите согласни и усогласени. Се што треба да се направи во насока на градење на мир и соживот, цивилизациски и посакувано се надеваме дека ќе се избориме со овој безбедносен ризик .

Мора секогаш да ја имаме в предвид мултиетничката средина на Балканот што во блиското минато било повод за конфликти. Треба секогаш да извлечеме цврста лекција и да истакнеме дека регионалната соработка е во интерес на интеграциите, и е најсериозната алтернатива за регионот да биде стабилен и да биде просперитетен.

Состојбата во Македонија тесно е поврзана со случувањата во регионот и сите случувања имаат рефлекс врз неа. Затоа треба да бидеме внимателни кон сензитивните работи, кои можат да предизвикаат конфликти од несакани размери.

Толеранцијата е клучна кога имаме верски мозаик од различни светогледи, мора да имаме степен на разбирање и постојано да укажуваме на оние значајни работи кои интегрираат и креираат меѓусебен дијалог и соработка.

Во Византиското црковно право било предвидено епитимија, односно црковна санкција или оддалечување на верникот од светата причест и од светиот живот на црквата, во случај на убиство. Дури и тогаш кога станувало за убиство во одбранбена војна. Оние војници кои што во Византија биле во војна се вратиле и биле оттргнати одредено време од причест, биле под епитимија иако тоа било во одбранбена војна.

Убиството и војната се апсолутно лоши. Дури и тогаш кога има оправдување. Дури и кога е во одбрана на народ, беспомошните, на одбрана на градот итн. Во Византиската

култура ниту во еден момент нема релативизирање на злото. Злото е зло без оглед од која причина доаѓа. Нема право никој да го релативизира и апстрахира како некое оправдување или пак некаков изговор поради некоја објективна околност.

Мора да се биде насочен секогаш и секаде во насока на извлекување на оние работи кои се во духот на меѓусебниот религиски дијалоги и соработка, без наоѓање и извлекување меѓу редови приказни за да го мешаат егото и религијата.

Од каде потребата да се поистоветува радикализмот со верската компонента? Тоа прашање е многу значајно за оваа тема, бидејќи нудејќи соодветен одговор ќе ни стане јасно до некаде што сакаме да заклучиме или да извлечем заклучок од оваа тема. Заедничките карактеристики или обележја на секоја религија се сигурен коректив на било која разгорена или потенцијално тензична ситуација, на оние кои се задолжени да го истакнуваат духовниот непресушен извор на вредности кои ги носи во себе секој човек. Треба само да се побараат длабоко во човековата душа, да се има волја да се разбере другиот, да се биде информиран за религијата на другиот, да не се прифаќа стереотип како таков даден и преку таа призма да се согледува нечија идеологија, култура, етно, религија итн.

19. **Во однос на прашањето** дали американскиот империјализам кон земјите од Блискиот Исток, е причина за отпорот на исламските земји кон Западот моите соговорници се согласни и од МПЦ и од ИВЗ, дека тоа е само една од причините за отпорот на муслиманскиот свет кон Америка односно кон Западот. - Бездруго.

Може да се каже, дека тоа е една од најглавните причини за појавата и ширењето на радикалниот ислам меѓу луѓето од тие земји. Војните со Америка, до ден денес важат како главниот мотиватор во „светата војна - џихадот". Но мора да се спомене и податокот дека исламските земји се соочувале со империјализми и далеку пред да се соочат со сегашниот империјализам на САД.

Глобализацијата како еден кумулативен и надоврзувачки процес, креираше огромно незадоволство во муслиманскиот всет. Културниот империјализам наметна нови форми на изразување, прифатливи и за младите од целиот свет, и општо за сите луѓе. Придобивките на новото време станаа значајна алатка во секојдневното функционирање и составен дел од животот. Техничко-технолошкиот развој креираше современи алатки за пополнување на слободното време, и се повеќе беше очигледно туѓото влијание на големите сили врз помалите.

Нетрпеливоста на исламот кон Западот трае уште од времето кога исламските народи биле подложувани и на Англискиот империјализам, Францускиот

империјализам, Рускиот империјализам... Сегашната „инкарнација“ на империјализмот од страна на САД, е само последна во низата на туѓи светогледи кои им биваат наметнувани на муслиманите. Следствено, причината за отпорот не е „од вчера“, туку е многу подолга, и американците не се единствените кои треба да се обвинуваат за омразата на добар дел од муслиманите кон Запад, оти таа е далеку постара од американскиот империјализам.

Мешањето на Америка во внатрешните работи на било која земја, внесува немир, нервоза и создава можности за изнаоѓање отпор како што тоа се случи со Ал Каеда во 2001 нападот врз кулите близначки во Њујорк, и зградата на Пентагон. Оттогаш и официјално започна борбата на Америка со муслиманскиот свет, отворена војна на Истокот со Западот.

Суштината на сите религии, вклучувајќи исламот, е да се постигне мир со Бог. И со цел да се постигне мир со Бог бара да се исполнат одредени услови. Во исламските услови, овие услови се постигнуваат само со создавање на заедница на муслиманите.

Верување дека со исполнување на условите ќе живеат среќен задгробен живот, и обратно ако не се исполнат условите ги чека казна од Бога. Токму од тие предуслови, многу муслимани се соочуваат со таквите радикални состојби, каде видливо го демонстрираат своето негирање на постоечкиот систем во кој што решиле да живеат, спротивставувајќи се на тој концепт на живот, и креираат струи кои понатаму исходот го имаат со терористички цели, самоубиствени напади, и промоција на видео содржина преку своите медиуми.

Социјално, економско незадоволство, отпор кон модернизацијата, политичко дејствување во име на исламот, насилно, милитантно, идеолошки, за остварување на поставените цели. Политички протест со милитантна обоеност, за религиозни идеолошки цели. Отпор кон секуларизмот и секуларизацијата карактеристично и за христијанскиот фундаментализам. Анти-секуларизмот одговор за појавата на фундаментализмот кај муслиманското население, особено на опозицијата во муслиманските земји, кои мислат дека власта што ја имаат нивните водачи, премногу се модернизирала и се оттргнала од традиционалните религиозни принципи и духовни вредности. Не треба ниту една вера, религија да биде злоупотребена за било какви цели.

Секогаш треба да се ориентираме кон духовно корисните страни на секоја религија, оние вредности и норми кои го овозможуваат душевниот мир и хармонија, кои даваат значење и содржина за работите кои ни предизвикуваат нејаснотии, и како такви секогаш да се ставени на располагање само вистинските вредности. Да се открие

посакуваниот духовен мир, кој повеќе од потребен е во денешното современо живеење, каде трката со времето, одзема многу енергија и создава празнина во душата на модерниот човек. Религијата треба да го пополни тој вакуум, таа празнина и да овозможи среќно и мирно живеење, и градење соживот, согласни се моите соговорници и од МПЦ и од ИВЗ. Филозофијата на новиот век е филозофија која се појавува и својата мисла ја гради врз напад кон религијата и кон верската заедница.

Новиот век нуди исфорсиран индивидуализам, кој има за цел да ја уништи групата која си припаѓа на одредена верска заедница. Таа група е составена од едуцирани и нормални поединци кои формираат верска група. Понатаму почнува таа пропаганда против религијата, во сите домени. Во целокупната историја имате два-три века каде што има форсиран материјализам, потоа доаѓа еден спиритуализам. Сега сме во таа фаза. Веќе сите сме досадени од материјализам, консумеризам, и се враќаме назад кон основите на спиритуализмот. За да не се врати човекот кон тој спиритуализам, се импортираат намерно ваков тип на пропаганда, овие термини се импортирани од одредени мисловно империјалистички кругови.

## Заклучни согледувања од истражувањето

Р. Македонија е земја која што е оптоварена со своето минато и историја. Во неа се испреплетени две небески царства христијанското и муслиманското, две големи култури и цивилизации. Православната култура и Византиската цивилизација од една страна и муслиманската култура и Исламската цивилизација од друга страна. Дали не очекува судир на цивилизациите на оваа мало парче земја или пак иднина во која ќе царува мултикултурализмот, мултиетничкиот соживот и богатството на разликите? Кога говориме за ова не треба да се заборави фактот дека Р. Македонија е дел од поширокиот регион на Западен Балкан кој е обременет со сите прашања што погоре ги спомнавме. Тоа е област на верска, културна, етничка, општествена и идеолошка разноликост. Затоа не е чудно што постојат недоразбирања и повремени судири од политички, етнички, верски, културен, историски, идеолошки и психолошки карактер ( Ćebić,1998).

Религијата во себе ги содржи правилата, обичаите, кои се историски дадени, како догми, општо прифатени и како такви егзистираат од самиот настанок на човештвото. Религијата опстојувала во целата своја содржина низ вековите, во некои периоди доминирала, во други била во заднина, но постојано присутна и детерминирачка. Некои особини на современите култури, можат да допринесат кон континуирано чувство на криза во значењето. Некои критичари истакнуваат дека комодификацијата на културата од страна на напредниот капитализам, (т.е, културниот продукт на трансформирање на се што е човечко во артикли за купување и продажба на пазар), влијаеше врз нашата способност да доделиме значење на нашите искуства.

Исламот како религија содржи во себе една комплексна филозофија на живот, која има точно определени правила и начини за однесување во секоја сфера од општественото живеење, но мора да се работи на омекнување на тој религиозен став, ако се земе в предвид, мултикултурализмот кој што е значаен белег за современото живеење. Ако сакаме да градиме мир и хармонија на една територија, мора да се почитуваат демократизацијата, секуларизацијата и правниот и политичкиот систем на една држава. Секое мешање на религија со политика, раѓа верски радикализам, кој понатаму навестува појава на екстремизам и тероризам. Повеќето од одговорите на религиозните претставници и од ИВЗ и од МПЦ се усогласени во однос на тоа дека дека секоја религија може да биде злоупотребена и да се прикаже во агресивно светло. Дека злоупотребата раѓа конфликти. Дека постојат секташки формации во самата

религија, кои понатаму промовираат насилство, агресија која не е својствена на ниту едно верско учење.

И покрај тоа што зборот „Ислам“ значи „мир“, неговата практична примена во животот породува многу војни. Може метафорично кажано и тој повик на војна во исламот, џихадот, е всушност во превод, борба со сопственото его, кажано низ призмата на претставниците од ИВЗ.

Силата се состои во отвореност, во тишината, во недемонстрирањето на моќ, воздржување од користење на сила, насилство, да се ограничи природата која знае да се бунтува во човек, таа е борбата со самиот себе си, психолошката борба, оттука и претходниот став со контрола на егото, можеме да ги контролираме сите животни процеси. Но, таа борба е најтешката борба. Силен и храбар е оној кој знае и може да се контролира самиот себе си, која е силата на Бог, да го ограничи налудничавото дејствување на секој поединец, да не подлегне пред искушенијата, да се спротивстави на лошото, на злото, и преку нечујно а моќно повлекување во себе душевно да го надмудри бунтовникот во себе. Во човечката природа има и позитивна и негативна компонента. Која повеќе ќе ја храниме, таа ќе има израз од нас и кон нас. Да не дозволиме да не заслепи сјајот на материјализмот и да ни ги лиши од нас вредностите кои ги застапува религиозната вистина. Силата е во тишината, во молкот, во нечујното. Во голема мера, необразованоста има големо влијание врз верскиот фанатизам.

Во местата каде што егзистенцијалното прашање на луѓето е најмногу загрозено, религиозниот фанатизам најмногу цвета. Немањето слобода за развој на интелектуално и социјално ниво, во многу помага верскиот фанатизам. Луѓето на помлади години многу полесно потпаѓаат под нечие влијание и убедување, но главните мотиватори и агитатори на фанатизмот, секогаш се искусни, возрасни луѓе, кои веќе размислуваат со своја глава.

Да се задржи секуларниот принцип во државата, а да се има увид во состојбата со верските заедници и религиозните групи преку еден државен орган е повеќе од потребно. За таа потреба е формирана Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи во Македонија, како една гаранција за секуларноста на државата, државен орган кој треба да претставува еден вид медијатор помеѓу верските заедници, токму од причини за негување и одржување на верскиот соживот.

Религиозните претставници од ИВЗ, може да имаат улога, во верската толеранција на верниците од муслиманска вероисповед. Најпрвин, не би требало да се толерира ништо што не е во согласност со исламското вероучење, во најмала рака, би требало да се оградат од тоа. А посебно не смее да се толерираат испади и ставови кои ја загрозуваат безбедноста и добробитта на останатите граѓани.

Хуманитарната помош финансирана од големите исламски центри како што е Саудиска Арабија, што доаѓа на Балканот некогаш е со друга намена, друг тип на мисионерство, преку кој се врши регрутација на исламски борци во земјите на Блискиот Исток. Реално хуманитарната помош има многу аспекти, меѓу кои секако останува и непосредната корист и придобивка на оние кои се во неволја, но не смее да се исклучи и факторот дека истата може секогаш да има политички и пропагандни цели. Безбедносниот ризик веќе постои, со оглед на неодамнешните случувања во Европа. А и бројноста на самите мигранти и најавата на идните мигрантски бранови, сама по себе најавува промена на демографската состојба во одредени места.
Медиумите имаат огромно влијание за секоја политичка доктрина и учење, така што и во овој случај имаат дадено значаен придонес за развојот на настаните.

Од она што можев да забележам од интервјуто со религиозните претставници од МПЦ согласни се дека постои фундаментализам на Балканот но, дека постојат радикализирани струи во нашата држава, но дека состојбата не е алармантна. Она што треба да се истакне е потребата од поголема контрола на границите, поголема контрола на следење на оние кои што имаат заминато да војуваат во Сирија и Ирак, и кои што се вратиле во своите матични земји. Да се внимава на оние високо образовани профили кои своето образование го завршиле во Саудиска Арабија, Турција, или пак во некои слични исламски образовни центри и земји. Тие професори или добар дел од нив обучени со идеологија од големите исламски центри, тие исти професори предаваат филозофија и религија на учениците од средните училишта и секако дека тука и постои одредена можност за т.н. никулци или раѓање на такви радикални идеи.

Неоосманизмот како систем на идеи на т.н. заснован политички проект, чија што крајна цел е обединување на сите народи и територии кои некогаш припаѓале на Османлиското царство, сигурно дека постојано има свое ехо и во современи рамки, но, сето тоа е повеќе одраз на манифестни никулци на Балканот, во Западна Европа, делумно и во Македонија, отколку што има плодна почва за реализација на таквите цели. Реализација на овие идеи во современ контекст се утописки и тоа е реалноста, но, непредвидливоста е за некои идни рамки и времиња, со оглед на промените на демографски план со големиот бран мигранти од Блискиот Исток. Мора да се има мониторинг и следење на ситуацијата, затоа што најлесно се манипулира со младата популација, па оттука потребно е да се има увид во секоја сфера од нашето општество каде има потенцијал за разгорување на таков момент. Голем број од населението кое се образувало во тие исламски земји, со себе го имаат понесено себепреценувачкиот религиозен никулец, религискиот партикуларизам, кој ја истакнува само својата

супериорност за сметка на другите. Таа исклучивост на исламот, понатаму станува зрело семе, за афирмација и ширење на вахабистички аспирации.

Државата постојано треба да биде во состојба на готовност, безбедносно да биде подготвена на највисоко можно ниво, од причина што радикализираните струи може брзо да се мобилизираат најпрвин преку социјалните мрежи, преку посебни места каде што се сметаат за центри на регрутација на идни исламски војници на Исламска Држава, да бидат под опсервација и општествена контрола. Затворите каде голем дел од тие осуденици кои се насилни во својата психолошка свест и дејствување, по тие места ја шират ја агитираат својата насилна радикализирана идеологија и бараат нови жртви и следбеници. Затоа неминовна е потребата од Центри за рехабилитација на насилни идеолози од повеќе аспекти.

Од интервјуираните од ИВЗ, очигледен е податокот дека и тие се свесни дека многу од терористите ја користат религијата како изговор за извршување гнасни дела против човештвото, но дека тоа се изолирани случаи, поединци, или пак во најголем дел од одговорите тоа се секташи, кои можат да постојат како посебен израсток во било која религија. Секти, фракции кои делуваат и ја злоупотребуваат било која религија, во овој случај станува збор за исламот. Несакано малигно ткиво кое треба на секој можен начин да се искорени или неутрализира.

Заедничка карактеристика за сите муслимански фундаменталистички движења е нивната антисекуларизирачка нишка. Тие се против секуларизмот и секуларизацијата. На главното прашање за можната радикализација на општествените односи со самото присуство на исламскиот фундаментализам и на Балканот и во Македонија, сите потврдни одговори јасно ја верификуваа и главната хипотеза или главното истражувачко прашање во овој магистерски труд.

Модернизацијата, секуларизацијата и глобализацијата, сиромаштијата, војните, и многувековната омраза, дел од причините за радикализација и верски фанатизам кој лесно преминува во насилен и екстремен тероризам. Во економските фактори влегува големата економска разлика помеѓу богатите и сиромашните, општествената неправда, лошата социјална политика и слично.

Дел од овие економски фактори се причина многу лесно да се индоктринираат младите генерации за преземање на активности во насока на верски радикализам кој понатаму условува екстремизам односно тероризам. Зад користењето на поимот исламски фундаментализам денес се прекриваат конкретни цели кои главно се од материјална природа (природните ресурси и енергенси). Тука се мисли и на политичката моќ, односно инструментализација на верата за остварување на политички цели.

Исламскиот фундаментализам постои, и ќе постои секаде каде што исламот коегзистира со други религии/светогледи. Впрочем тоа не е така само со исламот, туку и со други религии кои се принудени да коегзистираат на исто место, без да сакаат да се запознаат едни со други. Исламскиот фундаментализам на Балканот, се чини сепак не е широко распространет, и дека, огромен дел од вистинските муслимани, имаат јавна одбивност кон фундаментализмот, и му се спротивставуваат.

Исламот е интегрален дел во секоја сфера од живеењето на неговите следбеници, и затоа мора внимателен пристап при неговата интерпретација. Тој не ја одделува државата од верата, тој не признава нации, тој се залага за комплетно теократски систем на вера-држава, по примерот на Саудиска Арабија, каде исламското право ги легитимира сите аспекти од општественото живеење. И економскиот, политичкиот, правниот, социјалниот, културниот итн. Затоа исламот е тешко предвидлив во мултикултурен тип на општества, каде на иста почва виреат разновидни култури, а притоа треба да се почитува секуларното уредување, каде има одделување на државата од религиозните институции. Ова е во диспаритет со она што го налага исламското верско учење. Христијанството од своја страна ја има предноста, бидејќи многу подобро се акомодира во современото општество отколку што е тоа случај со исламот.

Секоја култура се соочува со верски прашања. Кога на исто место постојат различни религии кои претендираат на апсолутно поседување на вистината за Бога и за човекот, тоа може да доведе до верски фанатизам. Балканот и историски и во сегашноста е показател за тој факт. Веројатно нема земја во Европа (можеби и во светот) во која тие не постојат барем во некаков елементарен облик. Ако човек сака да чита меѓу редови, да си измисли некоја приказна, да најде приказна која ќе му го оправда насилството. Може тоа секогаш да го направи. Степенот на образование влијае врз степенот на верски фанатизам, кај масите има влијание, додека кај идеолозите не секогаш. Впрочем образованието не е пресуден фактор за елиминирање на омразата.

Пресудно е внатрешното религиозно или нерелигиозно чувство на човекот, а потоа и надворешните влијанија: духовната состојба во семејството, (не)религиозноста на општеството, харизмата на религиската елита, итн.

Верните ја следат религијата која им бива проповедана од нивните свештени лица. Муслиманите, како и христијаните и сите останати верници на организираните религии, ќе бидат толерантни во мерата во која се учени на толеранција во џамиите и црквите. Несомнено е и според понудените одговори од моите соговорници од ИВЗ, декаа нивните верници ги учат на љубов кон сите луѓе и вери, не само кон своите луѓе, кон својата вера.

Веројатно во иднина пред Европа се тешки времиња, во кои ќе се случуваат спорадични терористички напади низ сите метрополи. Промената на демографската состојба во Европската Унија, во блиска иднина е неизбежна како заради миграцијата (пред сѐ од исламските земји), така и заради ужасното ниво на наталитет кај европејците. Социјалните медиуми несомнено имаат влијание на ширење на радикални фундаменталистички експлицитни видео содржини, со цел да навлечат и да задојат со таква насилна идеологија, нови следбеници. Исламските земји се соочувале со империјализми и далеку пред да се соочат со сегашниот империјализам на САД. Нетрпеливоста на исламот кон Западот трае уште од времето кога исламските народи бивале подложувани и на Англискиот империјализам, Францускиот империјализам, Рускиот империјализам... Сегашната „инкарнација“ на империјализмот од страна на САД, е само последна во низата на туѓи светогледи кои им биваат наметнувани на муслиманите. Следствено, сметам дека причината за отпорот не е „од вчера“, туку е многу подолга, и американците не се единствените кои треба да се обвинуваат за омразата на добар дел од муслиманите кон Запад, оти таа е далеку постара од американскиот империјализам.

Не сите муслимани се терористи, но податокот е дека сите терористи се муслимани. Не треба предрасуди и стереотипи за било која религија и за нејзините претставници, ниту една религија во себе не содржи омраза и повик на насилства и војна, дека тоа е злоупотреба на религијата. Тие причини може да се бараат во многу димензии. Модернизацијата е само дел од мноштвото причини, секуларизацијата, мешањето на Западот на Блискиот Исток, глумењето на строг полицаец со железна рака на цел свет, тоа е она што фрустрира и предизвикува гнев кај луѓето од исламска вероисповед. Она што е заеднички именител за сите, е дека религијата треба да ги премостува разликите, да ги почитува различностите, и да се стреми кон пронаоѓање на позитивното и доброто во сите аспекти и во сите сфери од живеењето. Секое разбранување на страстите, посебно во комбинација со националистички призвук, може да донесе немири, војни, омраза и други несакани последици.

Дијалогот, толеранцијата, екуменизмот и неоекуменизмот се идеи водилки на новите мултиетнички општествени системи

## Генерален заклучок

За разлика од православното христијанство каде што постои силна врска помеѓу религиозното и националното (црквата и народот), кај исламот имаме висок степен на поврзаност помеѓу религијата и политиката. Во минатото и денеска имало случаи кога политичките лидери во исто време биле и верски поглавари. Суштината на религијата, особено на големите монотеистички религии произлезени од т.н. Аврамова традиција, е што се многу нетолерантни.

Христијанството е исклучок меѓу религиите и само тоа овозможува секуларен принцип на политичка организација. Многу е тешко да се живее во свој паралелен свет, изолирано а, во согласност со религиозните принципи на својата заедница, како што е случајот со американските Амиши, кои на тој принцип функционираат во американското општество. Во исламот, одвојување на религијата од политиката е невозможно. Во исламот, законот не е само еден елемент на севкупното исламско учење, тоа е негово функционално изразување. А кога ќе се каже дека во согласност со Универзалната декларација за човекови права постои правото на слобода на вероисповед или изразување на верските чувства, тоа значи дека еден муслиман може да дојде во Англија и да ја манифестира својата религија. Но, произлегуваат мноштво на проблеми подоцна кога на видлив и практичен начин ќе се создаде неусогласеност меѓу законите на земјата домаќин и мигрантите кои се доселиле од некои муслимански земји. Се што останува во сферата на приватното религиозно изразување, не загрозува и не креира конфликти, проблемите настануваат кога на отворена сцена ќе се создаде поларизитет меѓу нормите на мнозинството и барањата на малцинството. Во, многу држави со закон дури и се забрани практикувањето и носењето на традиционалните исламски религиозни обележја, и во многу ситуации државните власти влегоа во отворен конфликт со припадниците на муслиманската население.

Пред светот претстои тешка и исцрпувачка битка, во која меѓуцивилизацискиот судир постојано ќе биде продлабочен од разни причинители, најчесто од културна и идеолошка природа. Но, како и до сега, сепак на дневен ред, се чини повторно во фокусот ќе бидат религиозните и националистичките прашања и намери. Постојаното преценување на сопственото, а потценување на туѓото, во најмала рака и непризнавање на постоење на туѓото, може да изродат конфликтни ситуации кои тешко дека во догледно време може да бидат лесно решливи.

Состојбата генерално во светот, на Балканот но и кај нас, не остава простор за мирно и немо следење на ситуацијата. Иако далеку од посериозни безбедносни закани,

македонските безбедносни државни органи во партнерство со институциите од Балканот, се координираат постојано за состојбите на безбедносен план, и постојано се преиспитуваат мерки и решенија, како би се неутрализирале оние моменти, кои би претставуваме потенцијална безбедносна закана по државата и регионот. Она што треба да се издвои е и потреба од еден задолжителен регионален Центар, кој периодично ќе има конференции, средби, и ќе се следи состојбата периодично.

Џорџ Ritzer (1999) стана познат со својот труд за мекдонализација на општеството.

Рицер низ призмата на орвеловскиот речник ја дефинира сегашноста и иднината во простор каде ефикасноста, мерливоста, економичноста, предвидливоста и контролата стануваат основа преку која општеството функционира, на начин на кој живееме и умираме. "Мекдоналдс продава систем, а не производ" (Urry, 2003: 57-58).

Во еден таков глобализиран и сеопфатен свет, посакувано и пожелно е верските заедници исклучиво да продолжат да бидат чувари на моралниот кредибилитет на верниците и како такви позитивно да влијаат врз прифаќање на религиски другиот во едно мултиконфесионално општество. Само на тој начин ќе ја оправдаат нивната искреност во ширењето на принципот на религиска толеранција и само на тој начин вистински и искрено ќе се приближат до своите верници.

Само 10 проценти од модерните држави се етнички хомогени. Големо мнозинство од 90 проценти од земјата е составена од повеќе нации или содржи голем број на малцинства.. Сепак, повеќето од овие држави се дефинираат како моноетничка нација-држава.

Џихадот е интегрален дел од секоја форма на исламот, па и од оној таканаречен исламизам/ исламскиот радикализам е најсоодветниот термин за објаснување. Џихадот не е само војна, тој е триумф над исламот.

Бегалската мигрантска криза може да претставува од една страна цивилизациски џихад, од друга страна барање спас од завоените подрачја и барање среќа на друга територија, која отсекогаш била мнозинско христијанска. Демографската и геополитичката промена може да создаде тешко предвидливи состојби за во иднина. Големиот број мигранти кои транзитираа преку нашата држава, кои за главна цел ја имаат Германија, создава опасност и за Европа, Балканот и за Македонија. Степенот на претпазливост треба да биде поставен на највисоко безбедносно скалило, преку кое ќе се овозможи следење на ситуацијата, и да не се дозволи изненадување од било каква природа.

Не треба да се занемари самиот податок дека религиозноста е индивидуална појава, и никако не смее редукционистички да се толкува само во контекст на општеството и општествените промени, религиозноста не е хомогена појава. Постојат

различни профили на верници од оние на кои најмногу им одговара она што црквата го пропишува, до оние кои развиваат индивидуален тип на религиозност, која не е усогласено со претходното толкување.

Само декларативното определување дека сте религиозен, не мора под дифолт да значи дека сте апсолутен верник. Самото поистоветување со верската институција, без вистинското придржување кон вредностите и практичните работи што ги проповеда црквата, џамијата или синагогата, можеме само да бидеме сигурни дека постои до некаде религиозност, но, не до оној степен за апсолутен верник, барем во случајот со нашата држава.

Националните и верските прашања во нашата држава секогаш имале призвук од минатото. Минатото како сениште надвиснува над секоја посериозна расправа и на верниците и на религиозните достоинственици, во односот на прашањата од етнички или религиозен карактер. Токму поаѓајќи од тој податок, и МПЦ и ИВЗ, се согласни дека треба да се вложат напори да се изнајдат најсоодветни методи за верниците да можат најодговорно да си имаат свој приватен простор во самото толкување на верата, да се почитува демократијата, плурализмот на општеството, неговиот секуларен карактер, и точно да се оддели функционирањето на религиозните институции и државните институции. Доколку соработката во однос на прашањата за безбедност на државата се поставени високо на агендата на државните лидери, тогаш неопходна е соработка во кои свои напори ќе вложат и религиозните достоинственици и државните органи, во насока на зачувување на безбедноста и посериозен пристап кон овој значаен проблем. Детектирање на слабостите и нивно афирмирање преку конференциски собири, кои се во насока на промовирање на зедничките вредности и постулати кои што ги промовираат религиите, за љубовта, мирот, толеранцијата и почитувањето на различностите, како единствен начин на чекорење кон една здрава, европска, сигурна иднина. Дали фундаментализмот е верска, социјална или политичка појава? Насилничката акција во име на исламот не е директна последица на радикални религиозни учења, туку социјалните фактори може да предиспонираат одредени луѓе на борбеност, и таквите лица, може да донесат развој на милитантниот израз.

Повеќето фундаменталистички движења личат, во важните аспекти, на протестантските секти што се појавија во Европа во опозиција со доминантната Католичка црква. Брајан Вилсон, кој го посвети својот живот на проучувањето на сектите, во минатото и сегашноста, укажува на следниве карактеристики на сектите:

(1)ексклузивност - двојната верност не се толерира, не може истовремено да се придржуваат до други учења од оние на сектата;

(2) барање за монопол врз религиозната вистина;

(3) анти-свештенички став (отфрлање на свештеничката класа, сите мажи се верува дека имаат пристап до религиозната вистина);
(4) нема верска поделба на трудот во рамките на сектата,
(5) волунтаристичка асоцијација (членството е чин на избор; потенцијалните членови обично се тестирани и треба да се докажат достојни, може да имаат иницијација);
(6) силна социјална контрола во рамките на сектата,
(7) барање за вкупна верност;
(8) сектата е протестирачка група против Црквата, нејзините учења, и нејзините свештеници (Wilson 1982: 91-95).

Потребни се проекти за дерадикализација на веќе радикализирани поединци како и проекти за рехабилитација/реинтеграција на поранешни терористи. Преземање мерки за спречување на радикализација во затворите. Програми за ресоцијализација на оние затвореници кои што отслужуваат казни затвор, со што индоктринираат и други затвореници, кои понатаму стануваат потенцијална опасност за државата. Потребен е Центар на Балканот за ваков вид акции, кои претставуваат потенцијална опасност на безбедносен план за земјите на Балканот. Само преку соработка може да се застане на патот на тероризмот. Само преку меѓурегионална соработка, може да се биде поспокоен од безбедносен аспект. Да се победи стравот е крајна цел на секоја духовна активност. Мора да постои креатор, кого, зависно дали е Божик или Бајрам, едни го нарекуваат Господ, други Алах. Бог го создал светот од Љубов, го оддржува неговото постоење со Мудрост, го создал човека според свој образ од Доблест, ја користи Вистината како мерка, а Правдата како средство за управување. Тој ги користи овие сили да го одржува редот во Универзумот. Оттука човекот треба да ги користи истите сили да го оддржува редот во човековите заедници.

За да се обезбеди духовна хармонија на човекот, потребна е синхронизација на мислите со делата. Се додека постои диспаритет, едно да се мисли и верува, а друго да се спроведува, се до тогаш, нема да се реализира до крај концептот на мултикултурализмот, како форма која е значаен белег на современиот концепт на функционирање. Секој оној, кој што ќе има намера да стане дел од некоја заедница, или нација, мора да се адаптира на правилата на игра и да не покажува отпор, кој не е својствен на ниту една идеологија, најмалку да се злоупотребува во овој случај исламот како религија за отпорот на дел од муслиманскиот свет, кон промените што ги наметна глобализацијата. Ставовите на поединци не ја создаваат вистината. Ниту ја одразуваат суштината на една религија. Ниту црквата ниту џамијата ниту синагогата, се наш непријател. Радикализмот е на другата страна.

## Поими

**-Неоосманизам** – *систем на идеи заснован политички проект, чија што крајна цел е обединување на сите народи и територии кои некогаш припаѓале на Османлиското царство. Реализација на овие идеи во современ контекст*

**-Секуларизација-Одвојување на црквата од државата**

**-Џихад**-света војна сестран напор во име на исламот. Војна за вера, свет напор кон божјиот пат

**-Халифат**-држава со која управува Халифат

**-Халиф-**наследник на Мухамед, поглавар на муслиманската заедница

**-Харам**-недозволено шеријатско однесување

**-Хоџа-**муслимански вероучител, свештеник

**-Суфизам-**исламски мистицизам

**-Сура**-поглавје на Куранот

**-Сунити**-припадници на најбројната исламска секта

**-Ума**-мислиманска заедница нација

**-Фетва**-верско правно мислење кое го даваат алимите

**-Џемијат**-заедница, здружение

**-Џизја**-порез кој што го плаќаат немуслиманите монотеисти, кои живеат на територија на муслиманска држава, го наплаќаат само мажи, полнолетни и здрави, во тело и дух

**-Хутба**-проповед, политички обоена, се изговара во петок

**-Џенет**-рај

**-Фард**-кифаја-колективна верозаконска обврска

**-Дова**-молитва

**-Имам**-свештеник

**-Нијет**-намера

**-Реис ул улема**-поглавар улема

**-Салафи**-исламски реформист

**-Суна-**исламска традиција, врзана за исламот

**-Муџахид**-борец кој се бори во светата војна-џихадот

**-Калам-**исламска теологија

**-Дин**-вера

**-Ајатолах**-високо учен теолог кај шиитските муслимани

**-Ријасет**-врвно исламско свештенство

**-Такијаха-**идеологија на преправање од вистинската намера, прикриено делување во насока на исполнување на поставените цели од верски исламистички побуди.

## Користена Литература


A, A. (2001). *Islam today. London and New York.* I.B. Tauris.

Abootalebi, Ali Reza (2000). *Islam and Democracy. State-Society Relations in*

Adrian Hastings. (1997). *The Construction of Nationhood.: Ethnicity, Religion, and Nationalism* New York: : Cambridge ; Cambridge University Press,.

Ahmad, A. (2007). *Journey into Islam: The Crises of Globalization.* Indianopilis: Hackett Publishing.

Alija, I. (2005). *Islamot pomegu istokot i zapadot.* Skopje: Logos-A.

Analysis of the Religious Situation in Macedonian Post-Communist Society.

Anthology of Sources. Indianapolis, IN: Hackett Publishing,

Armstrong Karen, 2007 Bitka za Boga, BTC Šahinpašić, SARAJEVO

Arnold, T. (1990). *Povijest islama.* Sarajevo: Izvor i razvoj.

Barnes, H. E. ( 1982). *Uvod u istoriju sociologije.* Beograd: BIGZ.

Bene, E. (2005). *Nove religije.* Beograd: Cigoja.

Beograd: Center for study of Religion and religious tolerance

Berger, P. L. 1973.The Sosial Realitity of Religion.Penguuin.Harmondsworth

Berger, P. L. (ed.). 1999. The Desekalarization of the World: Resurgent Religion and

Berlinger, J. (2004). *Veliki leksikon religije.* Beograd: Letno doba.

Beyer, P. ( 1994). *Religion анд Globalization.* London: Sage.

Bikaj, M. ( 2003). *Biblija, kuranot I naukata.* Skopje: Logos-A.

Bulac, A. (1995). *Islam i demokratija, teokratija i totalitarizam.* Sarajevo: Izvor i razvoj.

Bulac, A.1995.islam I demokratia,teokratija I totalitarizam.Sarajevo.Izvor i razvoj Cave).

DAVIE, G. (2000). *Religion in Modern Europe.* DC: Brookings Institution Press,

*Developing Countries, 1980–1994.* New York/London: Garland.

Dirkem, E. ( 1982). *Elementarni oblici religiskog zuvot.* Beograd : Prosveta.

Djurant, V. ( 2004). *Doba vere.* Beograd : Narodna kniga.

Durkheim, E. (1965). *The Elementary Forms of Religious Life.*

Ernest, B. (2005). *Duh i zivot istocne crkve.* Zagreb: stvarnost.

Ernest, B. (2005). *Nove religije.* Beograd: Cigoja.

Esposito, J. (1992). *The Islamic threat.*

Friedman. *The Bosnian Muslims: Denial of a Nation.*

George Ritzer. (1996). *Modern Sociological Theory.*

Gerard Powers. (1998). *"Religion, Conflict and Prospects for Peace in Bosnia, Croatia and Yugoslavia." Religion and the War in Bosnia.* Atlanta, Ga: Scholars Press, .

Gerard Powers. (1998). *"Religion, Conflict and Prospects for Peace in Bosnia, Croatia and Yugoslavia." Religion and the War in Bosnia.* Atlanta, Ga: Scholars Press, .

Gerard Powers. (1998). *"Religion, Conflict and Prospects for Peace in Bosnia, Croatia and Yugoslavia." Religion and the War in Bosnia.* Atlanta, Ga: Scholars Press, .

Gijom, A. (2001). *Islam.* Skopje.: Kultu

Goldman, L. (1980). *Skriveni bog.* Beograd: BIGZ.

Hamilton, B. (2003). *Media of Religion in the Medieval West.*

Hantington, S. (2000). *Sukob civilizacije.* Podgorica: CID.

Hargrove, B. (1989). *The Sociology of Religion.* Arlington: 2nd edn, .

Herzegovina; First Edition – 1993; Filip Višnjić, Belgrade, Serbia; ISBN 86-7363-125-4;

Homeini, B. (1990). *Islamska vlast.* Beograd.

Islam (Baltimore: Johns Hopkins University Press, 1993).

*Islam, Balkan i Velike Sile XIV-XX Vek.* (1997). Beograd.

*Islam, dogma i zivot.* (2010). Beograd.

Islamic Challenge: Politics and Religion in Wester Europe Oxford: Oxford University

Izetbegovic, A. (2005). *Исламот помеѓу истокот и западот.* Скопје: Логос-А.

Jevtić, M. ( 1989). *Modern Jihad as War.* Belgrade: First Edition –Nova Knjiga,.

Jevtić, M. ( 2011 ). *Political Relations and Religion,.*

Jevtic, M. (1989). *Modern Jihad as War; First Edition* . Belgrade: NovaKnjiga.

Jevtić, M. (1994). *Muslims between Religion and Nation.*

Jevtić, M. (1995). *Od islamske deklaracije do rata u BiH.* Beograd, .

Jevtic, M. (2001). *Savremeni dzihad kao rat* .

Jevtic, M. (2008). *Religion and Power „essays on politology of religion".* Beograd.

Jevtić, M. (2011 ). *"Albansko pitanje i religija"* . Beograd

Jevtić, M. (2012 ). *Problems of Politology of Religion.*

Jevtic, M. (2013). *Dzihad u Bosni i vreme globalizacije.* Beograd .

Jevtić, M. *From the Islamic Declaration to the Religious War in Bosnia* . 1993.

Jevtić, Miroljub, "Albansko pitanje i religija" Beograd, 2011 ,

Jevtić, Miroljub, -1995,***Od islamske deklaracije do rata u BiH***, Beograd,

John Esposito. ( (3rd edition: 1999)). *The Islamic Threat: Myth or Reality?*

Joireman. *Nationalism and Political Identity.*

José Casanova, Public Religions in the Modern World (Chicago: University of Chicago Press,1994), 12-13.

Kamali, H. M. ( 1994). *Freedom of Expression in Islam.* Kuala Lumpur.

Karen, A. (2007). *Bitka za Boga.* SARAJEVO.

Karic, E. (23.07.2016). http://ivanlovrenovic.com/2016/07/enes-karic-da-postoji-evropski-islam/. *Da, postoji evropski islam* .
Kecmanović, Nenad, ***Nemoguća država,*** Filip Višnjić, Beograd, 2007.
Kincler, Klaus, 2004.***Verski fundamentalizam***, Klio, Beograd,
Koopmans, R. (2015). *Journal of Ethnic and Migration Studies* .
Lisjen, G. (1980). *Skriveni bog.* Beograd: BIGZ.
Ljubisha, R. (2003). *Fundamentalizam, cilj i sredstvo.*
Marjan, F. (1995). *Islamot kratka istorija.* Skopje: Evro-Balkan pres.
Matevski, Z. (2005). SOCIOLOGICAL ANALYSIS OF THE RELIGIOUS SITUATION IN THE MACEDONIAN POST-COMMUNIST SOCIETY.
Matevski, Z. (2005). *The sociology of religion in the Former Yugoslav republics* . Skopje.
Matevski, Z. (2008). *The challenges of Society of Religion after 1991.* Skopje.
Matevski, Z. (2017). RELIGIOUS DIALOGUE AND TOLERANCE – THEORETICAL AND PRACTICAL EXPERIENCES OF DIFFERENCES AND SIMILARITIES. *http://www.politicsandreligionjournal.com/index.php/prj/article/view/212>.*
Matevski, Z., 2005. в. Sociological Analysis of the Religious Situation in Macedonian Post-Communist Society. Во Зборник: Religion and Politics. Blagoevgrad: South-West University “Neofit Rilski”
Matevski, Z., Introducing Religious Education in Macedonia in the book: Religion and pluralism in education, CEIR, Novi Sad, 2006
Matevski, Z., Religiska tolerancija u multietnickoj i multikonfesionalnoj R. Makedoniji, u knjizi: Religija u multikulturnom drustvu, Filozofski fakultet,Novi Sad, 2005
Matevski, Z., Sociological Analisis of the Religious Situation in Macedonian Post – Communist Society, in the book: Religion and Politics, South-West University “Neofi t Rilski”, Blagoevgrad, 2005
McGinnis, Jon, and David C. Reisman, 2007.Classical Arabic Philosophy: An
McLuhan, M. (1964). *The Brain and The Media.* New York: Mc Graw Hill.
McLuhan, M. (1967). *The Medium is the Massage.* Meric, Cemil. 1997. “Leaves” (“Yapraklar”). In Magaradakiler (Those Who Live in the
Miroljub Jevtic. (1994). *Muslim between Religion and Nation* .
Miroljub Jevtić. (2012). *Problems od Politology od Religion* .
Morrison Kennet, Wahhabism in the Balkans, Advanced Research and Assessment
Mühe, ‘Muslims in the EU – Cities Report, Germany’. Quoted in Jytte Klausen, The
Mew, A. (2005). *Istorije religije.* Beograd: Plato.
People and University Library Petar Kocić, Banja Luka, Bosnia and Herzegovina; – 1996
Pew Research Center. 2007. Muslim Americans. Middle Class and Mostly Mainstream.

Pew Research Center. 2011. Muslim Americans. No Signs of Growth in Alienation or Support Press,
Prizren and Kosovo-Metohija;Center for Study of Religion and Religious Tolerance,
*Rajic, Ljubisa. 2003.* Fundamentalizam, cilj Hi sredstvo. *Bo Religijski dijalog,*
*Religija i savremeni svet.* (1987). Beograd: BIGZ.
Religious dialogue and tolerance-theoretical and practical experiences of differences and similarities. Во монографија: Politics and Religion. Beograd: Center for study of Religion and religious tolerance, Belgrade,
Said, Edward A. 1997. Covering Islam. How the Media and the Experts Determine How We See the Rest of the World. New York: Vintage Books.
Samner, V. G. ( 1969). *O obicajima",* .
Second Edition – 1995; Grafomotajica, Prnjavor, Bosnia and Herzegovina;
Serbia; Second Edition – 1995; Grafomotajica, Prnjavor, Bosnia and Herzegovina;
Smailagic, N. (1990). *Leksikon islama.*
Sociological Horizons. Blagoevgrad: Sout-West University "Neofit Rilski"
Stanford, A. J. (1985). *American Sociology: Wordly Rejections of Religion and Their Directions,.*
Sumner, W. G. (1906). *Folkways: A Study of the Sociological Importance of Usages, Manners, Customs, Mores, and Morals.*
Šušnjić, ð. (1995), Znati i verovati, Beograd: Filip Višnjić.
Šušnjic, Đuro, Religija I , II , Čigoja Štampa, Beograd, 2002
Talal Asad, Formations of the Secular (Stanford: Stanford University Press, 2003), 23.
Talal Asad, Genealogies of the Sacred: Discipline and Reasons of Power in Christianity and
Tanasković, Darko, 2010. ***Islam, dogma i život***, Beograd,
Teorije od drustvu, Vuk Karadzic, Beograd
Thompson, G. (2000). *Economic globalization* .
Tillie, Jean, Maarten Koomen, Anja van Heelsum and Alyt Damstra. 2012. Finding a Place for Islam in Europe. Cultural Interactions between Muslims and Receiving Societies. Final Integrated Research Report.
http://www.eurislam.eu/var/EURISLAM_Final_Integrated_Research_Report_1.pdf
University Neofiit Rilski"
Velikonja. *Religious Separation and Political Intolerance in Bosnia-Herzegovina.*
Vilijam Grejem Samner, 1969: „O obicajima", во: T. Parsons, E. Sils, K.Nejgel. Dz. Pits,
Voltaire.1988.Rasprava o toleranciji.Zagreb.Skolska knjiga World Politics. Grang
Washington: Pew Research Center.
Александар Мењ, 2005. Историје религије, Београд: Плато

Ахмед, А. ( 2001). *Islam today.* London and New York : I.B.Tauris.
Ацески, Илија. 2008. Социолошки огледи, Скопје: Филозофски Факултет
Бемуст Хомеини, И.(1990). *Исламска власт.* Београд: Меѓународна политика.
Jеротиč, В. (2000). *Вера и нацuја.* Београд:: Издавачкии фонд Архиепискипоје.
Маркс/Енгелс. *Марск/Енгелс, „Германска идеологија, Фоербах"...393.*
Мењ, А. (2005). *Историје религије.* Београд: Плато.
Мичунович, Д.(ед). 2000. Црква, država и цивилно društво. Београд: Центар за
Младеновски, Ѓ. (2005). *Анрополошки огледи* . Скопје: Аз-Буки.
Попов, З. (2002). *„Догматизам глобализма световне религије",*
Приморац, И. 2000. Сукоб цивилизација и преобликовање светског поретка.
проблемима толеранције у Србији и Црној Гори. Београд
*Филиповиќ, Марјан* 2006. Исламот-кратка историја. Скопје: Евро-Балкан пресс
*Филиповиќ, Марјан. 1995* Rjecnik stranih rijeci. *Загреб: Medicinska Knjiga*
Хакки, А. М. (2004). *Морал муслимана.* Сарајево: Бооклине д.о.о.
Хараламбос, М. Холборн, М. . (2002). *Socioloski teme i perspektive.* Zagreb .
Хафиз, М. Чаушевиќ, Х. 1969. Куран Часни. Загреб:Стварност
Хаџич, О. Н. 1987. А.С. И Куран. Загреб: Старешинство БиХ, Хрватска,
Хејвуд, Е. 2005. Политичке идеологије. Београд
Хити, Ф. 1973. Историја Арапа. Сарајево: Веселин Маслеша.
Хоџич, Д. (2005). *Politicke ideologije.* Beograd: Zavod za ucebnike i nastava.
Хоџич, Д. (2008). *Организација исламских заједница у региону Сарајево.*
Шариф, М. (1963). *Историја исламске филозофије.* Загреб.
Vlaisavljevic, U. 2003. Ethno-politics and the divine god. Transeuropeennes 23. Religions in Politics 2, 91–106.
Xhaferi, A. 2009. Sfida osmane [Ottoman challenge]. Gazeta Shekulli, October 13. http:// www.shekulli.com.al/2009/10/31/sfida-osmane.html
http://religija.mk/papata-postoi-razlika-megju-islamot-i-terorizmot/01/08/2016. (n.d.). *religija.mk.* Retrieved from http://religija.mk/papata-postoi-razlika-megju-islamot-i-terorizmot/01/08/2016
http://www.globalmissiology.org/portugues/docs_html/featured/wan_literature_ethnicity_april_2009.html
http://www.idividi.com.mk/vesti/evropa/889432/index.htm
I, P. (2000). *Сукоб цивилизација и преобликовање светског поретка.* Beograd.
*idividi.mk.* (n.d.). Retrieved from http://www.idividi.com.mk/vesti/evropa/889432/index.htm
Ilija, A. (2008). *Socioloski ogledi.* Skopje: Filozofski fakultet.